# МЕРЕЊЕ НА ПОЛИТИЧКИ ШТЕТНИ НАРАТИВИ

Институт за комуникациски студии

ШТЕТ-НА

Институт за комуникациски студии

respublica

**Наслов на публикацијата:**
Мерење на политички штетни наративи (ШТЕТ-НА)

**Издавач:**
Институт за комуникациски студии
ул. „Јуриј Гагарин“ 17-1-1, Скопје
www.iks.edu.mk

**За издавачот:**
вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска

**Едиција:**
ResPublica respublica

**Автори:**
Вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска
Проф. д-р Елеонора Серафимовска
Александра Теменугова
Проф. д-р Весна Шопар
Проф. д-р Маријана Марковиќ
м-р Бојан Георгиевски
м-р Михајло Лахтов
м-р Мила Стаменова
Асс. м-р Теа Конеска-Василевска
Дарко Малиновски
Владимир Делов

**Уредник:**
вонр. проф. д-р Жанета Трајкоска

**Јазична редакција:**
Проф. д-р Симона Груевска-Маџоска

**Графички дизајн:**
Татјана Коцева Спирова

**Техничко уредување:**
Дејан Јовески

**Место и година:**
Скопје, 2024

# Содржина


Вовед 4

1. Мониторинг на комуникациските практики и наративи на политичките актери преку нивните интернет- и фејсбук-страници 5

1.1. Комуникациски практики на политичките партии и нивните лидери во јануари 2024 6

Најчести штетни наративи 8

Мониторинг на комуникацијата на членовите на Владата на РСМ преку официјалните фејсбук-страници во јануари 2024 23

1.2. Комуникациски практики на политичките партии и нивните лидери во февруари 2024 24

Најчести штетни наративи 27

Мониторинг на комуникацијата на членовите на Владата на РСМ преку официјалните фејсбук-страници во февруари 2024 43

1.3. РЕЗИМЕ 45

2. Мониторинг на медиумското известување за политичките актери 50

2.1. Извештај за мониторингот на известувањето на онлајн - медиумите за политичките актери 51

Извештај за јануари 2024 година 51

Извештај за февруари 2024 година 60

2.2. Извештај за мониторинг на известувањето на ТВ-станиците за политичките актери 69

Извештај за јануари 2024 година 70

Извештај за февруари 2024 година 81

2.3. РЕЗИМЕ 95

Клучни карактеристики за известувањето на онлајн-медиумите во јануари и февруари 2024 95

Клучни карактеристики за известувањето на ТВ-станиците во јануари и февруари 2024 97

# Вовед

Третиот извештај „Мерење на политички штетни наративи (ШТЕТ-НА)“ е сублимат на податоците од мониторингот на комуникациските практики на политичките актери во **јануари и февруари 2024** во кои се идентификувани штетни наративи. Дополнително, извештајот содржи анализа како овие штетни наративи се третирани во централните информативни изданија на девет телевизии и 20 онлајн-медиуми. Исто како во првиот извештај (септември и октомври) и вториот извештај (ноември и декември) 2024 година, и тука емпириски се доловени содржината и обемот на штетните наративи пропагирани од политичките актери, интензитетот, темите и субјектите кон кои се насочени негативните пораки. Притоа, во извештајот се посочени прекршувањата на стандардите и начелата за недискриминирачка и транспарентна политичка комуникација од страна на политичките претставници, како и стандардите за професионално и етичко новинарско известување.

Податоците содржани во овој извештај се добиени со комбинација на повеќе методи и техники: квантитативно-квалитативна анализа преку мониторинг – набљудување, следење и утврдување присуство на претходно дефинирани индикатори (вкупно 14), кои пак се поврзуваат со некои од 16-те штетни наративи; критичка дискурзивна анализа – испитување на јазикот, реториката и стратегиите за врамување што ги користат политичките актери и медиумите. Методолошката рамка, примероците и динамиката на следење, како и детали за целиот истражувачки процес се достапни на: ШТЕТ-НА.

Истражувањето „Мерење на политички **штет**ни **на**ративи“ (**ШТЕТ-НА**), Институтот за комуникациски студии (ИКС) го реализира во рамките на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија: Користи факти“, поддржан од Британската амбасада во Скопје. Истражувањето е лонгитудинално и во текот на 2023 и 2024 година во неколку фази го спроведува тим од ИКС во соработка со истражувачи и експерти од областа на комуникациите и медиумите, како и со медиумски професионалци во делот на мониторингот и на контролата.

# 1. Мониторинг на комуникациските практики и наративи на политичките актери преку нивните интернет- и фејсбук-страници

Мониторингот на штетните наративи во јавниот дискурс на политичките актери е вториот дел од истражувањето „Мерење на политички штетни наративи“. Истражувањето го утврдува начинот на кој комуницираат политичките актери во јавноста кога користат штетни наративи, темите кои најчесто се предмет на штетни наративи, видовите штетни наративи, во која форма се креираат и дистрибуираат, кому се насочени и кои принципи и начела на етичката и на професионална комуникација ги прекршуваат. Предмет на мониторингот се интернет- и фејсбук-страниците на десет политички партии кои се застапени со најмалку двајца пратеници во Собранието (Алијанса на Албанците, Алтернатива, ДУИ, Демократско движење, ВМРО-ДМПНЕ, Левица, ЛДП, Нова социјалдемократска партија, СДСМ, Социјалистичка партија). На Фејсбук се мониторирани и профилите на лидерите на политичките партии, како и профилите на претседателот на Владата на РСМ, замениците на премиерот и министрите во Владата.[1]

Комуникацијата на политичките актери е потребно да се гледа и во поширок општествен контекст, односно претседателските и парламентарните избори кои ќе се одржат на 24 април, односно 8 мај. Со формирањето на преодната Влада во јануари 2024 година се забележува и промена во политичкиот дискурс. Комуникациите се почести, поостри и понасочени кон политичките опоненти, при што се користи скоро секоја тема од јавен интерес за да се промовира сопствената политичка идеологија, а да се нападне противникот. Притоа, доминираат поларизирачките наративи за про- и антиевропска ориентираност кои во овие два месеца се зацврстија во изборните реторики.







**Денови на мониторинг на политичките актери во јануари:**
2, 3, 6, 7, 10, 11, 14, 15, 18, 19, 22, 23, 26, 27, 30, 31 јануари (вкупно 16 денови).[2]

**Денови на мониторинг на политичките актери во февруари:**
3, 4, 7, 8, 11, 12, 15, 16, 19, 20, 23, 24, 27, 28 февруари (вкупно 14 денови).[3]

1 На крајот од месецот се формираше преодна влада за спроведување избори и направена е соодветна измена во мониторингот на профилите на новиот премиер и министрите од преодната Влада. Нов премиер е Талат Џафери, министер за внатрешни работи е Панче Тошковски, министер за труд и социјална политика е Ѓоко Велковски.

2 Динамиката за следење на содржините на политичките актери е „секој последователен трет и четврти ден во месецот“.

3 Динамиката за следење на содржините на политичките актери е „секој последователен трет и четврти ден во месецот“.

## 1.1. Комуникациски практики на политичките партии и нивните лидери во јануари 2024

Мониторингот на политичките партии за јануари 2024 година покажува дека ниската политичка култура на јавна комуникација на политичките актери, нотирана и во претходните извештаи, продолжува и во првите два месеца од 2024 година. Опозициските политички актери претежно ги критикуваат владејачките актери за коруптивно однесување, за нечесно, непрофесионално и нетранспарентно извршување на функциите. Политичките актери од владејачките партии пак ги критикуваат и етикетираат опозициските актери како неевропски, кочничари на европската интеграција на земјата, како и политички опции кои и кога би дошле на власт нема да работат за доброто на народот, а притоа не се нудат конкретни докази или факти за изречените наводи.

Политичката комуникација е очекувано да содржи критика кон противниците, но политичките критики преминуваат во комуникација со штетни наративи кога се нудат наводи кои не се поткрепени со факти и докази, кога се даваат непроверени податоци, се користи навредувачки јазик и етикетирање кон политичките противници. Со примена на ваков дискурс се нарушуваат начелата на етичка и професионална комуникација, а од носителите на јавни функции и од кандидатите за јавни функции се очекува транспарентна, отчетна и точна комуникација која ќе биде во согласност со нивните заложби дека работат за доброто на граѓаните.

Мониторингот за месец јануари не покажал објави со штетни наративи на интернет- и фејсбук-страниците на партиите ЛДП, Нова социјалдемократска партија и Социјалистичка партија, како и на страниците на нивните лидери.

Анализата во прилог се однесува само на комуникациите на политичките актери во кои се идентификувани штетни наративи, со упатување на индикаторите кои ги означуваат различните штетни наративи.

Во периодот од 1 до 31 јануари, мониторингот на интернет- и на фејсбук-страниците на 10-те политички партии и на нивните лидери идентификувал **75 објави на интернет-страниците** на партиите и **73 фејсбук-објави** коишто содржат штетен наратив.

Табела 1: Приказ на објави со штетен наратив според политички актер (интернет и Фејсбук) во јануари 2024



Мониторингот утврдил дека повеќе од половина, односно 61,3 проценти од идентификуваните штетни наративи на **интернет-страниците** на партиите за месец јануари се од партијата **ВМРО-ДПМНЕ, 29,3 проценти од СДСМ и 8 проценти од Левица**.[4]

На **фејсбук-страниците**, исто како и изминатите месеци, најмногу штетни наративи се нотирани кај партијата **Левица (43,8 %) и кај нејзиниот лидер Димитар Апасиев (11 %)**, додека во јануари за прв пат мониторингот нотирал штетен наратив на профилот на лидерот на ДУИ, Али Ахмети. Од мониторираните страници на владините претставници, овој месец се забележува по еден штетен наратив кај вицепремиерот Артан Груби и министерот за економија Крешник Бектеши. Интересно е да се забележи дека на фејсбук-страниците на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ идентификувани се сличен број објави со штетни наративи, но не се забележани штетни наративи на профилите на лидерите на двете партии, што укажува на повнимателна и политички коректна комуникација на личните, за разлика од партиските, фејсбук-страници.[5]

Доколку се земе вкупниот број мониторирани комуникации и се спореди со бројот на штетни наративи, може да се забележи дека продолжува трендот од изминатиот месец. На интернет-страниците мониторингот нотирал најмногу штетни наративи во објавите на Левица, во 75 проценти од интернет-објавите, додека кај СДСМ во 43,1 проценти, кај ВМРО-ДПМНЕ во 27,7 проценти, а кај ДУИ 25 проценти од вкупниот број интернет-објави.

Слично и на фејсбук-страниците, мониторингот нотирал најмногу објави со штетни наративи кај партијата Левица и кај нејзиниот лидер Димитар Апасиев, каде во 65,3 проценти од фејсбук-објавите на Левица и во 40 проценти од објавите кај Апасиев се забележуваат штетни наративи. Дополнително, од фејсбук-мониторингот се забележува дека штетни наративи се присутни во 71,4 проценти од комуникацијата на Демократско движење и во 80 проценти од комуникацијата на лидерот Изет Меџити. Кај Алтернатива, 75 проценти од објавите содржат штетен наратив и 33,3 проценти од објавите на лидерот Африм Гаши.

Табела 2. Фреквенции на објави со и без штетен наратив (јануари 2024)




4 На интернет-страницата на Алијанса на Албанците, Алтернатива, Демократско движење, ЛДП, Нова социјалдемократска партија и Социјалистичка партија не се забележани штетни наративи.

5 На фејсбук-страниците на Алијанса на Албанците, на Арбен Таравари, Христијан Мицкоски, Моника Зајкова, Горан Мисовски, Љупчо Димовски, ДУИ, ЛДП, НСДП и Социјалистичка партија на Македонија не се забележани штетни наративи.

Денови со најмногу штетни наративи се 10 јануари (13), 18 јануари (16) и 22 јануари (14), кога најчести теми во домашните медиуми биле од внатрешната политика. На 10 јануари во медиумите е актуелен случајот со насилниот упад во акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги на воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, формирањето преодна Влада за спроведување на изборите, нападите помеѓу владејачката албанска партија ДУИ и албанската опозиција околу наводна инволвираност на премиерот на Косово, Албин Курти и на премиерот на Албанија, Еди Рама во внатрешната политика во државата. На 18 јануари најактуелна тема е случајот со пробивање на роковите за промена на личните документи и на патните исправи на граѓаните со новото уставно име на државата и забележана е поинтензивна комуникација од СДСМ со критика кон локалните власти од редовите на ВМРО-ДПМНЕ. Дополнително, сè уште е актуелна темата за случајот со М-НАВ.

На 22 јануари најактуелна тема од домашната политика е штрајкот на Јавното сообраќајно претпријатие ЈСП поради неисплата на плати на вработените.

Други актуелни теми во јавноста во јануари се кандидатите за претседател за претстојните избори, посетата на шефот на Одделот за координација на санкциите при Стејт департментот на САД и именуван помошник-државен секретар за Европа и Евроазија Џејмс О'Брајан во Скопје, а од темите од светот присутни биле вестите од Светскиот економски форум во Давос и воените агресии во Украина и во Газа. Најретките теми за кои се идентификувани штетни наративи се социјалната политика и културата.

Повторно се забележува истиот тренд во поглед на најзастапената форма на објавите со штетни наративи. На интернет-страниците штетните наративи најчесто се објавувани во форма на соопштенија, додека најретки се изјавите, говорите и интервјуата. На фејсбук-страниците се забележува поголема разноликост во формата на објавите со штетни наративи, но повторно најзастапени се како соопштенија, прес-конференции и интервјуа, а најретко се забележуваат изјавите како форма на објава во која се забележуваат штетни наративи.

Продолжува практиката соопштенијата кои се објавуваат до медиумите да се објавуваат и на интернет-страниците на политичките актери, како и на нивните фејсбук-страници за досег до поширока публика.

## Најчести штетни наративи

Мониторингот покажал дека штетните наративи кои ги користат политичките актери се слични како и во претходните месеци. Најчесто се користат непроверени наоди како основа за обвинување на политички противници и непоткрепени тврдења за корумпираност, непрофесионалност и злоупотреба на службена должност. Следни најчесто употребувани индикатори за штетни наративи на обата комуникациски канала се етикетирањето, исмевањето и грубото непочитување на политичките противници, како и намерното непренесување информации со што не се презентира целосната слика на настанот. На интернет-страниците поретко се забележуваат обиди за оцрнување одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори и обвинувања за мешање на странски ентитети во домашните политички процеси спротивно на државните интереси. На фејсбук-страниците дополнително често се забележува и промовирањето на сопствените идеологии како нешто што е човечно и во корист на народот, додека карактеристиките на политичките противници се промовираат како нешто што служи на одредена мала елитна група луѓе.

Интересно е да се забележи дека овој месец на интернет- и на фејсбук-страниците има ист број (6) идентификувани објави со штетен наратив кои содржат слики, видеа и аудиозаписи кои се креирани со цел да ја доведат јавноста во заблуда.

Табела 3: Приказ на застапеност на индикаторите за штетни наративи (интернет и Фејсбук) за јануари 2024



Во дискурсот на СДСМ нотирано е дека продолжува трендот најчесто да користат непроверени наоди како основа за обвинување на политичките противници и непоткрепени тврдења за корумпираност, непрофесионалност и злоупотреба на службената должност. На интернет-страницата се забележува и промовирање на сопствените идеологии како нешто што е во корист на народот, за разлика од политичките противници, оцрнување на политичките противници со цел да се предизвикаат поделби и раздори, како и негативно етикетирање.

Исто како и СДСМ, и ВМРО-ДПМНЕ продолжува да користи непроверени наоди и тврдења за корумпираност. Често се забележува и етикетирање на политичките противници и нецелосно пренесување информации, како и популистичко промовирање на сопствените интереси наспроти оние на опонентите. Покрај овој тренд, интересно е да се забележи дека на нивната фејсбук-страница овој месец најчесто се забележуваат слики, видеа и аудиозаписи кои се креирани со цел да ја доведат јавноста во заблуда, а мониторингот покажал и мал број дезинформации кои се објавени како соопштенија.

Во едната идентификувана објава со штетен наратив на интернет-страницата на ДУИ се забележува намерно непренесување информации, додека на фејсбук-страницата на лидерот Ахмети е нотирана една етноцентристичка објава во која се велича сопствената етничка припадност, за разлика од другите кои се сметаат за помалку важни.

Кај Левица, покрај најчесто употребуваните штетни наративи со непроверени наоди и тврдења за корумпираност, овој месец често се забележува и етикетирање и оцрнување на политичките противници со цел да се предизвикаат поделби и раздори во општеството. На фејсбук-страницата на лидерот Апасиев може да се забележат многу од  идентификуваните индикатори за штетни наративи со исклучок на манипулативна аудиовизуелна содржина.

На фејсбук-страницата на Алијанса на Албанците идентификувани се непроверени наоди и величање на сопствената етничка припадност, додека на страниците на Европскиот сојуз за промени најчесто се забележуваат непроверени наоди и неосновани тврдења за корумпираност, но и популистичка реторика.

Табела 4: Приказ на застапеност на штетни наративи во објавите на политичките партии на интернет-страници (јануари 2024)




| | ДУИ | Левица | СДСМ | ВМРО ДПМНЕ |
|---|---|---|---|---|
| Поткопување на довербата | | 4 | 12 | 57 |
| Пристрасно селектирање | 1 | 7 | 26 | 64 |
| Поттикнување поделби | | 3 | 3 | 3 |
| Популизам | | 1 | 5 | 11 |
| Напади на личност, Демонизација | | | 3 | 24 |
| Теории на заговор | | | | 1 |
| Странско влијание | | | | 2 |
| Ширење паника, страв и несигурност | | 1 | | 5 |
| Говор на омраза | | | | 0 |
| Дезинформации | | | 2 | 2 |
| Манипулативна аудиовизуелна содржина | | | | 8 |
| Екстремен Патриотизам | | 1 | | |

Со користење на гореспоменатите индикатори, на интернет-страниците партиите најчесто развивале штетни наративи на пристрасно селектирање информации кои ја наведуваат јавноста на погрешни заклучоци и се обидувале да ја поткопаат довербата во институциите.

Во вкупно 46 интернет-објави на ВМРО-ДПМНЕ во кои се идентификувани 177 делови од комуникацијата кои се оценети како штетни, најчесто, односно 64 пати пристрасно селектирале информации и 57 пати се обиделе да ја поткопаат довербата во институциите. Следни најчесто присутни штетни наративи на интернет-страницата на ВМРО-ДПМНЕ се напади и демонизација на политичките противници (24 пати), популизам (11 пати). Мониторингот поретко утврдил дезинформации, обиди за ширење паника, страв и несигурност и поттикнување општествени поделби, наводни штетни странски влијанија, манипулативна аудиовизуелна содржина.

Во 22 идентификувани интернет-објави со штетни наративи од СДСМ, се забележуваат вкупно 51 обид за развивање штетни наративи. Најчесто се вршела пристрасна селекција на информации и поткопување на довербата во институциите, а поретко се забележува популизам, напади и демонизација на политичките противници, поттикнување поделби и две нотирани дезинформации.

На интернет-страницата на Левица со сличен тренд најчесто се развивале штетни наративи на пристрасна селекција на информации, поретко се користел наратив за поттикнување општествени поделби и поткопување на довербата во институциите, а по еднаш се служеле и со популизам, ширење паника, страв и несигурност и поттикнување екстремен национализам и патриотизам.

Табела 5: Приказ на застапеност на штетни наративи во објавите на политичките партии на Фејсбук




| | Димитар Ковачевски | Алијанса на Албанците | Али Ахмети | Африм Гаши | Крешник Бектеши | Артан Груби | ДУИ | СДСМ | Алтернатива | Изет Меџити | Демократско движење | Димитар Апасиев | ВМРО-ДПМНЕ | Левица |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дезинформации | | | | | 1 | | | | | 3 | | | | |
| Поттикнување поделби | 1 | | | | | | | | | | | 2 | | 7 |
| Поткопување на довербата | | | | | | | | 2 | 3 | 2 | 4 | 6 | 5 | 25 |
| Популизам | | | | | | | | | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| Пристрасно селектирање | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 7 | 5 | 9 | 7 | 11 | 29 |
| Напади на личност, демонизација | | | | | | | | | 2 | | 1 | 3 | 1 | 8 |
| Странско влијание | | | | | | 2 | | | | 1 | | 1 | | |
| Ширење паника, страв и | | | | | | | | | | | | 2 | 2 | 3 |
| Етноцентризам | | 1 | 1 | | | | 2 | | | | | | | |
| МАВМС | | | | | | | | | | | 1 | 1 | 6 | |
| Екстремен патриотизам, и/или национализам | | | | | | | 1 | | | 1 | | 1 | | 1 |

На фејсбук-страниците се забележува истиот тренд на најчестите штетни наративи на пристрасно селектирање информации кое води до погрешни заклучоци во јавноста (75 пати) и поткопување на довербата во институциите (47 пати), додека на трето место се нападите и демонизацијата на политичките противници (15 пати).

Фејсбук-мониторингот за јануари забележува четири дезинформации, од кои три на профилот на лидерот на Демократското движење, Изет Меџити, и една објава со дезинформација од профилот на министерот за економија од редовите на ДУИ, Крешник Бектеши.

Во јануари на две фејсбук-страници, на вицепремиерот Груби и министерот Бектеши, кои доаѓаат од партијата ДУИ, се забележани штетни наративи.

## Социјалдемократски сојуз на Македонија - СДСМ

Во јануари продолжува истиот тренд во комуникацијата на СДСМ со фокус на теми од внатрешната политика. Партијата продолжува со себепретставување како клучен двигател на европскиот пат на земјата, со што често се става фокус и на наративот за придобивките од интеграцијата на земјата во ЕУ. Покрај презентацијата на нивната ЕУ-ориентираност, може да се забележи дека се претставуваат и како транспарентна партија која ја брани правдата.

Месецов, повторно се забележува трендот на повторување на истите јавни комуникации и објави на различни канали и во различни формати, а може да се забележи и дека кога нема фотографии и видео од личности и настани, често се користи црвениот плакат на партијата СДСМ како илустрација покрај текстот.

Во 22 идентификувани објави со штетен наратив од вкупно 106 на интернет-страницата на партијата и пет од вкупно 54[6] на фејсбук-страницата, фокусот е на критика кон ВМРО-ДПМНЕ која ја нарекуваат „ДПМНЕ“, лидерот Християн Мицкоски кој го нарекуваат „пишман аџија“ и локалната власт од ВМРО-ДПМНЕ, а често (во 6 од 22 штетни објави на интернет) се споменува и Јавното сообраќајно претпријатие - ЈСП.

На интернет од вкупно 22 објави со штетен наратив, 13 се однесуваат на критика на локалната власт вклучително и на Градот Скопје, пет се однесуваат на претстојните избори, три се однесуваат на изборот на преодната Влада, три на односите власт - опозиција и една на промената на личните документи, додека во петте фејсбук-објави со штетен наратив кои се видеа од изјави и една прес-конференција, најчесто се зборува за преодната Влада, критика на локалната власт и состојбите во јавниот превоз во Скопје. Ден со најмногу штетни наративи на интернет-страниците е 22 јануари, кога СДСМ продуцирале штетна комуникација околу состојбите со ЈСП, односно штрајкот на вработените поради неисплатени плати, каде ги обвинувале ВМРО-ДПМНЕ за блокирање на одлуки во Советот на Град Скопје со кои би се исплатиле субвенции на ЈСП за да продолжи да функционира.

Еден од бројните примери со обиди за поткопување на довербата во локалните општини предводени од градоначалници од редовите на ВМРО-ДПМНЕ е соопштението од 18 јануари „ДПМНЕ знае само за раце во медот, три пати поскапа машина купена во Велес од иста таква во Центар“: *Општина Велес, раководена од ДПМНЕ набавува една машина за бележење хоризонтална сигнализација за 42.000 евра. А*

6 54 фејсбук-објави во определените денови за мониторинг. Во месецот објавени се вкупно 105 содржини.

*Општина Центар, купува иста таква машина, за три пати помала цена, односно околу 13.000 евра... Прашањето е во чии џебови завршила разликата?*, во кое со непоткрепени тврдења за корумпираност, непрофесионалност и злоупотреба на службената должност, како и непроверени наоди се развива штетен наратив со пристрасно селектирање информации кои водат до погрешни заклучоци и поткопување на довербата во Општина Велес (во претходните месеци се игнорираа критиките на опозициската ВМРО-ДПМНЕ за работата на локалните власти водени од СДСМ). Исто така, оваа објава е пример за комуникациската стратегија на СДСМ со повторување исти пораки и теми во различни денови и на различни комуникациски канали, бидејќи оваа е шеста од серијата објави за истиот случај, која ја пласираа претходно и на 14, 15 и 18 јануари.

Месецов, на интернет-страницата на СДСМ се забележани две објави со дезинформации. На истата тема и со сличен наратив како претходниот пример, на 18 јануари со соопштение за јавност насловено „Се редат скандали во општините под ДПМНЕ, Пецаков доделил пари на клуб во кој е основач", СДСМ во обид да ја поткопа довербата на институцијата Општина Охрид, изнесува непоткрепени наоди за корупција - *По сомнителните набавки на машини по астрономски цени, неколкупати повисоки од реалните, градоначалникот на Охрид, Кирил Пецаков, доделил пари на ракометен клуб во кој самиот тој е основач. Над 250 илјади евра, како што е објавено во Службениот гласник на Општина Охрид број 14 од 28.12.2023 година, се исплатени на ГРК Охрид од Општина Охрид како директна поддршка. Сопственик на ГРК Охрид АД Охрид е РК Охрид 2013 каде основач на ракометниот клуб е токму градоначалникот Кирил Пецаков. Значи Пецаков преку Општината индиректно си префрла пари на самиот себе си!?* и непроверени наоди - *Сите аспекти треба да се утврдат затоа што постои основано сомневање дека на ваков начин може да се испумпуваат пари на граѓаните и потоа да се злоупотребуваат...*, со што се формира дезинформациски заклучок дека „нема општина во државата која е водена од ДПМНЕ, а за која нема скандал поврзан со финансиите, јавните набавки и парите на граѓаните. Ништо не се менува во ДПМНЕ, тоа е истата партија на која не - се битни граѓаните, туку само личното богатење на одредена група луѓе". Дополнително, на 23 јануари со соопштение за јавност насловено „(Фото) Додека вработените во ЈСП мрзнеа на улици, советниците на ДПМНЕ договараа како да ги изиграат" СДСМ објавила информација со наводно „скандалозни фотографии од седницата на Советот на Град Скопје", со кои тврдат дека советниците на ДПМНЕ се договарале, по диктат на Илија Димовски, идентично како во време на режимот на ДПМНЕ, како да ги „изиграат" вработените во ЈСП со противење на одлуката да им се доделат субвенции.

На темата околу формирањето на преодната Влада, најинтензивна е комуникацијата при крајот на месецот, кога на 30 јануари, на интернет-страницата на партијата, се објавени соопштението „ДПМНЕ влезе во Влада со ДУИ, пишман аџија Мицкоски се загуби" и прес-конференцијата на портпаролката Богданка Кузеска „ДПМНЕ влезе во Влада со ДУИ, на Мицкоски не може да му се верува", со кои се повторува и се зајакнува обвинувањето кон лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Мицкоски дека лажел и со негативни етикети и штетен наратив се прави демонизација на личноста – *Нека излезе сега пишман аџијата Мицкоски и нека им објасни на граѓаните, но и на неговите членови: Зошто ја проблематизираше техничката Влада кога на крај влезе во Влада со ДУИ?... Мицкоски нема став, ниту политички капацитет да донесе некаква одлука, дефинитивно не знае што со себе, ниту со партијата.*

Следниот ден, на 31 јануари се повторуваат истите пораки во соопштението „ДПМНЕ влезе во Влада со ДУИ, сè што кажа Мицкоски излажа". Истиот ден, дополнително е објавена прес-конференцијата од пратеникот Костовски на фејсбук-страницата на партијата со истите непроверени наоди со кои се развива штетен наратив на пристрасно селектирање информации и аргументи: *Се виде, се покажа, Христијан Мицкоски, сè што кажа излажа. Нели единствен услов му беше ДУИ да не биде дел од Владата? Нели велеше дека прифаќа сè само Влада без ДУИ не прифаќа? Е па толку, пу пу не важи. ДПМНЕ седна во Влада со ДУИ. Министрите на ДПМНЕ му се поклонија на Талат Џафери.*

Дополнително, овој месец се забележува штетен наратив во критичките објави на СДСМ кон ВМРО-ДПМНЕ со кој се прави асоцијација на ВМРО-ДПМНЕ со „хорор", како на пример соопштението на ин-

тернет-страницата од 26 јануари насловено „Хоророт на Мицкоски и ДПМНЕ ќе го поразиме на 8 мај“, соопштението од 27 јануари насловено „Изборот е хорор со Мицкоски и ДПМНЕ или европска иднина и поголеми плати со СДСМ“ и соопштението од 30 јануари „Уште 98 дена до 8 мај и победа на СДСМ и проевропската коалиција!“. Во овие соопштенија се користат непроверени наоди *„Мицкоски најави дека работата на техничката Влада ќе биде хорор, каде што ќе се кубеле за коси на седници. Тоа е пристапот на којшто функционира ДПМНЕ и покажува дека ништо не е сменето во оваа партија. Обидот за хорор на Мицкоски и ДПМНЕ ќе биде поразен на 8 мај.* (Соопштение, 26 јануари), со кои се развива штетен наратив на селективно изнесување податоци за некој настан што се чини дека потврдуваат една позиција, додека се игнорираат други податоци што ја побиваат таа позиција, односно вадење од контекст на употребата на зборот „хорор“ од страна на Мицкоски и насочување кон заклучок дека владеењето на ВМРО-ДПМНЕ предводено од Мицкоски би било еднакво на „хорор“. Исто така, се забележува и оцрнување на ВМРО-ДПМНЕ со цел да се предизвикаат општествени поделби и раздор помеѓу „нашето кое е добро“ и „вашето кое е лошо“ - *Со Мицкоски и ДПМНЕ нема иднина, нема членство во ЕУ, туку враќање назад во изолација, неизвесност, криминал, корупција, поделби меѓу граѓаните, мали плати и пензии. Од друга страна се СДСМ и Ковачевски кои гарантираат безбедност, стабилност, демократија, слобода и европска иднина на сите граѓани со поголеми плати и пензии, со поголем животен стандард. (Соопштение, 27 јануари)*

Слично, на првиот ден по заминувањето од премиерската функција, на фејсбук-страницата на Ковачевски објавено е видео од промовирање на канцеларија на СДСМ во Центар, Скопје и порачува: *На изборите на 8 мај пред граѓаните се два концепта. Изборот е поголеми плати, пензии, инвестиции и повеќе пари за граѓаните со СДСМ и европскиот фронт. Или помали плати, работници како евтина работна сила и фрлање пари за споменици, жални врби и криминални проекти со ДПМНЕ. Изборот е извесна европска иднина со СДСМ и европскиот фронт, безбедност, стабилност, слобода и демократија. Или изолација, уназадување, враќање назад во црното минато со загрозена слобода на говор и задушена демократија со ДПМНЕ.* (Видеообјава на фејсбук-страницата на Димитар Ковачевски, 30 јануари)

## Демократска унија за интеграција – ДУИ (Bashkimi Demokratik për Integrim – BDI)

Во јануари, кај политичката партија ДУИ забележани се неколку клучни карактеристики во комуникацијата. Првата е дека партијата ја засилува биполарната проевропска/антируска реторика, овојпат и со промоцијата на слоганот „НЕ за Русија, ДА за Европа“ (објава на профилот на вицепремиерот Артан Груби на 22 и на 23 јануари), којшто е и белег на предизборната кампања на ДУИ за претстојните претседателски и парламентарни избори.

Втор специфичен пример е со пристрасното селектирање информации кога партијата информира за средбата со холандскиот амбасадор Дирк Јан Корп. Во соопштението од 10 јануари на интернет-страницата на ДУИ навидум нема штетни наративи: *...Владеењето на правото и проверката за сите судии и обвинители беше дел од разговорот и на средбата на Ахмети со амбасадорот Дирк Јан Коп. Законот за ветинг за судии, обвинители и политичари е подолго време во Собранието, но ЕУ првично имаше резерви во овој процес, повикувајќи се на примерот на Република Албанија. Што се однесува до Врховниот суд, Ахмети подвлече дека е во надлежност на Судскиот совет да постапува според законите. Според извештаите, до денес имало повеќе дисциплински постапки и во нивна надлежност е да постапуваат во согласност со законот и без внатрешен или надворешен притисок.* Сепак, бројни објави во медиумите информираа дека амбасадорот Коп изнел различни ставови по средбата и го критикувал Ахмети за влијанија во судството, па оттука може да се заклучи дека во оваа објава на ДУИ намерно не се пренесува целосната слика за „настанот“ и со тоа се развива штетен наратив на пристрасна селекција на информации со кои се наведува јавноста на погрешни заклучоци. Дисонантните тонови од средбата Ахмети - Коп испровоцираа партиски реакции кои се прелеаја и во медиумите (11 јануари е денот со најмногу штетни објави во ТВ-мониторингот).

Освен овие два случаја, мониторингот покажа и една објава со етноцентризам. На фејсбук-страницата на лидерот Али Ахмети е објавено видео од интервју на претседателот на ДУИ, Али Ахмети на РТК од 30 јануари, за претстојните избори и за назначувањето нов технички премиер на преодната Влада, во кое Ахмети вели: *...Може да се постигне договор со коалицискиот партнер барем за една година во зависност од изборните резултати, но не треба албанските партии по изборите на 9 мај да одат пред вратите на победникот од македонските партии, туку да се почитува одлуката на албанските граѓани. Албанската партија што има и еден пратеник повеќе од другите има легитимитет, а не да чекаат ѓеврек од македонските партии. Албанците ќе ги претставува албанската партија која го добива легитимитетот од Албанците.* Истото интервју е објавено и на фејсбук-страницата на ДУИ и на профилот на министерот за економија Крешник Бектеши.

Инаку, исто како и претходните месеци, и во јануари партијата се прикажува како транспарентна и отчетна партија, ориентирана кон ЕУ и бранител на интересите на етничките Албанци.

## ВМРО-ДПМНЕ

Мониторингот на дискурсот на ВМРО-ДПМНЕ во месец јануари нотира интензивна комуникација кон јавноста, со чести и остри критики кон политичките противници, односно кон владејачките партии СДСМ и ДУИ, како и кон функционерите во Владата. Најчесто има објави насочени во кои владејачките „СДС“ и ДУИ се етикетирани како „неспособни“, „непрофесионални и корумпирани“. Дополнително и СДСМ се критикува и етикетира како политичка партија која, иако е поголемиот партнер во Владата, сепак е зависна од ДУИ.  Притоа, ВМРО-ДПМНЕ се претставува како партија која е бранител на правдата, спасител, бранител на идентитетот и на народот.

Нотирани се 46 објави од ВМРО-ДПМНЕ кои содржат штетен наратив. Од нив 16 се од областа на внатрешната политика, 14 се за криминал, 5 спаѓаат во категоријата за корупција, 4 во здравство, 2 во економија, 2 во правосудство.

Во однос на темите од внатрешната политика, ВМРО-ДПМНЕ најмногу имале фокус на формирањето на преодната Влада и назначувањето на Талат Џафери за премиер, при што целта на комуникацијата е насочена кон самиот Џафери, како и кон СДСМ и кон нејзиниот лидер Ковачевски кои се етикетираат како неспособни и криминални, кои ја предаваат премиерската функција на помалиот коалициски партнер.

Објавите се најчесто соопштенија од партијата, кои освен што се испраќаат кон медиумите, се објавуваат и на нивната интернет-страница. Многу често соопштенијата се и изјави на високи функционери на партијата, дадени од партиското седиште во својство на портпароли. Според фреквенцијата на објави, продолжува трендот најчесто штетните објави да се во форма на соопштенија (58) и прес-конференции (9), а поретко реакции (4), интервјуа (2), говор (1) или изјава (1).

ВМРО-ДПМНЕ најчесто се служел со штетни наративи за пристрасно селектирање – 64 пати, поткопување на довербата – 57 пати, напади на личност, демонизација – 24, а поретко поттикнување поделби – 3, популизам – 11, теории на заговор – 1, странско влијание – 2...

Во јануари на фејсбук-профилот на ВМРО-ДПМНЕ имало вкупно 18 објави, од кои шест се со штетен наратив. Шесте објави се пропагандни монтирани видеоклипови на различни теми, од кои три се однесуваат на економската состојба во државата, две се однесуваат на критика на Владата за политичката состојба и една се однесува на состојбите во правосудството. Во две од шест објави партијата и нејзиниот лидер се претставени како „спасители“, а во четири од шест објави „нема посебна намера, туку само пренесува информација“.

На фејсбук-страницата на ВМРО-ДПМНЕ најчесто споменувани актери се: ВМРО-ДПМНЕ – во шест од шесте нотирани објави, СДСМ во пет од шест објави, Димитар Ковачевски во три од шест објави, ДУИ во три од шест објави. Продолжува практиката СДСМ да бидат именувани како „СДС", намерно отстранувајќи ја буквата „М" од називот Социјалдемократски сојуз на Македонија, за да се нагласи дека според ВМРО-ДПМНЕ тие не се политичка опција која се бори за македонските интереси.

Дополнителна карактеристика на комуникациската практика е употреба на завршната порака *Никогаш не било полошо*. Важно е да ги поразиме!, со која се засилува квалификативот на „црно" во црно-белата констелација и се повикува на мобилизација на граѓаните за следните избори. Се објавуваат кратки видеоисечоци во кои се критикува одреден аспект од работата на Владата, при што се користат статистички податоци, јавни податоци и факти кои се комбинираат со манипулирани аудио- и аудиовизуелни материјали со цел да се постигнат различни ефекти. Оваа практика е почеста во соопштенијата, а поретка во фејсбук-комуникацијата на партијата. Со оглед на тоа дека сите видеа се поврзани со синтагмата *Никогаш не било полошо! Важно е да ги поразиме!*, а се објавуваат во предизборен период, може да се мониторираат како дел од кампањски активности поврзани во една целина и наратив кој може да се пласира во изборната кампања во 2024 година.

Темите на видеата се за економската состојба во државата и владеењето на правото „365 дена никогаш не било полошо, 600.000 граѓани живеат на работ на сиромаштија, а 1 милијарда денари одат во џебовите на Ковачевски и министрите на СДС и ДУИ за повисоки плати, важно е да ги поразиме", (објавено на 2 јануари), „Лицата кои се синоним за правосудството во Македонија се познати само по извршување на желбите на СДС и ДУИ, никогаш не било полошо, важно е да ги поразиме", (објавено на 10 јануари), „Македонија е заробена држава, со која владеат корумпирани политичари, никогаш не било полошо, важно е да ги поразиме", (објавено на 11 јануари), „СДС за 7 години ја задолжи државата за нови 3.3 милијарди евра, никогаш не било полошо, важно е да ги поразиме", (објавено на 15 јануари) „Секој трет граѓанин живее во сиромаштија, секоја година со СДС по 24.000 луѓе стануваат сиромашни, никогаш не било полошо, важно е да ги поразиме", (објавено на 18 јануари).

Во овие објави се забележува користење на пристрасно селектирање, наводи за коруптивно, непрофесионално и неодговорно работење на владејачките структури со цел да се поткопа довербата во институциите. За одредена тема се земени точни податоци кои се комбинираат со непоткрепени или неточни наводи, се користи навредлив јазик, етикетирање, се претставуваат носителите на јавни функции како корумпирани, неспособни со цел да се поткопа довербата на јавноста во нив.

На пример информации од видеото „365 дена никогаш не било полошо, 600.000 граѓани живеат на работ на сиромаштија, а 1 милијарда денари одат во џебовите на Ковачевски и министрите на СДС и ДУИ за повисоки плати, важно е да ги поразиме" се појавуваат и во соопштение на партијата од 2 јануари 2024 година во кое се изнесени непоткрепени наводи како *365 дена никогаш не било полошо, 365 дена порази, понижувања, беда и сиромаштија донесе Владата на СДС и ДУИ за граѓаните на Македонија.* Наведени се податоци за растот на платите на функционерите од извршната власт - *80 милиони денари месечно или скоро 1 милијарда денари годишно од државниот буџет ќе одат во џебовите на владините функционери за повисоки плати.* Но, не се пренесени податоци дека исто така се покачени и платите на градоначалниците и на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ во Собранието, односно покачени се платите на сите избрани и именувани лица. Се тврди дека *власта на СДС и ДУИ си ги зголеми платите за дури 78 проценти,* но покачувањето не го направи Владата, туку следеше откако Уставниот суд донесе одлука да укине членови во Законот за плати и надоместоци на плати на избрани и именувани лица. Дополнително, Владата нема ниту овластување ниту надлежност да ги утврдува платите и надоместоците на плати за лица кои не ги именува или избира (премиер, министри, пратеници во Собрание и лица именувани од него, членови на судската власт, Претседател на државата и лица именувани од него, градоначалници итн).

Потсмевањето, етикетирањето и поткопувањето во довербата во институцијата премиер се врши и со неколку од објавите кои се однесуваат на случувањата во акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги на воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје. Во соопштение од 6 јануари 2024 година, се исмеваат СДСМ и ДУИ како партии кои постојано тврдат дека се залагаат за европските вредности, а се врши етикетирање и потсмевање на политичкиот противник со коментарот дека *европските боксови во М-НАВ доказ за неевропските криминални банди на ДУИ и СДС.* СДСМ е именувана како „СДС", *Владата на СДС и ДУИ одлучи да молчи*, а премиерот се исмева и се критикува за непрофесионално работење, се врши поткопување на довербата во институцијата со наративот дека премиерот *чека амин од ДУИ за понатамошните постапки, а можеби и тој како и директорот на М-НАВ, Фахрудин Хамиди смета дека тоа не било напад, туку 'кошкање меѓу вработени'". Случката повторно се става во контекст на идните избори, со нагласување дека „никогаш не било полошо, важно е да ги поразиме!*

Слично, во соопштение од 18 јануари, поврзано со одговорноста во врска со настаните во М-НАВ, се исмева премиерот за непреземање дејство, т.е. политичкиот противник и преку наративот *Али Ахмети му суфлирал да не бранува многу, затоа што во спротивно нема да го земе на заеднички листи или нема да му даде поддршка за заеднички кандидат за претседател,* при што се врши исмејување на премиерот и се користи навредувачки јазик, како за лице кое е потчинето на помалиот коалициски партнер, со што се поткопува довербата во институцијата премиер и во самата Влада.

Исто така, тема која се третира во текот на месец јануари во објавите на ВМРО-ДПМНЕ е критиката кон „СДС" поради изборот на Талат Џафери за премиер на преодната Влада, кој доаѓа од помалиот коалициски партнер во Владата ДУИ, а не од СДСМ како поголема партија во власта. Причината зошто ДУИ го предлага премиерот за преодната Влада произлегува од коалицискиот договор направен по изборите во 2020 година, кога СДСМ и ДУИ формираа влада и едно од договорените прашања беше во преодната Влада пред следните избори (т.е. 2024) премиерот да биде Албанец, на предлог на ДУИ.

Во соопштение од 28 јануари главни актери се премиерот и претседател на СДСМ, Димитар Ковачевски и претседателот на Собранието, Талат Џафери. Се изнесуваат наводи за непрофесионалност, неспособност во работењето, погрешни информации, пристрасно селектирање и се поткопува довербата во институциите преку наводите дека *СДС за да владее, на поклон ја даде државата на ДУИ. Талат Џафери од ДУИ стана премиер поради слабата СДС.* Исто така, се изнесуваат наводи и за странско влијание, дека *од друга страна нивните надежи се дека ДУИ на СДС ќе - ги собира албанските партии во коалиција и од Косово ќе се диктира овој процес за СДС да го ублажи својот дебакл. Тоа така не оди. Јасно е што правите.* Се изнесуваат и непотврдени наводи за непрофесионално работење кон Талат Џафери, за кој се вели дека е *препознатлив по кршење на Уставот, законите, Деловникот за работа на Собранието, дека во континуитет газеше по правните норми на државата" и „доаѓа од партија во која на сите челници устите им се полни со европски вредности, но чии постапки покажуваат само како се кршат истите.*

## Левица

Во политичкиот дискурс на политичката партија Левица и на нејзиниот лидер Димитар Апасиев за мониторираниот период и во јануари продолжува острата реторика во јавните настапи, изјави и објави. Критичката комуникација претежно е насочена кон големите политички партии, владејачките СДСМ и ДУИ, како и кон главната опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ. Повремено има и објави во кои се алудира на заедништво на СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ во работата против националните интереси на државата, сакајќи да ја прикажат Левица како единствена партија која е на страната на граѓаните. Со дискурсот кој се користи кон големите политички партии намерата е да се поткопа довербата во нив - кон СДСМ и ДУИ - како владејачки партии, а кон ВМРО-ДПМНЕ како главна опозициска партија која претендира да ја формира идната Влада. Во објавите партиите се именувани како „СДС" за СДСМ, „ДПМНЕ" за ВМРО-

ДПМНЕ, а за државата како „Републиката.“ Себеси се претставува како бранител на интересите на народот, на страната на граѓаните, наспроти големите политички партии кои дејствуваат коруптивно и во спротивност на државните интереси.

Во однос на темите кои ги третира Левица во месец јануари, забележливо е дека продолжува трендот да имаат широк спектар на теми за кои објавуваат. Левица е доста активна на Фејсбук со тоа што има и редовни објави на локалните ограноци на партијата во различните населени места. За разлика од големите парламентарни партии, Левица често комуницира за теми поврзани со локални прашања кои се однесуваат за работата на општините, животната средина, образованието, до темите кои се од широк интерес на јавноста како корупцијата, криминалот и националните интереси, како на пример формирањето на преодната Влада или скандалот во М-НАВ.

Честопати се третираат теми поврзани со албанската етничка заедница при што се артикулира дискурс дека македонската етничка заедница е потчинета во однос на албанската. Па така, третирана е темата за воведувањето на албанска паралелка во Чашка, при што и самата партија учествуваше во протестите, како и темата за огласите за вработување со кои се примаат Албанци.

На интернет-страницата во месец јануари на Левица има 17 објави, од кои четири се обраќања во Собранието, три се објави за настани, пет се интервјуа/поткасти, четири се соопштенија, односно реакции, и една е интервју. На определените денови за мониторирање има десет објави од кои шест се со штетен наратив.

Темата за скандалот во М-НАВ Левица, покрај аспектот за неодговорност, ја третира од аспект на етничката димензија, како и како повод за критика за неспособност на главната македонска владејачка партија и за потврда на наводите кои често провејуваат во објави на Левица дека големите македонски партии работат за интересите на ДУИ.

Во соопштение од 5 јануари *Две децении ‘проевропски’ тероризам и насилство на ДУИ овозможено од СДС и ДПМНЕ“ се вели дека „упадот на бандите на ДУИ во М-НАВ повторно ја покажаа сета деструктивност и безобѕирност на оваа криминална партија која и сега како и многупати претходно ја загрози јавната безбедност.* Се тврди дека *Целосната* ***потчинетост на бескичмењаците од СДС под чизмата на сецесионистите од ДУИ и тишината на ДПМНЕ како претходно познат коалиционен партнер*** *и понатаму не одговара на овие грозни понижувања и напади по општото добро.* Во објавата во која се користат штетни наративи кои содржат исмевање, понижување на политичкиот противник, наводи за криминал, се наведува и дека од 2010 година кога осомничениот за сегашниот упад вршел незаконски дејствија, а не бил санкциониран - повторно бил поставен за висока државна функција, директор на ПИОМ, па министер за економија во владите предводени од ВМРО-ДПМНЕ. Односно, се критикуваат и СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ како партии кои не го заштитиле интересот на граѓаните. Се додава дека *сега ДПМНЕ се згрозени од дивјаштвото на терористи кои тие ги амнестираа – а СДС им ја даде комплетната власт, како и дека ова е уште еден во низата примери за кадрите на т.н. ‘европски фронт’ на СДС и ДУИ кои имаат за цел да продолжат да владеат на овој начин.* Исмевањето, понижувањето, навредливиот јазик кон политичките опоненти и наводите за криминал кои се користат во објавата, служат да се поткопа довербата во институциите и да се прикажат големите владејачки партии како коруптивни субјекти, наспроти Левица која се залага за правичност и чесно работење.

Понатаму, во соопштение од 15 јануари кое се однесува за вработувања во Царинската управа на Република Северна Македонија се обвинува *криминогеното владејачко дуо на СДС-ДУИ* дека ги *партизира сите пори на државниот апарат преку вработувања на партиски послушници во институции од секаков тип,* како и дека политичката партија ДУИ ја *приватизира Царина.* Во соопштението во кое критички се споменува Охридскиот рамковен договор се вели дека *типичен пример за оваа рамковна тиранија е ситуацијата во Царинската управа каде што има нови 15 огласи за вработувања од кои 13 места се ‘чу-*

*ваат' за граѓани од албанското малцинство, едно место за турското малцинство и едно место за ромското малцинство, со што практично ДУИ ја приватизира Царинската управа.* Притоа, **Охридскиот рамковен договор се етикетира како „нелегален“**, а *ДУИ како пар екселанс пример за картел-партија ја користи позицијата на уценување за укотвување на своите партиски кадри, согласно со тоа дури 40 % огласи се за граѓани од албанска припадност.*

Во соопштението Левица исто така истакнува дека се залага за поништување на Охридскиот рамковен договор и *вработувања под етнички клуч како извор на меѓуетничка омраза во Републиката, каде што не се вработува лице согласно на неговите квалификации, туку по етнички клуч, што воедно претставува и навреда за вработените кои се вработени на овој начин – не според заслугите, туку според етничноста.*

Во оваа објава се забележува употреба на наративи за поткопување на довербата во институциите и да се покаже дека тие работат непрофесионално, незаконски и корумптивно, водени само од партиските интереси, а не државните. Реториката против Охридскиот рамковен договор кој се смета за еден од клучните документи за одржување на меѓуетничката стабилност, може да се смета како реторика која е насочена против албанската и другите немнозински етнички заедници, може да доведе до создавање на слика на „ние добрите“, а „тие лошите“, како и поттикнување поделби во општеството.

Партијата Левица, како и нејзиниот претседател имаат значително повеќе објави на Фејсбук. Тие објави честопати се придружени со хаштази, фотографии или кратки видеоисечоци (анг. reels). Во текот на месец јануари на фејсбук-профилот на Димитар Апасиев има вкупно 90 објави. Од нив, 45 се анализирани во определените 16 денови на мониторинг, а осум од објавите содржат штетен наратив.

Во објавите, Левица, покрај тоа што третира претежно теми од внатрешната политика, е еден од ретките политички субјекти кои обвинува за странско влијание во земјата и изјавува дека некои од политичарите во Македонија работат за интересите на други земји. Лидерот на Левица Димитар Апасиев често има критички објави на сметка на САД и американската амбасадорка, како и против ДУИ. Во една од објавите на Фејсбук која се однесува на случувањата во М-НАВ во кои директно ја лоцира одговорноста кај ДУИ, ја именува американската амбасада како „Кале“ – термин кој се користи често во жаргонот како симбол за Амбасадата со оглед на нејзината локација во близина на тврдината Кале во Скопје. Во објавата тој исто така директно - се обраќа на американската амбасадорка Агелер како „губернаторка“:

*Тепаниот контолор (кој бил на работа) - од ДУИ.*
*Тепачот директор со бандата (кој не бил на работа) - од ДУИ.*
*Обезбедувачот (што требало да не ги пушти) - од ДУИ.*
*Џандарот (што требало да апси) - од ДУИ.*
*Обвинителот (што чекаше пријава) - од ДУИ!?*
*Судијата (што не им одреди притвор) - од ДУИ!*
*Сфаќате сега што е ЗАРОБЕНА ДРЖАВА и оти постоењето на ДУИ е обратно-пропорционално од постоењето на правната држава во Републиката.*
*Ало, Кале, се слушаме?*
*Губернаторке - овие ли се вашите „кучиња на војната“, кои ги држите на ланец, за секој случај, да не треба да се плашат Македонците со војна. -* 😫
*#ДеДУИзација*
*#FuckNATO*
*#МамицатаУКнишка*
*#Северџанистан*

Во објавата која е од доменот на внатрешната политика, се изнесуваат наводи за корумптивно, криминално и непрофесионално работење на ДУИ при што се поткопува довербата во институциите за кои се тврди дека се контролирани од ДУИ. Американската амбасада се прикажува како заштитник на ДУИ, а

со именувањето на амбасадорката со навредливиот термин „губернаторка[7]“, се упатува и на странско влијание во Македонија. Објавата завршува со три хаштази со негативни зборови и со емотикон за „повраќање“.

Во објава на Фејсбук од областа на внатрешната политика за поддршка на протестот во Чашка против албанска паралелка се наведува дека *Левица ќе продолжи со сиот свој капацитет да се бори против насилието на амнестираната банда од ДУИ, која сè додека постои на политичката сцена, ќе биде фактор на ширење меѓуетнички тензии и нестабилност во Републиката!* Објавата е насловена НАРОДОТ ВО ЧАШКА СЕКОЈ ДЕН ДРЖИ ЛЕКЦИЈА ЗА ОТПОР ПРОТИВ БАНДИТИТЕ ОД ДУИ!, со што Левица се прикажува дека е на страната на народот и бранител на македонскиот национален идентитет. Во текстот директорката на училиштето Елена Николова е етикетирана како **„платеничка на ДУИ“, „поткупена директорка“**, а ДУИ се етикетирани како **„бандити“**, **„амнестирани бандити“**, **„балисти“**. Се наведува дека министерот Јетон Шаќири, заедно со „поткупената“ директорка на ООУ „Тодор Јанев“ - ЕЛЕНА НИКОЛОВА во Чашка со месеци се обидуваат незаконски да воведат албанска паралелка. Во оваа објава, покрај штетните наративи на етикетирање, омаловажување, се врши и поткопување на довербата во институциите, навредувачки изрази за политичките противници дека ***Во овие мигови за Републиката, окупирана од квислинзите од СДС и балистите од ДУИ.*** Притоа се дополнува дека локалното население во Чашка *држи лекција за храброст, истрајност и отпор против насилниците на власт!*

Во една од објавите на фејсбук-страницата на лидерот на Левица Апасиев се третира темата со издавањето дозвола за 17-катница близу болницата „8 Септември“ за каде што стручната јавност смета дека не смее да се гради поради заштитата на културното наследство. Лидерот на Левица Апасиев споделува објава од фејсбук-страницата на Левица во која се изнесува партискиот став, кој е добро аргументиран и ја дополнува со штетен наратив.

Во објавата се користи навредувачки и омаловажувачки јазик кон директорот на Конзерваторски центар како „УЧКа“, термин кој се забележува во некои наративи на Левица како погрден за албански функционери. Се информира дека тој не дал позитивно мислење да се изградат нови хируршки сали во Градска болница, ама затоа дал позитивно мислење за *зградуријата на финансиерот на ДУИ кај Воена болница!?* Исто така, се користи и навредлив јазик за градоначалникот на Општина Карпош *А бе СТЕВЧЕ ЈАКИМОВСКИ - малце ли станови украде у животов бе, мршо една корумпирана!!!* Во објавата се алудира за коруптивно работење на двајцата функционери, со изнесување на непоткрепени наводи со цел да се поткопа довербата во нив. Користењето навредлив и понижувачки јазик кон политичките противници како „УЧКа“ и „мршо“ е прекршување на начелата на етичност во комуникацијата.

Мониторингот исто така утврдил дека на лидерот на Левица Димитар Апасиев Фејсбук му интервенирал во статус поради ширење неточни работи. Снимката е покриена како „лажна вест“ со објаснување од социјалната мрежа дека не ја поминала проверката на фактите. На читателот му се дава можност ако сака да ја види содржината за што му се потребни неколку дополнителни кликови, но стои напомената од Фејсбук дека се работи за лага.

Инаку, Левица е една од трите политички партии кои доброволно пристапија кон Кодексот за однесување во онлајн-просторот за време на изборни процеси и референдуми. Станува збор за иницијатива на Агенцијата за аудио- и аудиовизуелни медиумски услуги во соработка со Здружението на новинари на Македонија, Македонскиот институт за медиуми, Советот за етика во медиумите на Македонија, Институтот за комуникациски студии и Фондацијата Метаморфозис. Во Кодексот, меѓу останатите начела

7 Губернатор – управник на губернија, административна област, за време на царска Русија. Вакви административни единици – губернии се уште постојат во Русија.

и стандарди, стои дека политичките актери се обврзуваат *дека ќе настојуваат да користат аргументи и факти во јавните дебати и дискусии, примерен и учтив јазик во комуникацијата со јавноста, и ќе ги почитуваат различните ставови и мислења.*

## Европски сојуз за промени – ЕСП (Lidhja Europjane për Ndryshim)

Во јануари, кај Европскиот сојуз за промени – ЕСП (Lidhja Europjane për Ndryshim), односно опозицискиот блок составен од политичките партии на Албанците во земјата, Алтернатива, движење Беса и Демократско движење, забележани се вкупно 16 објави со штетни наративи на фејсбук-страниците на партиите и на нивните лидери. Нивната комуникација продолжува да се фокусира на остри критики кон владејачката партија ДУИ, но и генерално на Владата, претставувајќи се себеси како спасители и бранители на народот, бранители на идентитетот и правдата, кои се залагаат за борба против корупција и владеење на правото.

Овој месец се забележува и една објава од нова фејсбук-страница на Европскиот сојуз за промени со нов визуелен идентитет, 306 допаѓања и 889 следбеници, од каде очигледно ќе се објавува идната заедничка јавна предизборна комуникација на трите партии здружени во сојузот. Со ова соопштение со графикони од 3 јануари насловено „Европски Сојуз за Промена: За функционерите малку беше покачување на платите за 78 отсто, сега плус 400 евра, а за граѓаните милостина од 2 илјади денари“ се развиваат штетни наративи на пристрасно селектирање и поткопување на довербата во институциите со изнесување на непоткрепени обвинувања за корумпираност на владејачките ДУИ и СДСМ – *За функционерите малку беше покачување на платите за 78 отсто, сега плус 400 евра, а за граѓаните милостина од 2 илјади денари. Изнудувањето на народот во секоја можна форма е хронична болест на оваа власт. Без никаков срам ги лажат граѓаните и ги крадат. Сега кога се ближат изборите, власта почна предизборна кампања, манипулирајќи го народот со наводно антикризни мерки, со кои за само пет месеци на учениците ќе им се делат 1.200 денари (20 €), 2.000 и 3.000 денари на пензионерите , но бесрамноста набрзо излезе на виделина, бидејќи од јануари, оваа актуелна власт на СДСМ, ДУИ и АА ги зголемува платите на нивните функционери со 24.000 денари плус, односно 400 евра...*

Во јануари, на фејсбук-страницата на партијата Демократско движење забележани се пет објави, додека на фејсбук-страницата на лидерот Изет Меџити забележани се четири објави со штетен наратив. На фејсбук-профилот на Демократско движење две објави се за внатрешна политика, односно за корупција и за немањето претставник на опозицијата во ДИК, една е за економија околу сметките за струја, една е за правосудство за употребата на европско знаме и една за здравство за поликлиниката во Сарај. Во овие објави партијата се претставува како бранител на правдата додека Владата ја нарекуваат криминална, а власта ја опишуваат како криминализирана власт во бегство (Објава на фејсбук-страницата на Демократско движење, 19 јануари).

На фејсбук-профилот на лидерот на ДД, Изет Меџити, две објави се за внатрешна политика, односно за претстојните избори и мешањето на премиерот на Косово Албин Курти во предизборните активности во земјата, една за правосудство, конкретно за барањето за разрешување на претседателката на Врховниот суд, Беса Адеми и една е на тема здравство, за еколошка катастрофа. Објавите на профилот на Меџити се фокусирани на остри критики кон ДУИ и демонизација на личноста на лидерот Ахмети, нарекувајќи го „Абаз“, прекарот на Ахмети во текот на неговите активности во Ослободителната војска на Косово и на Ослободителната национална армија, но обвинувањата понекогаш се посочени и кон СДСМ - ДУИ: *За жал, мора да се каже дека некои изјави на претседателот на ДУИ дадени во последните неколку денови изгледаат периферни, речиси ирелевантни, политички и цинични... Господинот Ахмети и неговата партија неодамна се обидуваа да ги нападнат не само опозициските партии тука и да ја нападнат институцијата премиер на Косово и самата држава Косово со ширење инсинуации, измислици и инпути кои го нарушуваат националниот углед воопшто и тоа особено на Косово.* Иако објавата се однесува на реакција кон лидерот на ДУИ Ахмети за неговото обвинување кон премиерот Курти за штетно странско влијание во земјава, наративот на Меџити како контрааргумент изнесува непроверени наоди за наводно негативно странско влијание од страна на Ахмети во домашните политики на Косово: *Во политиката, особено во*

*предизборните периоди, се толерираат сите трикови, сите средства и методи за унапредување на партиските интереси. Но, за разлика од г. Ахмети и ДУИ, не сметаме дека тука спаѓаат злонамерна, подмолна, презирна саботажа, мешање, провокативна реторика кон Косово или обиди за разгорување на чувствата меѓу албанските престолнини во регионот. Ова го сметаме за ниско, недостојно и особено деструктивно кон Косово во овие критични процеси за новата албанска држава.* (Објава на фејсбук-страницата на Меџити, 10 јануари). Неколку денови подоцна, објавена е прес-конференција на Демократско движење каде се повторува истата тема и реторика на непроверени наводи со кои се обвинува ДУИ за корупција во правосудството (Фејсбук-објава на профилот на Демократско движење, 15.1.2024).

Исто така и за разрешувањето на претседателката на Врховниот суд г-ѓа Беса Адеми, Изет Меџити го користи моментот да ја обвини ДУИ за корумпираност и несовесно владеење, и со популистички наратив да се презентира себеси како опција за промена која ќе донесе правна држава и ЕУ интеграција.

*Со флагрантно политичко мешање во судството за разрешување на претседателката на Врховниот суд г-ѓа Беса Адеми, како одмазда за „непослушноста“ да се врати Никола Груевски во земјава како херој, известен е таканаречениот Европски фронт на ДУИ од страна на ЕУ преку холандскиот амбасадор во земјава, Дирк Јан Коп, дека ДУИ е главната пречка за функционирањето на правната држава и интеграцијата на земјата во ЕУ. Ова е дополнителна причина зошто на албанската политичка сцена - требаат ПРОМЕНИ, а оваа ПРОМЕНА ќе се случи на 8 мај!* (Фејбук-објава на профилот на Изет Меџити 10.1.2024)

На фејсбук-страницата на Алтернатива забележани се шест објави, додека кај лидерот Африм Гаши забележана е една објава со штетен наратив. Идентификуваните објави со штетни наративи на фејсбук-страницата на Алтернатива се за зголемувањето на цената на струјата и зголемувањето на платите, блокираните предложени закони, криминалот и злоупотребата на правдата, за поликлиника во Сарај и нападот на контролорите на летање во М-НАВ. Претставувајќи се како спасители и бранители на правдата, штетните објави на оваа партија се фокусирани на наративот дека парот СДСМ - ДУИ се антидржавна двојка и дволична власт која изнудува и ги лаже и ги краде граѓаните, како и демонизација на личноста на лидерот на ДУИ Ахмети, нарекувајќи го „Капо“, како и други функционери од ДУИ (Објава од прес-конференција на фејсбук-страницата на Алтернатива, 18 јануари).

На пример, во фејсбук-објава на прес-конференција од 10 јануари насловена „AlternAtivA: Фатмир Меџити продолжува да се фали со делата на Беким Салиу, а од друга страна им нанесува штета на граѓаните на Сарај“ се користат непроверени наоди – *Министерот за здравство Фатмир Меџити денеска го направи свеченото отворање на поликлиниката во Сарај, пофалувајќи се дека испишал историја... За информација на јавноста, поликлиниката во Сарај е готова веќе една година, дури и медицинската опрема беше обезбедена за неа уште кога министер беше Беким Сали, додека Фатмир Меџити одговара само за штетата што ја направи на 40 илјади граѓани на Сарај, на кои им наштети со одложување на отворањето на поликлиниката цела година за изградба на двор, само за да се совпадне со изборната кампања во 2024 година, како и етикетирање и непочитување на политичкиот противник Меџити – За феноменот министри како Фатмир Меџити, албанскиот народ создаде една многу убава поговорка, која најдобро ја опишува неговата мрзливост: „Како почна, така и заврши“ („Kros more kros, si t'u nis, t'u sos“)*, со што се развиваат штетни наративи на пристрасно селектирање и демонизација на политички противници.

Дополнително, фејсбук-објава од 31 јануари на профилот на лидерот Африм Гаши е видео од негово интервју на Алсат телевизија, со текстуална порака „Нефер и навредливи коментари дека Албин Курти се меша во внатрешните работи на РСМ“. Во ова интервју Гаши се претставува како бранител на националниот идентитет и го критикува лидерот на ДУИ Ахмети со непроверени наоди со кои развива штетен наратив на пристрасно селектирање информации: *неправедна, неточна констатација, дури и навредлива. Гога г-дин Ахмети се сретнувал со Албин Курти, а се сретнувале и почесто од нас, никој не му рекол дека ова е мешање...* Истата објава е споделена на фејсбук-страницата на Алтернатива.

## Мониторинг на комуникацијата на членовите на Владата на РСМ преку официјалните фејсбук-страници во **јануари 2024**

Мониторингот утврдил дека во текот на месец јануари продолжила практиката на фејсбук-страницата на премиерот Димитар Ковачевски да се објавуваат содржини од партиски активности, со што може да се смета дека се злоупотребува официјална владина страница за партиски цели, како што е објавата од 11 јануари „Отворање нови партиски простории на општинската организација на СДСМ во Аеродром".

Покрај редовните честитки за Бадник и Божиќ, како кај министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски каде се објави честитка за граѓаните во лично име и „во име на МВР", сите мониторирани министри од СДСМ годинава на своите фејсбук-страници известија за одбележувањето и на верскиот празник Богојавление – Водици во повеќе градови низ земјата. Според објавите на Фејсбук, на фрлање на крстовите биле присутни министерката Шукова („со најдобра намера и почит кон македонскиот народ и сите кои го празнуваа празникот" - во Гевгелија), министерката Петровска („осветување на водите на река Радика" - во Ростуше), заменик-премиерот Грковска („го посведочивме фрлањето на светиот крст и си разменивме пораки за добро здравје, спокој и благосостојба" - во Мало Коњари, Прилеп) и заменик-премиерот Маричиќ (во Куманово), додека министерот Спасовски и лидерот на СДСМ Ковачевски (на реката Вардар во Скопје). Покрај тоа, Спасовски и Ковачевски на 31 јануари на официјалните фејсбук- страници објавија дека го одбележаа и славењето на православниот верски празник Св. Атанасиј Велики „со верниците од Раштак и Виниче во Општина Гази Баба".

Објавувањето содржина за одбележување верски празници од профили на избрани функционери во секуларна држава не соодветствува со очекувањето дека владините комуникациски канали се употребуваат исклучиво за комуникација поврзана со работата на функционерот, кој треба да ги застапува интересите на сите граѓани без разлика на верска, политичка или каква било друга лична определба.

Покрај тоа, во јануари се забележуваат и штетни наративи на фејсбук-страниците на заменик-премиерот Артан Груби и министерот за економија Крешник Бектеши.

На фејсбук-страницата на вицепремиерот Груби на 23 јануари се објавени фотографии од годишната владина конференција „Година на европски можности", проследени со текст во кој како вицепремиер Груби настапува со тврдења за *обиди за дестабилизација и дезориентација од нашиот европски пат кои доаѓаат од еден единствен центар – Русија,* при што се забележува за првпат изнесување обвинување од страна на вицепремиерот на ДУИ за мешање на странски фактори во внатрешно-политичките односи во земјата.

На 27 јануари на фејсбук-страницата на вицепремиерот Груби е објавен краток текст со фотографија од предлогот на ДУИ до Талат Џафери, мандатар на преодната Влада, во која како вицепремиер настапува со тврди партиски наративи, при што ја претставува својата партија како бранител на сопствениот национален идентитет и го величи лидерот Ахмети *Горд што заедно со Фатмир, Бујар, Крешник и Јетон, како и Назим, Агим и Беким сме предложени како дел од историскиот владин кабинет на првиот премиер Албанец, Талат Џафери, под мисионерското и визионерско водство на последниот преродбеник на албанскиот народ, АЛИ АХМЕТИ. Кога се охрабривме, успеавме, кога сонувавме, реализиравме, кога верувавме, работевме, кога се рече, се оствари.* Во оваа објава се изоставаат информации и се гради наратив на селективно информирање кое е етнички фокусирано.

На 22 јануари на фејсбук-страницата на министерот Бектеши објавено е ТВ интервју за 24 Анализа во кое се зборува за економски прашања како замрзнувањето на цените на домашниот пазар, но и за преодната Влада и претстојните избори. Во интервјуто Бектеши ја претставува својата партија како спасители и европски ориентирани – *...со ДУИ нема играчки, не може ВМРО со ДУИ, ние европскиот фронт наспроти источниот...* Но, со критиката кон проф. Трајко Славевски, поранешен министер и советник во

Град Скопје од ВМРО-ДПМНЕ, за неговата изјава дека ДУИ е најкорумпирана партија во Европа, Бектеши користи непроверени наоди кога вели дека ВМРО-ДПМНЕ е најкорумпирана партија според сите извештаи и со замрзнат имот од судот, со кои развива штетен наратив на пристрасно селектирање информации и креирање дезинформација за рангирањето на ВМРО-ДПМНЕ како најкорумпирана партија.

На фејсбук-страницата на Алијанса на Албанците, објавено е видео од интервју со министерот за правда од редовите на АА, Кренар Лога во дебатната емисија „OnTime“ на Телевизија КОХА, во кое (Фејсбук-објава на профилот на министерот Лога, 11 јануари) Лога обвинува странски ентитети за мешање во внатрешните работи во државата, спротивно на интересите на државата: *...Имаше случувања во Бањска и во БИХ со Додиќ, Македонија не може да биде имуна на српски и руски влијанија затоа што имаат заедничко минато во заедничката југословенска држава, а и затоа што се словенски братски народи.* Во интервјуто Лога ја прикажува својата партија како бранител на сопствениот национален идентитет, а зборува негативно за ВМРО-ДПМНЕ и Левица, додека за СДСМ зборува со неутрален тон.

## 1.2 Комуникациски практики на политичките партии и нивните лидери во февруари 2024

**Предмет на мониторинг:** Интернет-страници на политички партии и фејсбук-профили на политички актери

Денови на мониторинг на политичките актери во февруари




Вкупно 14 денови

**Месец:** Февруари 2024 година. Денови за мониторинг се: 3, 4, 7, 8, 11, 12, 15, 16, 19, 20, 23, 24, 27, 28 (вкупно 14 денови).[8]

Извештајот во прилог е анализа на податоците од мониторингот на штетните наративи во јавниот дискурс на политичките актери во рамки на истражувањето „Мерење на политички штетни наративи.“ Анализата ги опфаќа начинот на кој комуницираат политичките актери во јавноста кога користат штетни наративи, темите кои најчесто се предмет на штетни наративи, видовите штетни наративи, во која форма се креираат и се дистрибуираат, кому се насочени и кои принципи и начела на етичката и професионална комуникација ги прекршуваат.

Предмет на мониторингот се интернет- и фејсбук-страниците на десет политички партии кои се застапени со најмалку двајца пратеници во Собранието (Алијанса на Албанците, Алтернатива, ДУИ, Демократско движење, ВМРО-ДМПНЕ, Левица, ЛДП, Нова социјалдемократска партија, СДСМ, Социјалистичка партија). На Фејсбук се мониторирани и профилите на лидерите на политичките партии, како и профилите на претседателот на преодната Влада на РСМ, замениците на премиерот и министрите во Владата.

8 Динамиката за следење на содржините на политичките актери е „секој последователен трет и четврти ден во месецот“.

Анализата во продолжение се однесува само на комуникациите на политичките актери каде се идентификувани штетни наративи, со упатување на индикаторите кои ги означуваат различните штетни наративи.

Како и претходните месеци, мониторингот за месец февруари не покажа објави со штетни наративи на интернет- и фејсбук-страниците на партиите ЛДП, Нова социјалдемократска партија и Социјалистичка партија, како и на страниците на нивните лидери.

Во месец февруари веќе беше почната со работа преодната Влада, а во средината на месецот се распишани изборите. Ваквиот развој на настаните влијаеше да се зголеми комуникациската активност на политичките субјекти, па имаше почеста комуникација, поголем број објави, пред сè во контекст на изборите.

Мониторингот на интернет- и на фејсбук-страниците на 10-те политички партии и на нивните лидери идентификува **53 објави на интернет-страниците** на партиите и **83 фејсбук-објави** коишто содржат штетен наратив. Во споредба со јануари, намален е бројот на штетните наративи на интернет-страниците, но има зголемување на бројот на штетните наративи на фејсбук-страниците. Ден со најмногу штетни наративи, односно вкупно 15 објави на интернет и на Фејсбук е **19 февруари** кога најактуелни теми биле проблемот со вадење лични документи и патни исправи со новото уставно име на државата, претстојните претседателски и парламентарни избори и учеството на претседателот Стево Пендаровски и премиерот на преодната Влада Талат Џафери на 60. Минхенска безбедносна конференција.

Што се однесува на **примената на комуникациските алатки**, на интернет-страниците штетните наративи најчесто се објавувани во форма на соопштенија, додека најретки се колумните, говорите и интервјуата. На фејсбук-страниците, пак, има поголема разноликост на објавите со штетни наративи, но најзастапени се прес-конференциите, соопштенијата и реакциите. Овој месец може да се забележи дека штетните објави во форма на вербална комуникација во директен контакт со медиумите, како прес-конференции, интервјуа, изјави и говори се почесто застапени на фејсбук-страниците, додека писмената индиректна комуникација кон јавноста преку соопштенија е позастапена на интернет-страниците на партиите. Исто како и претходниот месец, и во февруари продолжува практиката на објавување иста или слична содржина низ повеќе комуникациски канали (директно до медиуми, објава на интернет-страница и објава на фејсбук-страница) со цел да се допре до поширока публика.

Продолжува јавната комуникација на политичките партии која е со ниска демократска култура. Политичките партии креираат и дистрибуираат штетни наративи во кои претежно доминираат непотврдени наводи, пристрасно селектирање, изнесување обвинувања кон политичките противници за корупција и криминал. Зачестува употребата на навредлив јазик во комуникацијата кон политичките противници, а исто така честопати се користи и популистички дискурс. Поретко се среќаваат наводи за странско влијание, напади на личноста, етноцентризам, екстремен патриотизам и национализам, како и ширење паника, страв и неизвесност.

> *Аргументирана и остра критика кон политичките опоненти, особено во период пред избори е очекувана комуникација во јавноста. Сепак, ширењето штетни наративи во јавниот простор може да придонесе кон нормализирање на лошите комуникациски практики и прекршување на стандардите и начелата за етичка и професионална комуникација. Од носителите на јавни функции и од кандидатите за јавни функции се очекува транспарентно и отчетно комуницирање кон јавноста, со комуникација базирана на докази, без навреди, напади и демонизација на политичките противници, во согласност со демократските практики за етичност и професионалност.*

Табела 6: Приказ на објави со штетен наратив според политички актер (интернет и Фејсбук) во февруари 2024




Овој месец повторно се забележува истиот редослед на партиите по вкупен број објави со штетни наративи **на интернет-страниците**. Најмногу штетни наративи се забележани кај **ВМРО-ДПМНЕ (27), СДСМ (15), Левица (7)** и најмалку штетни наративи се идентификувани кај ДУИ (4).

На фејсбук-страниците повторно најмногу штетни наративи се забележани кај Левица (21) и кај лидерот на партијата Димитар Апасиев (10), а првпат е нотиран и штетен наратив кај лидерот на Алијанса на Албанците, Арбен Таравари. Од мониторингот на профилите на членовите во преодната Влада овој месец се забележува зголемување на вкупниот број (6) на детектирани штетни наративи и тоа кај вицепремиерот Артан Груби (1), кај министерот за надворешни работи Бујар Османи (1), кај министерот за правда Кренар Лога (2), кај министерот за земјоделство Љупчо Николовски (2) и на профилот на министерот за економија Крешник Бектеши (1). Дополнително, детектирана е една објава со штетен наратив на фејсбук-страницата на министерот за надворешни работи Бујар Османи која е подоцна избришана и поради тоа не е вклучена во квантитативната анализа, но е опишана во понатамошната квалитативна анализа.

Табела 7. Фреквенции на објави со и без штетен наратив (февруари 2024)




Доколку се земе предвид вкупниот број објави во споредба со бројот на штетни објави, може да се забележи дека во опфатените мониторирани објави на интернет-страницата на Левица и на фејсбук-страниците на Демократско движење и на министерот Крешник Бектеши сите, односно 100 % се објави со штетен наратив. На фејсбук-страниците на Арбен Таравари, Али Ахмети, Димитар Ковачевски и министерот Кренар Лога, забележан е мал број (помеѓу четири и две) вкупни објави од кои во половина се забележани штетни наративи, додека кај останатите интернет- и фејсбук-страници се забележува околу 25 проценти застапеност на штетни наративи.

## Најчести штетни наративи

Политичките актери во февруари најчесто посегнувале по двата штетни наратива на непроверени наводи за обвинување политички противници, како и неосновани тврдења за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службена должност. Дополнително, овој месец може да се забележи почеста употреба на формулации со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори помеѓу ние – доброто и вие - лошото, како и промовирањето на сопствените карактеристики како нешто што е во корист на народот и на човечноста, додека карактеристиките на политичките противници се промовираат како нешто што служи на одредена мала елитна група луѓе. Со околу 20 проценти застапеност, се забележуваат и етикетирање и грубо непочитување на политичките противници и намерно непренесување на целосната слика за „настанот“.

Покрај овие четири најчесто користени индикатори за штетни наративи во овој месец во споредба со претходниот, се забележува зачестено обвинување на странски ентитет/и за мешање во внатрешните работи на државата, спротивно на државните интереси кое води кон нарушување на демократските процеси, но и поретко користење на слики, видеа и аудиозаписи што се креирани со цел да ја доведат јавноста во заблуда. Присуството на овој штетен наратив се должи пред сѐ на обвинувањата од ДУИ, која од крајот на јануари ја почна предизборната кампања „ДА за Европа, НЕ за Русија“.

Важно е да се истакне дека овој месец првпат се забележува злоупотреба на информации од приватниот карактер или лични трагедии, попреченост, социјален статус, брачен статус на политичките противници за остварување на сопствената цел на интернет-страницата на ВМРО-ДПМНЕ, како и тврдења дека политички противници/јавни институции се манипулирани од задднински (тајни) моќни групи на фесјбук-страницата на Алијанса на Албанците и Изет Меџити.

Табела 8: Приказ на застапеност на индикаторите за штетни наративи (интернет и Фејсбук) за февруари 2024

| | Индикатор | интернет-страници | Фејсбук-страници |
|---|---|---|---|
| 1. | Тврдења за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења | 38 | 42 |
| 2. | Непроверени наоди (или наоди што тешко можат да се проверат) се користат како основа за обвинување на политичките противници | 44 | 61 |
| 3. | Злоупотреба на информации од приватен карактер или лични трагедии, попреченост, социјален статус, брачен статус на политичките противници за остварување сопствената цел | 1 | 1 |
| 4. | Етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица (медиумски работници, граѓански активисти, политички противници, носители на јавни функции...). Употреба на негативни зборови | 11 | 18 |
| 5. | Говор со којшто се навредува одредена група или, пак, се оправдува говор на омраза кон одредена група, врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа | 1 | 3 |
| 6. | Намерно непренесување на целосната слика за „настанот“, намерно изоставање информации што ја побиваат позицијата на тој што ги изнесува | 11 | 22 |
| 7. | Се тврди дека е вистина дека политички противници/јавни институции се манипулирани од заднински (тајни) моќни групи (на пример, масони итн.) и притоа не се изнесуваат никакви факти или докази или, пак, се користат извори што немаат никаков кредибилитет и авторитет во областа | 0 | 2 |
| 8. | Употреба на реченици, формулации со коишто се обвинува странски ентитет (или ентитети) за мешање во внатрешните работи на државата, спротивно на интересите на државата, што, всушност, е нарушување на демократските процеси | 5 | 6 |
| 9. | Употреба на зборови и формулации со коишто се оцрнува одредена група луѓе со цел да се предизвикаат поделби и раздори помеѓу нас/ние/нашето и вас/вие/вашето. Вообичаено, ние/нашето е добро, позитивно и пожелно, а вие/вашето е лошо, негативно и непожелно | 15 | 15 |
| 10. | Употреба на зборови и формулации со коишто се навредува, омаловажува, исмева некоја личност и/или група врз основа на нејзината родова и/или полова припадност | 0 | 0 |
| 11. | Употреба на зборови со коишто се навредува, дискредитира, озлогласува некоја група луѓе (странци/туѓинци) со цел да се предизвика страв, одбивање и дистанцирање од нив, дури и предизвикување на одредено однесување кон таа група | 0 | 0 |
| 12. | Употреба на реченици, зборови, формулации со коишто се велича сопствената етничка припадност, а сите други се помалку важни, вредни, достојни | 1 | 5 |
| 13. | Слики, видеа и аудиозаписи што се креирани со цел да ја доведат јавноста во заблуда дека нешто е реалност и вистина, ама не е (и чија невистинитост може да се докаже) | 0 | 3 |
| 14. | Зборови/реченици со коишто експлицитно или имплицитно, директно или индиректно се промовираат сопствените идеологии/активности/однесувања како нешто што е во корист на народот/широките народни маси/обичниот „чесен човек“, човечноста, додека идеологиите/активностите/однесувањата, карактеристиките на политичките противници се промовираат како нешто што служи на одредена мала елитна група луѓе, која не ја одразува волјата на народот | 13 | 16 |

Фреквенции (оска: 0, 10, 20, 30, 40, 50, 60, 70)

■ интернет-страници ■ Фејсбук-страници

Во објавите на СДСМ, на обата комуникациски канали, најмногу се „произведувале“ непроверени наводи во критиката и тврдења за корумпираност, неотчетност и непрофесионалност на политичките противници. Дополнително, продолжува оцрнувањето на политичките противници со цел да се предизвикаат поделби и раздори. Поретко се забележува навредливо етикетирање и намерно изоставање информации, како и промовирање на сопствените идеологии и активности како нешто што е во корист на народот, за разлика од идеологиите на политичките противници.

Исто и во штетната комуникација на ВМРО-ДПМНЕ најчесто се користени тврдењата за корумпираност и непроверени наоди кои се користат за напади кон политичките противници. Продолжува и популистичкото промовирање на сопствените идеологии наспроти опонентите, како и нецелосното пренесување на информации, навредливо етикетирање и оцрнување на политичките противници со цел да се предизвикаат поделби и раздори, а двапати се нотирани и обвинувања за негативни странски влијанија во земјата. Кај лидерот Христијан Мицкоски се забележуваат популистички наративи и претставување како бранител на македонските интереси и на страна на граѓаните.

Кај ДУИ, кај лидерот Али Ахмети и министерот Крешник Бектеши продолжува етноцентристичкиот наратив со кој се велича сопствената етничка припадност, за разлика од другите кои се сметаат за помалку важни. Во нивната комуникација се забележува дека се обраќаат само на граѓаните од албанска етничка припадност во земјата бидејќи се истакнува позицијата на „етничкиот Албанец“ во општеството во релација со мнозинската етничка група Македонци, со акцент на недостиг на рамноправност. Сепак, во штетните објави на ДУИ често се забележуваат и непроверени наоди, негативен говор и етикетирање. Партијата овој месец во неколку наврати обвинува за мешање на странски ентитети во домашните политики.

Левица, исто како и во јануари, и овој месец најчесто употребува непроверени наводи и тврдења за корумпираност, оцрнување на политичките противници со цел да се предизвикаат поделби и раздори во општеството. Во јавната комуникација е нотирана употреба на навредлив говор, етикетирање и намерно изоставање информации. Во февруари е нотиран и еден класичен пример на говор на омраза врз основа на етничка припадност и со којшто се навредува одредена група или, пак, се оправдува говор на омраза кон одредена група, врз основа на раса, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација – еднаш на фејсбук-страниците на Левица и на лидерот Димитар Апасиев (упатена кон министерот за правда Кренар Лога нарекувајќи го „балист“). Дополнително овој месец се забележуваат и обвинувања за негативни странски влијанија во државата и популистички наративи. Кај лидерот Апасиев најкарактеристични индикатори за штетност се навредливите етикети кон политичките противници и користењето непроверени наоди.

Дополнително, Алијанса на Албанците продолжува со истиот тренд во штетните објави во кои најчесто се користат непроверени наводи и величање на сопствената етничка припадност. Штетни наративи користел и лидерот Арбен Таравари, кај кој, освен етноцентристички ставови, се забележани и непоткрепени наоди за негативно странско влијание во земјата.

Демократско движење штетните наративи ги произведува претежно преку Фејсбук, а не преку партиската интернет-страница. Партијата преку Фејсбук пропагира непроверени наоди и популизам, додека кај лидерот Изет Меџити најчесто се нотирани тврдењата за корумпираност и злоупотреба на службената должност, но и непроверени наоди за дискредитација на политичките опоненти и обвинувања за негативни странски влијанија во земјата.

Во објавите со штетните наративи на фејсбук-страницата на Алтернатива најчесто се забележуваат непроверени наоди кои се користат за обвинување на политичките противници, но поретко се застапени и намерното изоставање информации, грубото етикетирање и оцрнување на одредени групи со цел да се предизвикаат поделби и раздори помеѓу нас и вас. За разлика од Демократско движење каде се забележуваат повеќе штетни наративи кај лидерот Меџити во споредба со партиската комуникација, кај Алтернатива овој месец не се идентификувани штетни наративи кај лидерот Африм Гаши.

Табела 9: Приказ на застапеност на штетни наративи во објавите на политичките партии на интернет-страници (февруари 2024)




| | ДУИ | Левица | СДСМ | ВМРО-ДПМНЕ |
|---|---|---|---|---|
| Злонамерни информации | | | | 1 |
| Поткопување на довербата | | 5 | 8 | 29 |
| Дезинформации | 1 | | | 2 |
| Поттикнување поделби | | 4 | 4 | 6 |
| Популизам | | 2 | | 11 |
| Пристрасно селектирање | 2 | 8 | 23 | 38 |
| Напади на личност, демонизација | 1 | 2 | 2 | 7 |
| Теории на заговор | | | | 2 |
| Странско влијание | 2 | 1 | | 2 |
| Ширење паника, страв и | | 1 | 3 | 5 |
| Говор на омраза | | 1 | | |
| Етноцентризам | | | | |
| Екстремен патриотизам, национализам | | 1 | | 1 |

Исто како и претходниот месец, политичките партии на интернет-страниците најчесто развивале штетни наративи со пристрасно селектирање информации кои ја наведуваат јавноста на погрешни заклучоци (69) и се обидувале да ја поткопаат довербата во институциите (42).

Во вкупно 27 интернет-објави на ВМРО-ДПМНЕ во кои се идентификувани 105 делови кои содржат штетни наративи, најчесто се користени наративите за пристрасна селекција на информации (38 пати) и поткопување на довербата во институциите (29 обиди). Следни најчесто присутни штетни наративи на интернет-страницата на ВМРО-ДПМНЕ се популизам (11) и напади и демонизација на политичките противници (7 пати). Споредено со другите партии, ВМРО-ДПМНЕ почесто развивале штетен наратив на ширење паника, страв и несигурност, негативно странско влијание и екстремен патриотизам/национализам.

Во 15 идентификувани интернет-објави со штетни наративи од СДСМ се забележуваат 40 обиди за развивање штетни наративи од кои повеќе од половина (23) се пристрасна селекција на информации. Поретко се забележуваат обиди за поткопување на довербата во институциите, поттикнување поделби преку оцрнување на политичките противници, ширење паника, страв и несигурност и два напади и демонизација на личноста.

Во седумте идентификувани штетни објави на интернет-страницата на Левица, со вкупно 25 делови во кои е забележан штетен наратив, најчесто се презентирала пристрасна селекција на информации (8) и, исто како и минатиот месец, поретко се користел наратив за поттикнување општествени поделби и поткопување на довербата во институциите, говор на омраза и екстремен национализам/ патриотизам.

Во четирите штетни објави на интернет-страницата на ДУИ, идентификувани се вкупно 7 штетни наративи, и тоа три дезинформации, два наратива за негативно странско влијание, еден обид за демонизација на политички противник и еден етноцентристички наратив.

Табела 10: Приказ на застапеност на штетни наративи во објавите на политичките партии на Фејсбук




| | Бујар Османи | ДУИ | Крешник Бектеши | Кренар Лога | Демократско движење | Али Ахмети | Љупчо Николовски | Артан Груби | Арбен Таравари | Димитар Ковачевски | Алијанса на Албанците | Христијан Мицкоски | Алтернатива | Изет Меџити | Димитар Апасиев | СДСМ | Левица | ВМРО-ДПМНЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дезинформации | | | | | | | | | | | 1 | | 3 | 1 | | | | |
| Злонамерни информации | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | | |
| Поттикнување поделби | | | | | | | | | | | | 1 | 2 | | 2 | 3 | 5 | 3 |
| Поткопување на довербата | | | | | | | | | | 1 | | 2 | 1 | 3 | 4 | 8 | 16 | 17 |
| Популизам | | | | | 1 | | | | | 1 | | 2 | 1 | 1 | | 2 | 1 | 7 |
| Пристрасно селектирање | | 1 | | 2 | 1 | | 3 | 2 | | 3 | | 2 | 6 | 6 | 11 | 17 | 28 | 27 |
| Напади на личност, демонизација | | | | | | | | | | | | | 1 | 3 | 7 | | 6 | 3 |
| Говор на омраза | | | | | | | | | | | | | | 1 | 1 | | 1 | |
| Странско влијание | 1 | | | | | | | 1 | 1 | | | | 1 | 2 | | | 2 | 2 |
| Теории на заговор | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 |
| Ширење паника, страв и несигурност | | | | | | | | | | | | 1 | 2 | 3 | | 1 | 2 | 3 |
| Етноцентризам | | | 1 | | | 1 | | | 1 | | 2 | | | | | | | |
| МАВМС | | | | | | | | | | | | | | | | | 2 | 3 |
| Екстремен патриотизам, и/или национализам | | | | | | 1 | | | 1 | | 2 | | | | | | | |

Исто како и претходниот месец, на фејсбук-страниците се забележува истиот тренд како и на интернет-страниците со најчести наративи на пристрасно селектирање информации кое може да доведе до погрешни заклучоци во јавноста (108 пати), поткопување на довербата во институциите (52 пати) и напади и демонизација на политичките противници (20). Се забележува и зачестено поттикнување раздор и поделби во политичката сфера и развивање популистички наративи со коишто експлицитно или имплицитно се тврди дека се поддржува народот наспроти елитите/разни групи кои имаат некакви привилегии.

Манипулативни аудио-визуелни содржини се нотирани кај ВМРО-ДПМНЕ и Левица.

## Социјалдемократски сојуз на Македонија - СДСМ

Комуникацијата со штетни наративи кај СДСМ е со фокусот на внатрешната политика.  Партијата овој месец комуницирала за проблемот со вадење лични и патни исправи, за сообраќајниот хаос во Скопје, финансирањето на културата и за блокираниот грант за патот Ранковце – Крива Паланка.

Во избраните денови за мониторинг во февруари на интернет-страницата на СДСМ забележани се вкупно 83 објави од кои 15 објави се со штетен наратив. Сите 15 објави се однесуваат на внатрешно-политички теми, од кои осум се критика кон опозициската ВМРО-ДПМНЕ. На партискиот фејсбук-профил пак се нотирани 10 штетни објави. Согласно со комуникациската стратегија на повторување на пораките преку комуникациските канали, 10-те идентификувани објави на фејсбук-страницата на СДСМ се однесуваат на истите теми и може да се забележат истите штетни наративи како и на интернет-страницата. „Рециклирањето“ содржини најчесто се одвива во еден ист ден или во неколку денови последователно на двете страници, прво преку прес-конференција најчесто на еден од партиските портпароли. Потоа следува соопштение со повторување на текстот од прес-конференцијата, па изјава за медиуми на пратеник или пратеник од партијата – на веб-страницата. Паралелно се објавува содржина на Фејсбук од прес-конференцијата, потоа фејсбук-објава во вид на соопштение и барем по едно фејсбук-повторување на истото соопштение во скратена форма – некогаш дури и како серија покуси објави со главните поенти.

Како карактеристика во визуелизацијата на јавната комуникација е честата употреба на плакатот со визуелниот идентитет на партијата покрај текстот во објавите. Во однос на визуелизацијата, партијата користи црно-бела фотографија кога се објавуваат соопштенија со критики кон лидерот на ВМРО-ДПМНЕ.

Прв актер во штетните пораки на СДСМ е опозициската ВМРО-ДПМНЕ и лидерот Христијан Мицкоски и секогаш негативно се зборува за неа/за него. Како и во изминатите месеци, СДСМ ја именува како „ДПМНЕ“ и „ВМРО-МВРО“. Често се споменуваат и МВР и Панче Тошковски кој исклучиво се нарекува „министер за внатрешни работи во техничката Влада“ или „техничкиот министер од ДПМНЕ“, со намерно изоставање на неговото име. Од друга страна, пак, се забележува дека СДСМ најчесто се претставува како спасител и ориентирана кон ЕУ, а поретко и како бранител на народот и на правдата.

Од 15-те штетни објави на интернет-страницата на СДСМ и 10-те штетни објави на фејсбук-страницата на партијата, во сите има пристрасно селектирање информации што може да ја наведе јавноста на погрешни заклучоци, главно преку изнесување непроверени наоди, а во половина од нив и преку неосновани тврдења за корумпираност, непрофесионалност и неотчетност на политичките противници.

На пример, во соопштение од 19 февруари насловено „Ковачевски: Во ДПМНЕ гледаме дека нема никаква промена, тоа е истата партија од минатото“ се пренесува говор на лидерот Ковачевски на отворањето на промотивниот штаб на партијата во Расадник, Општина Кисела Вода. Во соопштението има непроверени наоди и тврдења за корумпираност и непрофесионалност на локалните власти од ВМРО-ДПМНЕ и Левица и се развива штетен наратив на пристрасно селектирање информации и поткопување на довербата во овие општини – *Ги гледаме нивните градоначалници, за две години ниту еден проект не реализираа. Гледаме каков хаос се случува во Скопје. Не само што нема капитални проекти, не само што нема развој, нема елементарен градски превоз... Вие имате можеби во јавноста најактивен градоначалник. Тој има цел ден за ФБ-постови, она што го видов единствено е дека работи и во сабота, но не видов ништо сработено. Истите дупки по улиците, истата неискосена трева, истите неисчистени улици... А работи и во сабота. Ама не е работа да седиш во канцеларија по цел ден. Работа е да излезеш и да сработиш... Гледајте го Ѓорче Петров: малку биле 15 спрата, 20 ќе правеле, па не една, 2-3 згради, па да биде комплет – две хемиски фабрики...* Кога се зборува за советниците од Левица дополнително се забележува и навредливо етикетирање со кое се развива штетен наратив на напади и демонизација на личноста – *Советниците од Левица, борците за правда знаете кај биле на совет кога се одлучувало? Дома биле. Затоа ви кажувам тоа се едни најобични популисти, едни лажови од светски калибар кои за пари не 20-катници, 60-катници ќе стават* (н.з. на снимката Ковачевски вели: 200-катници). Понатаму, може да се забележи и штетен наратив на поттикнување општествено-политички поделби со оцрнување со цел да се предизвикаат поделби: *...Во ДПМНЕ гледаме дека нема никаква промена, тоа е истата партија од минатото, не се поместени ниту милиметар, немаат програма, немаат политичка понуда, нема идеја, став... Затоа едноставен е изборот. Или држава со европски стандарди или држава во изолација, со контролирани медиуми на кои ќе гледате само тоа што ви сервираат од штабови на ДПМНЕ...*

Истиот ден објавено е и второ соопштение од истиот говор на лидерот Ковачевски насловено „Ковачевски: Концептот на СДСМ значи поголеми плати, пензии и демократија, на ДПМНЕ изолација и насилство“ во кое има пристрасна селекција на информации, но и со оцрнување на ВМРО-ДПМНЕ во споредба со промоцијата на својата партија - *...ние две години работиме и обезбедуваме поголеми плати и пензии, тие по две години блокади, за неполни 3 недели колку што имаат министри во техничката Влада, го покажаа вистинско лице, нема никаква промена. Што значи кога вработени во МВР тепаат свои колеги само затоа што си ја извршувале својата работа. Што значи кога член на обезбедување на нивниот прв човек ги тепа своите колеги, овие не смеат ни да пријават дека се тепани...* Дополнително, се развива штетен наратив на поттикнување поделби и ширење паника, страв и несигурност преку поистоветување на сегашниот лидер и политичка понуда на ВМРО-ДПМНЕ со претходната на поранешниот лидер Груевски, со користење зборови како „хорор“, „тепачки“ и „режим“ – *...И не постои капитал, не постојат пари кои можат да ја победат таа волја за напредна и просперитетна држава којашто само со нас може да ја имаат граѓаните. Веднаш гледаат граѓаните изјави дека ќе било хорор, закани, тепачки по автобуси, истепан полицаец. Нема никаква разлика меѓу она ВМРО со Груевски и ова сега со Мицкоски. Тоа е иста матрица, истите техники, истите криминални структури, само се различни луѓето што ги спроведуваат. Затоа, никогаш повеќе режим.* Истите пораки се повторуваат и во едната идентификувана објава со штетен наратив на фејсбук-страницата на лидерот Ковачевски од 19 февруари, истовремено објавена во скратена форма и на фејсбук-страницата на СДСМ.

Во февруари СДСМ продуцирала и штетни наративи околу проблемот со издавањето патни исправи на граѓаните. На интернет-страницата на партијата забележани се три штетни соопштенија на темата. Во двете соопштенија од 12 февруари насловени „Наместо решение ДПМНЕ создава хаос со личните документи“ и „Талевски: ДПМНЕ не може ништо да реши, само лаже и создава хаос со личните документи“, како и во соопштението од 15 февруари насловено „Бидејќи не може да испорача решение за личните документи, ДПМНЕ поднесува политички мотивирани кривични пријави“ се користат непроверени наоди и тврдења за непрофесионалност и неотчетност со што се развива штетен наратив на пристрасна селекција на информации – *Со месеци ДПМНЕ на партиски прес-конференции од белиот дворец тврдеа дека имаат решение и дека ќе го решеле проблемот со личните документи, пасошите и возачките дозволи. Сега, откако влегоа во техничката Влада и имаат министер за внатрешни работи, ДПМНЕ наместо решение создава хаос со личните документи и шири паника меѓу граѓаните... Дополнително, наместо да го зголеми капацитетот за сликање и вадење пасоши, министерот од ДПМНЕ го укина вадењето пасош без закажување...*

Пристрасното селектирање информации се забележува и околу инцидентот со лице од личното обезбедување на Мицкоски со службено лице од МВР пред ноќен локал во Скопје, кој се користи за обвинување на ВМРО-ДПМНЕ и лидерот Мицкоски. На пример, во фејсбук-објавата од 19 февруари насловена „МВР да одговори каква е улогата на Мицкоски во спречувањето на акцијата против дрога?“ се користат непроверени наоди и тврдења за корупција, неотчетност, непрофесионалност и злоупотреба на службена должност – *Освен што со тепањето го покажа вистинското, криминално лице на ВМРО-МВРО, јавноста треба да знае зошто обезбедувањето на Мицкоски седи пред вратите на кафе-бар навечер? МВР и техничкиот министер за внатрешни работи од ДПМНЕ треба да излезе пред граѓаните и да одговори: Која била улогата на обезбедувањето на Мицкоски? Дали неговата задача била да спречи акција против дилери на дрога? Дали тие дилери на дрога се поврзани со Христијан Мицкоски и ДПМНЕ и на кој начин? Граѓаните ги очекуваат одговорите.*

## Демократска унија за интеграција – ДУИ (Bashkimi Demokratik për Integrim – BDI)

Во февруари се забележани четири објави со штетни наративи на интернет-страницата на ДУИ и една објава со штетен наратив на фејсбук-страницата на лидерот Али Ахмети, во кои комуникацијата се фокусира на величање на сопствената етничка припадност и себепретставување како бранители на идентитетот и правата на етничките Албанци во државата и партија која е ориентирана кон ЕУ. Темата на идентификуваните штетни објави на интернет-страницата на ДУИ е за претстојните избори во земјата и се фокусира на промовирање на сопствениот кандидат за претседател на државата притоа користејќи неосновани напади на политичките опоненти. Партијата и нејзините високи претставници овој месец продолжуваат со предизборната кампања „ДА за Европа, НЕ за Русија“, проследена со обвинувања за руско влијание во земјата.

Во соопштение од 23 февруари насловено „ВМРО и СДСМ против нашата идеја за избор на претседател во Собранието, беа и против албанскиот премиер“, ДУИ изнесува дезинформациски наратив со користење непроверени наоди дека и ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ биле против премиер Албанец и се против претседател Албанец, иако без гласовите на пратениците од СДСМ, Талат Џафери немаше да биде избран за премиер на преодната Влада.

Ден подоцна, на 24 февруари, во објава од прес-конференција на Арбр Адеми насловена „Бујар Османи е вистинскиот за претседател, ВМРО да се огради од проруските ставови“се зборува позитивно за лидерот на партијата Ахмети и кандидатот за претседател на ДУИ Бујар Османи, додека штетноста во објавата е нотирана во критиката кон ВМРО-ДПМНЕ, а СДСМ се споменува со амбивалентен тон. Имено, со навредливи етикети за напади на личноста кон кандидатката за претседател од ВМРО-ДПМНЕ, Гордана Силјановска-Давкова – *Бараме ВМРО-ДПМНЕ да се изјасни против Русија, за Европа и да се огради од поетските пропутинистички ставови на нивната некогаш поразена русоносталгична кандидатка*

*Гордана Давкова...* и непроверени наоди и обвинувања за негативно странско влијание во земјата кои развиваат дезинформациски наратив – *...руското влијание што ја зафати нашата економија, критичната инфраструктура, политичките партии, медиумите, верските заедници, граѓанското општество и има за цел да го дестабилизира нашето општество. Кревка мултиетничка, мултирелигиозна и мултикултурна за промовирање на домино-ефект низ целиот регион.* Исто така, може да се забележи и етноцентристичкиот тон во агрументацијата за промовирање на кандидатот за претседател Османи – *Време е, почитувани граѓани, по првиот премиер Албанец, првиот вицепремиер, министерот за надворешни работи, министерот за одбрана и за внатрешни работи, народниот правобранител, претседателите на Уставниот, Врховниот и Управниот суд, претседателите на фудбалските, боречките и боксерските федерации, да го отворат патот претседателот на државата да биде Албанец.*

Објавата на фејсбук-профилот на Ахмети од 16 февруари се однесува на негов говор по повод годишнината од првите истрели во Танушевци, во кој се претставува себеси и својата партија како спасители и бранители на националниот идентитет и преку величањето на сопствената етничка припадност, развива штетен наратив на етноцентризам и екстремен национализам – *23 години од првите истрели на ОНА во Танушевци, да размислиме за големината на тие синови и ќерки кои го дадоа животот за националната кауза на слобода и рамноправност. Тој момент ја најави големата победа на нашето право негирано со векови, стави крај на угнетувањето и отвори друго поглавје кое ги направи Албанците фактор на прогрес и водачи на највиталните процеси за европска иднина.*

## ВМРО-ДПМНЕ

Главен фокус во комуникацијата на ВМРО-ДПМНЕ за месец февруари продолжува да биде критиката кон владејачките партии, најчесто обвинувајќи ги за криминал и корупција и дека не работат за доброто на државата и за народот. Белег на јавните комуникации и овој месец е нагласувањето и повторувањето на завршната порака „Никогаш не било полошо. Важно е да ги поразиме!" Со приближувањето на изборниот период во објавите на ВМРО-ДПМНЕ се засилува реториката во која се истакнува повеќе грижата за македонскиот народ, идентитетот, интересите, со цел да се нагласи дека ВМРО-ДПМНЕ е партијата која работи за македонските интереси, додека актуелните владејачки партии не се водени од мотивот да се зачува македонската држава. Нотирани се повеќе комуникации во кои се даваат изјави што би направила идната влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ, како подготовка за изборната реторика во периодот што следи. Се среќава и етикетирање на политички противници и нецелосното пренесување на информации, како и популистичкото промовирање на сопствените ставови и идеологија наспроти тие на политичките противници.

На интернет-страницата на ВМРО-ДПМНЕ се нотирани 125 објави, од кои 27 се објави кои содржат штетен наратив. Ден со најмногу штетни наративи е 23 февруари со четири објави. На тој датум се забележани значителен број вести поврзани со партиски активности на ВМРО-ДПМНЕ, вести за претседателските кандидати и партиски обвинувања. Објавите претежно третираат теми поврзани со случувањата во земјата, па така 11 се однесуваат на внатрешната политика, седум за криминалот, по две за корупцијата, економијата и културата, по една за надворешната политика и здравството, а едната објава што е означена како „Друго" повторно е поврзана со теми од земјата, случајот со труење со тешки метали на јаловиштето во Пробиштип. Темите од категоријата „внатрешна политика" се однесуваат на промената на патните исправи и другите лични документи во законскиот рок (пет објави), случајот со труење на јаловиштето во Пробиштип (две) како и по една за ЈСП Скопје и една критика кон Дарко Каевски од СДСМ. Седумте објави кои се категоризирани како „криминал" вклучуваат четири објави за тендерите во РЕК Битола и во Електрани на Македонија и по една за вооружена пресметка меѓу лица кои се познати по криминал, покачените цени за услугите кои ги издава Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија и обвинување за непочитување закони.

На фејсбук-профилот на ВМРО-ДПМНЕ се мониторирани 20 објави од кои 16 се со штетен наратив. Периодот од средината на февруари е период кога се распишани изборите, се најавуваат претседателските кандидати и има зголемен број објави за партиски активности. Забележителна е зголемена динамика на комуникацијата на ВМРО-ДПМНЕ кон премиерот во преодната Влада, СДСМ, ДУИ како владејачки партии, промената на личните документи и патните исправи, процес кој е во надлежност на Министерството за внатрешни работи, каде имаше промена и од крајот на јануари министерот е од ВМРО-ДПМНЕ, како и критики за работата на другите институции водени од владејачките партии СДСМ и ДУИ.

Кај лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, со мониторингот се опфатени десет објави, а две се нотирани како штетни. Двете објави се од доменот на внатрешната политика, а во нив тој се прикажува како спасител и бранител на народот.

На интернет-страницата на ВМРО-ДПМНЕ најчесто спомнуван актер е Владата, СДСМ и ДУИ заедно во 15 објави од 27 и за нив се зборува негативно, како и СДСМ во 7, Оливер Спасовски во 4, ДУИ во 2, Компанија Марковски во 2, РЕК Битола во 4, исто сите спомнати со негативен тон. Сличен тренд има и на фејсбук-страницата на ВМРО-ДПМНЕ каде Владата е спомната во 8 од нотираните 16 објави, Оливер Спасовски во 3, Компанија Марковски во 3, ЕСМ во 3, РЕК Битола во 2 и Електрани на Македонија во 2.

Продолжува практиката Владата да се именува како „власта на СДС и ДУИ", како и „ненародна и клептоманска власт" и „криминална власт." Во однос на тоа како се претставуваат себеси, се забележува сличен тренд како и во објавите кои се мониторирани на интернет-страницата. Во пет објави е нотирано дека се претставуваат како бранители на правдата, во две како транспарентни/отчетни, во две како бранители на сопствениот национален идентитет, во две спасители и во една објава како ориентирани кон ЕУ.

Кога се зборува за СДСМ се испушта буквата „М" од називот на партијата Социјалдемократски сојуз на Македонија, за да се нагласи дека сметаат дека е партија којашто не работи за македонските интереси. Исто така, се забележува дека Владата се именува како „ненародна власт на СДС и ДУИ", „власта на заминување на СДС и ДУИ", а некогаш и „власта на ДУИ и СДС" со тоа што ДУИ се наведува прва, да се нагласи дека таа ја има контролата иако е помалиот партнер во Владата.

Во однос на тоа како се претставуваат себеси, нотирано е дека нема промени во трендот на објавите од претходните месеци. Во девет објави се претставуваат како бранители на правдата, во пет објави како бранители на народот, во пет како спасители, исто така во пет објави како бранители на сопствениот национален идентитет и во една објава како транспарентни, отчетни.

Во соопштение од 3 февруари ВМРО-ДПМНЕ како одговор на СДСМ за преговарачката рамка со ЕУ, се прикажува како бранител на националниот идентитет. Со негативен тон се спомнува Владата, се поткопува довербата во неа и се користи популистички дискурс со што се промовира идеологијата на ВМРО-ДПМНЕ како подобра од таа на нивниот политички противник. Се вели дека *бугарскиот диктат кој Македонија го прифати поради слабата власт е најлошата работа која државата некогаш ја прифатила и дека ВМРО-ДПМНЕ не се согласува со бугарскиот диктат и тој мора да биде променет, а Македонија да добие подобра позиција.* Како и *нека не се потресуваат во СДС, за Македонија доаѓаат подобри времиња. А тие кои ја уништија државата набргу отсега ќе бидат минато, затоа што со СДС немаме држава и тоа мора да го промениме.* Изразот „бугарски дикат" го користи ВМРО-ДПМНЕ откако во јули 2022 година Македонската влада ја усвои Преговарачката рамка со ЕУ во која меѓу другото се бара и внесување на бугарскиот народ во македонскиот Устав и во таа насока ВМРО-ДПМНЕ во своите јавни изјави тврди дека Уставот ќе се менува под „бугарски диктат" со тоа упатувајќи дека Владата не работи во интерес на државата, туку под странско влијание и за туѓи интереси.

Темата за одбрана на државата од „СДС“ и враќање во рацете на граѓаните провејува низ повеќе објави на ВМРО-ДПМНЕ во врска со повеќе теми. Така, во соопштение од 7 февруари се критикува премиерот, со негативен тон се зборува за него, се напаѓа и се поткопува довербата во него, преку пристрасно селектирање и напад на личноста. Се вели дека *Ковачевски 2 години помина во незнаење и ништо, преќутување на криминалните бизниси на ДУИ и освен што стана привезок на ДУИ, со друго нема што да се пофали.* Објавата продолжува со критиката дека премиерот *не знае ни за физичкото насилство врз членовите на Алијанса за Албанците, не знае ни за куршумот во домот на Таравари, а денеска не ја знаел ни причината за смената на двајцата директори.* Дополнително се поткопува довербата во функцијата претседател на Владата и се користи популистички дискурс дека *сè поголем е стравот од пораз на СДС и ДУИ, како се ближат изборите, каде граѓаните ќе ги пратат во историјата, но и пред лицето на правдата.* Преку ваквите наративи, ВМРО-ДПМНЕ критикувајќи го премиерот за „преќутување“, „незнаење“ го дискредитира и го претставува како недостоен за вршење на функцијата премиер.

Поткопување на довербата во институциите со користење непроверени наводи, пристрасно селектирање и напад на личноста се присутни и во соопштението од 27 февруари кое се однесува на убиство на лица вмешани во криминал. Во објавата се вели дека тоа е *продолжение на крвавата наркопресметка на клановите чии грозоморни убиства*, од времето кога министер за внатрешни работи бил Оливер Спасовски и дека не може да се бара од сегашниот министер кој е од редовите на ВМРО-ДПМНЕ во преодната Влада да расчистува нешто за кое претходно не се преземени мерки. Се вели дека *силата на тие кланови доаѓа поради фактот што Спасовски, Заев и Ковачевски го ставија МВР на услуга на криминалците, а со помош на нарокклановите ДУИ и СДС добиваше гласови на неколку последователни изборни циклуси.* Ваквото воопштување и контекстуализација на случајот со убиството е пример за прекршување на начелото за комуникација заснована на докази.

Прикажувањето на ВМРО-ДПМНЕ како заштитник на граѓаните и бранител на националниот идентитет е присутно и во објавите на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски и функционерите на партијата Александар Николоски и Драган Ковачки од посетата во Швајцарија и средбата со задграничните комитети и македонската дијаспора, кои се објавени од партијата.

Во објава од 3 февруари, на фејсбук-профилот на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ се изнесува загриженост за *тоа што државата се одзема од народот, поради криминалот, ударите врз идентитетот, туѓите агенди и бришењето на македонизмот. Дека единствениот излез се промените до кои се доаѓа со заедништво, обединетост и силна посветеност за Македонија.* Текстот е придружен со фотографии од средбата на која се гледаат истакнати државното знаме, поранешното државно знаме со сонцето од Вергина и знамето на партијата. Објавата содржи популистички дискурс во кој се промовира сопствената идеологија како единствено решение, наспроти политичките противници кои се критикуваат за разнебитување на државата и се поткопува довербата во нив.

Сличен наратив се јавува и во изјавата на функционерот на ВМРО-ДПМНЕ Драган Ковачки за истата посета. Во соопштение од 4 февруари објавено од партијата се наведува дека *заеднички ќе успееме да ја симнеме оваа ненародна власт којашто ја заробила Македонија* и дека владејачките партии имаат еден заеднички интерес - *кој повеќе ќе ја разграба Македонија. И двете структури се базираат на антимакедонштина и во основа немаат грижа за македонските национални интереси.* Текстот содржи и повик до македонската дијаспора да дојде во Македонија и да гласа на идните избори за да се обедини за македонската национална кауза затоа што *ова е последен момент, тоа е последната генерација на македонски политичари коишто можат да ја спасат Македонија, затоа што ако останат овие истите на власт, сметајте дека ние држава нема да имаме.* Објавата содржи елементи на пристрасно селектирање и поткопување на довербата во владејачките структури, популизам со кој се претставува сопствената идеологија како подобра, како и екстремен патриотизам и национализам и ширење паника и страв од исчезнување на државата.

Додека пак во интервјуто на партискиот функционер Александар Николоски на ТВ Алфа (чија екипа е во Лозана и ги следи партиските активности), објавено на 4 февруари, тој говори на повеќе теми, при што се забележуваат сличните наративи. Се поткопува довербата во владејачките партии, на пример, *Македонците во дијаспората ги мачи криминалот, корупцијата и лошите услови во Македонија, заедно ќе ги поразиме СДС и ДУИ, потоа без разлика дали зборуваме за високото ниво на криминал и корупција коешто владее во Македонија или лошата состојба во економијата, состојбите во образованието коишто се далеку од добри, дрогата којашто царува на македонските улици помеѓу македонските деца.* Се користи популистички дискурс, се претставува сопствената партија како бранител на националните интереси, спасител на граѓаните, а се оцрнува политичкиот противник, *Заев и Димитров го понижија (народот) со потпишувањето на срамниот Преспански договор кога се промени името на Македонија и сега вторпат го понижуваат со тоа што мора да вадат нови пасоши со новото понижувачко име, во услови кога имаат важечки документи.* И се додава дека „СДС" му прави двојно понижување на *македонскиот народ и против кое ќе се бориме против на 8 мај.*

Доколку се разгледаат како целина, објавите содржат слични елементи на штетни наративи и потребно е да се анализираат и во контекст на предизборниот период со оглед на пропагандниот стил што го имаат. Впечатокот што го оставаат трите објави е дека партијата веќе ја почнала кампањата со оглед на тоа дека се повикуваат припадниците на дијаспората да дојдат во Македонија и да гласаат, да помогнат да се направи промената. Ова се вклопува во пошироката слика што ВМРО-ДПМНЕ ја проектира во комуникацијата кон јавноста, дека државата е во опасност и дека партијата заедно со народот може да ја спаси и да направи промена.

## Левица

Мониторингот на интернет-страниците и фејсбук-профилите на политичката партија Левица и на нејзиниот лидер Димитар Апасиев нотира дека на нивните комуникациски канали продолжува веќе утврдениот тренд на комуникација која е остра и критична кон владејачките партии СДСМ и ДУИ и кон најголемата опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ.

Левица претежно ги третира темите од внатрешната политика. Најчести се реакциите за важењето и измената на личните документи и патните исправи со старото уставно име на државата „Република Македонија", отворање на т.н. „Хашки случаи" за ОНА, одлуката на Уставниот суд да не се впишува графата за етничка припадност во изводи од матични книги, како и промоција на кандидатката за претседателка Билјана Ванковска. По промоцијата, партијата и нејзиниот лидер беа значително активни на Фејсбук водејќи кампања за поттикнување на граѓаните со потписи да ја поддржат кандидатката на Левица.

Сепак, и овој месец продолжува негативниот тон кон ДУИ како и говорот со кој партијата се прикажува како антиестаблишмент-партија. Најчесто споменувани актери во објавите на Левица се партиите СДСМ, ДУИ, ВМРО-ДПМНЕ, како и високи функционери од нивните редови како Талат Џафери, Али Ахмети, Оливер Спасовски итн. Доминира обвинувањето дека СДСМ, ДУИ и ВМРО-ДПМНЕ се на една страна, а тоа е страната против граѓаните, честопати обвинети дека заеднички работат против интересите на граѓаните – „широка коалиција ДПМНЕ-СДС-ДУИ", „СДС и ДПМНЕ". Левица себеси се именува со своето име, а се прикажува како спасител (нотирано двапати), бранител на идентитет (нотирано двапати) и бранител на народот (нотирано еднаш). За СДСМ продолжува трендот да ја именуваат како „СДС", отстранувајќи ја буквата „М" од кратенката за името на партијата Социјалдемократски сојуз на Македонија, за да се нагласи дека според нив СДСМ не работи за македонските интереси. Најголемата опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ ја именува како „ДПМНЕ", Владата се именува како „квислиншка влада на СДС и ДУИ", „одродена и анти-македонска гарнитура на СДС", „антимакедонската влада на СДС и ДУИ", функционерот на ДУИ Талат Џафери како „амнестиран терорист", „насилник", „политички узурпатор", „канцер на македонското општество".

Од нотираните 11 објави на фејсбук-профилот на лидерот на Левица Димитар Апасиев сите се од областа на внатрешната политика. Тие се насочени слично како и партиските, кон ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и владините функционери. Талат Џафери го именува и како „тиранинот", СДСМ како „СДС", министерот за внатрешни работи Панче Тошковски како „вмровскиот министер за внатрешни", „дпмнеовски министер", Оливер Спасовски како „сдсовски министер", „мафијаш", ВМРО-ДПМНЕ како „вмроиди", ДУИ како „УЧК", а претседателот Стево Пендаровски како „Стево Вошка."

Продолжува практиката да се користат хаштази кои исто така носат политичка порака, како #ВоБорба, #ЛевицаОдПарламент, #ЦрвениотБран, #ЌеПобедиме. Слично како и партискиот фејсбук-профил, и лидерот Апасиев користи хаштази, како: #ФалаОдродени, #ЛевицаОдПарламент, #ФалаМинистре, #ПолитичкиСуицидности, #СитноБроиме, #БорбатаПочнуваСега, #ПотпишиСеЗаВанковска, #ШирокатаКоалиција, #ТекЧеДаВамБудеЖао.

Во февруари на интернет-страницата се нотирани 13 објави, а од нив седум содржат штетни наративи. Најмногу објави, т.е. две се од 12 февруари. Едната објава е поврзана со темата за повторно отворање на т.н. „Хашки случаи", а втората за легислатива за продолжување на важењето на возачките дозволи со старото име на државата „Република Македонија." Од забележаните пак 90 фејсбук-објави, 21 објава содржат штетен наратив. Во мониторираните денови најмногу објави со штетни наративи има на 8 февруари кои се однесуваат на закони кои ги блокира Левица во Собранието и постапката што ја повеле против претседателот на Собранието Џафери. Нотирани се објави со штетни наративи и на 15 февруари кои се однесуваат на работата на владини функционери, поточно вицепремиерот Артан Груби и министерот за надворешни работи Бујар Османи, како и за менувањето на личните документи со новото уставно име. Од 21 нотирана објава, 14 се однесуваат на внатрешна политика, три објави се за надворешна политика, по една за криминал, правосудство, економија и социјална политика.

При промоцијата на професорката Билјана Ванковска за претседателски кандидат на Левица, во соопштение објавено на 7 февруари на интернет-страницата се вели дека *Левица им фрла ракавица во лице на буржоаските партии и влегува #ВоБорба на претседателските избори! Во овој историски час, за кандидат за претседател ја предлагаме Билјана ВАНКОВСКА, еминентен левичар кој цела своја професионална кариера е во одбрана на македонската државотворност.* Во текстот се содржат популистички изрази, со кои Левица се поставува како партија која работи за државниот интерес наспроти другите политички партии. Во текстот исто така се изнесуваат непроверени наводи за разнебитување на државата, екстремен национализам и популизам, при што се тврди дека се влегува во борба за Македонија *против доминацијата на тројниот пакт СДС, ДПМНЕ и ДУИ, кој континуирано ја разнебитува државата!* Исто така се наведува и постоење на странско влијание, дека *во епоха кога македонскиот народ и држава се под силен удар на странските шовинизми и империјалистички политики, се исправуваме пред предизвикот во кој македонскиот народ мора да излезе како ПОБЕДНИК,* како и дека не треба да се дозволи претседател кој ќе биде *марионета на странските амбасади и вазал на туѓите државни интереси.*

Партијата во оваа објава се служи со популизам, дека целта е „Македонија да им ја земеме на елитите" и да се врати таму каде што припаѓа „во рацете на народот!", односно Левица, следејќи ја левичарската идеологија се претставува како партија која не е дел од политичките елити, туку е заедно со народот. Во оваа објава, покрај наративите со кои се наведува странско влијание, популизам, се користи и јазик со кој се продлабочува поларизацијата, истакнувајќи ја дихотомијата „ние-народот-доброто" и „вие-елитите-лошото".

Во соопштение од 28 февруари, објавено на интернет-страницата на Левица, партијата повторно е претставена како бранител на интересите на граѓаните, дека е на страна на народот, наспроти останатите партии. Станува збор за тема од областа на внатрешната политика, одлуката на Уставниот суд да не се впишува графа за етничка припадност во изводи од матични книги, откако Левица го оспори Упатството за водење матични книги и Законот за матичната евиденција. Со употреба на популистички дискурс, ширење паника и страв, екстремен патриотизам и национализам и поттикнување поделби, Левица се претставува

како бранител на народот, што успеала да спречи понатамошна „сегрегација" на државата: *Обидите за дезинтеграција на македонската нација и држава, преку сецесионизмот на т.н. 'албански партии' кој го дозволуваат СДС и ДПМНЕ, со крајно десничарски и нацистички практики за сегрегација и поделба на општеството – со поткопување на концептот за една држава ЕДНА НАЦИЈА, се оди на редефинирање на државниот концепт преку апартхејдски политики. Левица одлучно се спротивставува на овие погубни процеси.* Објавата содржи и напади на личноста и **говор на омраза** кон министерот за правда Кренар Лога кој е именуван како „балистот Лога". Исто така, се поткопува довербата во другите политички партии кои се сметаат дека заеднички дејствуваат, додека Левица е на страната на народот, има елементи на екстремен национализам и поттикнување на поделби: *Левица и Уставниот суд задаваат удар на етнотрибализмот, кој во недостиг на идеи за подобрување на животот на граѓаните и со цел разградување на македонското национално единство, го промовираат криминалните партии ДУИ, Беса и Алијанса на Албанците, а кои прекутно го поддржуваат антимакедонската СДС и лажните патриоти од ДПМНЕ.*

Едната од темите која беше популарна во јавноста од доменот на внатрешната политика беше повторното отворање на т.н. „Хашки случаи", односно судски предмети за кривични дела од конфликтот во 2001 година кои не беа процесуирани од Меѓународниот суд на правдата во Хаг, туку се донесе одлука за нивно решавање со македонското законодавство. Како резултат на политички договор во 2011 година овие дела беа затворени за понатамошно постапување со носење законски решенија. Во текот на февруари беше објавено дека Советот на Европа наведува можност за повторно разгледување на овие предмети. Во соопштение од 12 февруари објавено на интернет-страницата на Левица е содржан потпалувачки и навредлив говор кон политичките партии ДУИ, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, се зборува за нив со негативен тон и се претставени дека заедно работат против народот, додека Левица е бранител на македонските интереси и националниот идентитет. Дополнително, текстот е илустриран со фотографија на која се лидерот на ДУИ Али Ахмети и други членови на ДУИ во војнички униформи. Функционерите на ДУИ кои се засегнати со овие предмети се именувани *како техничкиот премиер Талат ЏАФЕРИ, лидерот на ДУИ – Али АХМЕТИ, како и многу други поранешни функционери, кои 23 години поддржувани од СДС и ДПМНЕ ја разоруваат македонската држава.* Исто така, се дава и популистички дискурс дека за Левица ќе биде услов за формирање влада да има *кривичен прогон за криминалите и злосторствата на терористичката банда од ДУИ.* Објавата содржи елементи на екстремен патриотизам и национализам и поткопување на довербата во политичките партии кои ги водат институциите на државата. Ваквиот дискурс во јавната сфера од страна на политичките актери во земјата може да придонесе кон поттикнување на поделби на етничка и политичка основа, дополнително ако оваа реторика се разгледа и во поглед на изборниот период во кој се наоѓа општеството.

Во соопштение од 8 февруари на фејсбук-профилот на Левица објавено е дека Талат Џафери е казнет за прекршување на Уставот откако Левица поднела иницијатива затоа што истовремено извршувал функција претседател на Собранието и член на претседателството на ДУИ. Објавата го дава правниот основ и хронологијата на настаните, при што за Џафери се вели дека *амнестираниот терорист со поддршка на неговите коалициски партнери СДС и ДПМНЕ* ја платил казната. Во објавата исто така се наведува дека *Левица ги повикува граѓаните на претстојните избори да ја поддржат единствената партија која жестоко и со сите средства се спротивставува на канцерот на македонското општество ДУИ и жестоко да ги казнат нивните коалициони партнери и соработници СДС и ДМПНЕ!* Во објавата се врши напад на личноста на Талат Џафери, се врши поткопување на довербата во институциите преку нападот врз политичките партии кои биле или се владејачки партии во државата. Се користи и популистички дискурс, се поттикнува поделба на „ние-доброто" и „тие-лошото" при што Левица се претставува дека е на страната на граѓаните.

Објавата од партијата Левица ја има споделено на својот фејсбук-профил нејзиниот претседател Апасиев на 8 февруари со текстот „Симболична ПОБЕДА против Тиранинот!", илустрирана со фотографијата од Џафери која се среќава во објавата на партијата. Во кратката објава од Апасиев се забележува популистички тон славејќи голема победа, а се користи напад на личноста со тоа што Џафери се именува како „тиранин".

Во објава од 7 февруари поврзана со носењето на еден од законите од областа на енергетиката во Собранието, Левица објавува соопштение во кое го критикува носењето на регулативата наведувајќи дека пратениците од Левица се против штетните закони за нови централи. Во соопштението се користи пристрасно селектирање, наводи за странско влијание и наративи со кои се поткопува довербата во институциите тврдејќи дека *ДУИ во име на НАТО-фундаментализмот енергетски ќе ја поробат Македонија и дека јасна е тенденцијата на амнестираните криминалци од ДУИ со ваквите скандалозни енергетски проекти. Во текстот се наведува и дека доколку политичкото крило на УЧК по секоја цена сака да ја докаже својата посветеност кон НАТО, ги повикуваме да се приклучат на фронтот во Украина - наместо цела држава да ја ставаат во заложништво на приватниот капитал поради туѓи апетити и интереси!* Дополнително, текстот содржи и фотографија од функционери на ДУИ, министерот за економија Крешник Бектеши, кој е предлагач на законот, и вицепремиерот Артан Груби, со што се помага манипулативната природа на текстот дека законите во Собранието се во корист на целите на ДУИ.

Објавата ја има споделено лидерот на Левица на својот профил Апасиев, истиот ден на 7 февруари, со краток текст „ДЕЧКИ, НИЕ СМЕ ПОД ОКУПАЦИЈА!" - популистички наратив со кој се алудира, упатува на странско влијание и кој може да предизвика вознемиреност и паника кај граѓаните.

Во мониторираните денови на фејсбук-профилот на лидерот на Левица Димитар Апасиев се нотирани 67 објави, од кои 11 се објави со штетен наратив (10 реакции и едно соопштение). На фејсбук-профилот на Апасиев продолжува трендот да споделува објави од фејсбук-страницата на партијата Левица и да дополни негов коментар, кој честопати содржи штетен наратив. На пример, партијата Левица на 15 февруари објавила соопштение дека поднела кривична пријава против вицепремиерот Артан Груби за противправно стекнување и прикривање имот. Додека во објавата не се нотираат штетни наративи, Апасиев ја споделува истата и дополнува *Му дојде редот и на најголемиот МАФИЈАШ у Владата!*, при што се користи навредлив говор кон политичкиот противник и се изнесува наод за негова корумпираност.

Во врска со собирањето потписи за кандидатката за претседател, нотирани се објави во кои има навредлив и популистички говор, како на пример објавата од 27 февруари:

> *Уште 1/5 од потребните ПОТПИСИ. Ако запнеме, уште утре можеме да ги спичкаме. Затоа, не одложувајте! Дајте да се пребројме и да им ги затнеме поганите муцки на буржуите. А потоа и да се пресметаме со нив, на избори.*✌
> *#СитноБроиме*
> *#БорбатаПочнуваСега*
> *#ПотпишиСеЗаВанковска*

Во објава од 11 февруари Апасиев најавува дека пратениците на Левица ќе поднесат предлог-закон за продолжување на важноста на возачките дозволи со името „Република Македонија". Притоа додава дека: *p.s. Казни за некористење СЕВЕРНА се дистопија во која живееме благодарение на СДС, УЧК и ДПМНЕ. Пазете на наредни избори, немој после «јеби га.» - 😉#ЛевицаОдПарламент*

Во објавата се користат навредливи изрази за политичките противници како „СДС" за СДСМ, „УЧК" за ДУИ и „ДПМНЕ" за ВМРО-ДПМНЕ со цел да бидат омаловажени. Објавата завршува со популистичка порака која може да се стави во контекст на изборите во следните месеци, со цел да се мобилизираат граѓаните да гласаат за Левица.

## Алијанса на Албанците - Aleanca për Shqiptarët

Во февруари мониторингот на Фејсбук за првпат идентификува два штетни наратива на фејсбук-страницата на лидерот Арбен Таравари, но и три штетни објави на фејсбук-страницата на Алијанса на Албанците. По претходно разделување на партијата на два табори предводени од Зијадин Села и Арбен Таравари, овој месец Арбен Таравари официјално се кандидираше за претседател со поддршка на неговата партија и на

Европскиот сојуз за промени (ЕСП) кои влегоа во заедничка предизборна коалиција наречена „Вреди“. Во својата комуникација, Алијанса на Албанците се претставува како бранител на сопствениот национален идентитет, а ги претставува ВМРО-ДПМНЕ како националистичка, а СДСМ, ДУИ и Левица како ултранационалистички партии. Во објавите со штетни наративи на фејсбук-страницата на АА главна тема се изборите и најчесто споменуван е министерот за правда и секретарот на партијата Кренар Лога. На пример, во објава од 23 февруари на фејсбук-профилот на партијата објавено е видео од интервју на Лога за ТВ Шења во кое се забележуваат непроверени наоди со кои се развиваат дезинформации – *...Македонците го бојкотираат премиерот... Крстот на Шапка е сценарио од ВМРО со албанската опозиција.... МАНУ е колевска на србизмот ...македонската олигархија и длабоката држава македонска го имаат зафатено судскиот систем...*, но и злоупотреба на лични информации – *...претседателот на МАНУ кој зборува против балансерот и за враќање на унитарната држава е татко на вмровец од Унија УМС...* Дополнително, се забележува и етноцентристички наратив со екстремен национализам и патриотизам, со кој се поттикнуваат меѓуетнички тензии и омраза кон Македонците *...Македонскиот супернационализам е камуфлиран со европски изглед, со европска облека сакаат да ги расформираат инструментите што ни овозможуваат права..., Изборите на 8 мај ќе бидат почеток на вистинскиот судир помеѓу Македонците и Албанците...*

Во фејсбук-реакција на Таравари од 11 февруари, за интервју дадено од претседателот на Србија Александар Вучиќ, лидерот на АА обвинува за негативно српско влијание во земјата и претстојните избори кое се врши преку поддршка на „ултранационалистичкиот лидер“ Али Ахмети – *Неприродно внимание доаѓа од Белград кон Македонија. Српскиот претседател Александар Вучиќ проговори за изборите кај нас, жалејќи за чиј проблем?! Дали за некој македонски ултранационалистички лидер потпирајќи се на историјата на Вучиќ. Да, да! Верувале или не, Александар Вучиќ берел гајле за Али Ахмети!!! Тој рече дека Албин Курти, косовскиот премиер, ќе го победи Али Ахмети и ќе владее со Македонија. Од кога Али Ахмети е во српските интереси што дури го сметаат за лидер на Македонија?! Како може Србин како Вучиќ кој нема добро мислење за Албанците (освен некои од Албанија), да води кампања за Али Ахмети?!*

Дополнително, во фејсбук-објава на Таравари од 16 февруари, со фотографија од конгресот на партијата, каде се забележува етноцентристички и националистички тон во краткиот статус: *Вечерва, во* ***античката (древната) албанска престолнина, во историското Скопје,*** *разбрав појасно од кога било, дека промената започна и не запира повеќе! Поздрав од Народот.*

## Европски сојуз за промени – ЕСП (Lidhja Europjane për Ndryshim)

Овој месец не се забележани објави со штетни наративи на новата страница на Европскиот сојуз за промени, но забележани се објави со штетни наративи на фејсбук-страниците на Алтернатива (6) и кај Демократско движење (1) и нивниот лидер Изет Меџити (4). Сепак, комуникацијата на овие две партии е слична, прес-конференциите се објавуваат на каналите на двете партии. Важно е да се напомене дека ЕСП на 17 февруари официјално влезе во предизборната коалиција „Вреди“ (алб. VLEN) со Алијанса на Албанците и застана зад Арбен Таравари како кандидат за претседател на блокот опозициски партии на етничките Албанци, па оттука се забележува дека и комуникацијата се фокусира на промовирањето на новата коалиција и нивниот кандидат за претседател. Две од шесте објави на Алтернатива со штетни наративи се прес-конференции објавени од името на новата коалиција „Вреди“.

Во штетната комуникација продолжуваат да се фокусираат на остри критики и обвинувања кон ДУИ, но и кон Владата, а овој месец се забележуваат напади и кон новиот премиер на преодната Влада Талат Џафери нарекувајќи го „технички администратор на техничката Влада и случаен Албанец“. Наспроти ДУИ кои го претставуваат како синоним за криминал и корупција, себеси и своите партии ги претставуваат како спасители и бранители на народот, на идентитетот на етничките Албанци и на правдата.

Шесте фејсбук-објави на Алтернатива се однесуваат на различни конкретни теми како состојбите со театарот и библиотеката во Тетово, неправилности во МЕПСО, уставните измени, изборите, исмејување на чорапите на Артан Груби нарекувајќи го „ Шареночорапиот Дилбер" и обвинување на ДУИ дека е помагач на руското влијание во земјата, но во сите од нив се провлекува истиот тренд на користење непроверени наоди со кои се врши пристрасна селекција на информации, па дури и дезинформации, а поретко се провлекуваат негативни етикети за претставниците на ДУИ со што се развиваат штетни наративи за напади на личности, како и обвинувања за поддршка на непожелно руско влијание во земјата. Дополнително со споредбите помеѓу ДУИ како лоши и корумпирани и албанските опозициски партии како добри, се развиваат штетни популистички наративи.

На пример, во објавата на прес-конференција на фејсбук-страницата на Алтернатива од 23 февруари насловена „ВЛЕН: ДУИ го кандидира за претседател „Пациентот", единствениот албански функционер со предмети во Специјалното обвинителство" се користат непроверени наоди и нецелосно пренесување на „настанот" со кои се развиваат штетни наративи на пристрасно селектирање информации *Дали навистина верувате дека граѓаните и меѓународниот фактор не знаат дека Бујар Османи е единствениот кој - го отвори небото на Русија и го донесе Сергеј Лавров во Скопје, за што го вознемиривте главниот стратешки партнер на Албанците, САД, и секретарот Антони Блинкен не остана во Скопје*, како и непроверени наоди со кои се развиваат дезинформациски наративи – *Мислите дека граѓаните не знаат дека главен партнер ви е Русија! Вие сте тие кои 10 години совладавте со најголемиот проруски во државата Никола Грувскин. Потоа безбедно го испративте во Унгарија. Граѓаните знаат дека ДУИ со руски олигарси има десетици бизниси за брзи кредити. Но, кој дозволува отворање казина од руски и српски бизнисмени кај нас, освен функционери на ДУИ?* Очигледно е дека непоткрепените наоди за негативно руско влијание во земјата се припишуваат на ДУИ – *сите ваши постапки и соработки се типични за Русија и Србија, само што сега не можете да ги сокриете. Затоа, многу јасно ви даваме до знаење дека сите знаеме дека вие од една страна се преправате дека ја пцуете Русија, а од друга страна само дозволувате нејзино проширување и влијание во Северна Македонија.*

Следствено, се забележува и популистички наратив со кој се промовира „Вреди" како проевропска опција која ќе ја спаси државата и народот од негативното елитистичко и проруско владеење на ДУИ – *Затоа граѓаните секој ден сè повеќе - се приклучуваат на вистинската проевропска коалиција, се приклучуваат на опозициската коалиција за која ВРЕДИ (ВЛЕН). Затоа Арбен Таравари убедливо ќе победи како кандидат за претседател, бидејќи граѓаните знаат кој е ВРЕДи (ВЛЕН)! На 8 мај каменот што се обидувате да го фрлите на другите ќе ви падне на глава и на 9 мај земјата ќе се ослободи од Русија, додека проевропскиот и проамериканскиот дух ќе триумфира, бидејќи само така ВРЕДИ(ВЛЕН)!*

Истиот штетен наратив може да се забележи и во фејсбук-објава на Алтернатива од 11 февруари со кратка порака - цитат и фотографија од Африм Гаши која е објавена и на неговиот и на профилот на партијата - *Од вечерва нашата политичка битка стана уште појасна. Прашањето на изборите на 8 мај ќе биде: „Дали сте со Вучиќ на Србија и Али Ахмети или сте со здружената албанска опозиција – Европски сојуз за промени и Албин Курти?". Не може да биде почисто од тоа. Исто така и полесно за да се одлучи.*

Мониторингот на фејсбук-страницата на Демократско движење забележана е една објава на прес-конференција со штетен наратив од 8 февруари насловена „Европски сојуз за промени: ДУИ разрешува и се реваншира, но луѓето кои сакаат промени се обединуваат!" од Мустафа Имери кој е разрешен од позицијата шеф на катедра во музичко училиште, кој излегува во јавност со неговата приказна и на крајот упатува пораки идентични на пораките на опозицискиот блок на партии на етничките Албанци. Истата прес-конференција е објавена и на фејсбук-страницата на Изет Меџити и на Алтернатива. Во оваа комуникација се забележуваат непроверени наоди со кои се прави пристрасна селекција на информации и се развива популистичкиот наратив на албанската опозиција во кој се акцентира разликата помеѓу ДУИ како „неколку политичари во бегство" и опозицискиот блок на Албанците како претставник на „народот кој бара промени": – *Всушност, оваа техничка Влада ги започна наопаку 100-те дена. Но, се чувствувам*

*горд што во оваа битка помеѓу неколку политичари во бегство и народот кој бара промени, јас сум на страната на народот. Почитувани, разрешувате, но народот се обединува, вие се реванширате, но народот се движи. Доброто во ова лошо е што на ова зло му останаа уште само 90 дена. Ќе издржиме, 8 мај е нашиот ден. По параванот ќе ја разрешиме оваа власт со нашиот глас. ПРОМЕНАТА ДОАЃА!*

Штетните наративи идентификувани во четирите објави на фесјбук-страницата на Изет Меџити се фокусирани на критика кон Талат Џафери и кон Законот за игри на среќа. На пример, во објава од негова прес-конференција на 28 февруари, Меџити користи тврдења за корумпираност и криминал – *Со законот на ДУИ, казината не се затвораат. ДУИ соработува во 4 нови казина со српското подземје. Какви тајни крие овој закон, кои Груби и партијата на зелената агенда сакаат тајно да ги прошверцуваат, еднаш со европско и еднаш со сицилијанско знаме. Ќе ви кажеме СТОП, бидејќи оваа измама не може да помине...* и непроверени наоди – *...Покрај проектот 'Казино во секоја уличка', Артан сега успешно го спроведува проектот CASINO во секоја куќа со доделување 4 лиценци за ONLINE CASINO на компании каде Папарим Бајрами е партнер, сега добро позната личност која ги извршува наредбите на кланот...* се развива штетен наратив со пристрасно селектирање информации и се поткопува довербата во Собранието и во високите функционери во власта од ДУИ, но со негативните етикети кон Груби и наводите за негативно странско влијание – *Така и со воведувањето на овој закон, Артан Груби наводно ќе затвори некои обложувалници, за да му отвори пат на бизнисот на КАЗИНОВ исклучиво на екипа на српското подземје. Така што Русија преку Србија!* се шири паника, страв и несигурност во јавноста. Истата прес-конференција е објавена и на фејсбук-страниците на Демократско движење и Алтернатива.

Истиот ден, Меџити има објава на краток статус кој е реакција на посетата на премиерот Талат Џафери на карневалот во Вевчани во кој го оцрнува Џафери дека највисок политички претставник на етничките Албанци ги омаловажува и ги навредува Албанците – *Актуелниот технички премиер карневалот на кој се навредуваат Албанците и ОВК го прогласи за наследство од особено значење... Па сега ќе ни се смеат и со името на премиерот Карневал. Гордоста и достоинството на Албанците ВРЕДИ многу повеќе од посебното наследство што ни го остава Талат.*

## Мониторинг на комуникацијата на членовите на Владата на РСМ преку официјалните фејсбук-страници

Од мониторингот на фејсбук-страниците на владините функционери во преодната Влада нотирани се објави со штетни наративи кај вицепремиерот Артан Груби (1), Бујар Османи (1), министерот за економија Крешник Бектеши (1), министерот за земјоделство Љупчо Николовски (2) и министерот за правда Кренар Лога (2).

На фејсбук-страницата на вицепремиерот Артан Груби идентификувана е една објава со штетен наратив. Генерално комуникацијата на вицепремиерот Артан Груби е политичко-партиска, односно во прв ред е повеќе партијата отколку институцијата која ја води. Ова е и резултат на функцијата која ја има во партијата - одговорен за односи со јавноста. Во неговите објави надвладува пропагандистичкиот партиски наратив, кој е етноцентричен, а се користат потпалувачки тонови и историски факти кои ги контекстуализира во актуелниот политички миг. Груби често својата партија ја поврзува со наследството од поранешната ОНА, обидувајќи се да влијае на емотивен план врз гласачите. Во овој контекст предничи Груби, кој речиси во сите постови на Фејсбук го глорифицира и го хиперболизира во историски димензии ликот на Али Ахмети – *Сите мои другари, како војска, се редени по Ахмети, за еден претседател, за нашиот другар Бујар.*

На фејсбук-страницата на министерот за надворешни работи Бујар Османи се забележува злоупотреба на службениот профил за партиска пропаганда. Конкретно, на 23 февруари објавено е видео од министерот од салата на Обединетите нации каде иако присуствува официјално како министер, зборува за неговата претседателска кандидатура за претстојните избори во земјава, со партиска реторика.

Дополнително, на 11 февруари е нотиран специфичен случај на објава од фејсбук-страницата на министерот за надворешни работи и кандидат за претседател од ДУИ, Бујар Османи, а која е избришана неколку часа подоцна. Во објавата се користат обвинувања за ВМРО-ДПМНЕ дека наводно поттикнале странско, српско влијание, како и негативни етикети за медиумите кои се обвинуваат дека ги *бојкотираат активностите на првиот албански премиер,* со кои се развива етноцентристички наратив дека овие здружени сили сакаат да се одмаздат на Али Ахмети и да ја заменат *силната албанска рака* – ДУИ, со *деривати кои останаа надвор од процесот на лустрација и реформирање на ДУИ* – опозициските партии на етнички Албанци во земјата.

> *Како никогаш досега во историјата на оваа држава македонските национални терестријални медиуми ги бојкотираат активностите на првиот албански премиер, дури уште од денот на неговото именување (назначување). Ги бојкотираат и активностите на министрите на ДУИ и на самата партија. А дополнително од истите сме сведоци на агресивна кампања од различни центри на одлучување и против претседателот Ахмети. На крај со посредство на лидерот на ВМРО, Мицкоски го имаат вмешано во орото и српскиот претседател, Вучиќ.*
>
> *Две се целите на оваа синхронизирана антиалбанска кампања:*
> *1) одмазда кон Ахмети за војната во 2001 година и за рамноправноста што ја донесе таа војна.*
> *2) слабеење на една силна албанска рака и нејзина замена со деривати кои останаа надвор од процесот на лустрација и реформирање на ДУИ.*
> *Повеќе од ова, во овие тешки времиња за Албанците, кога огништето на војната е само стотици километри далеку од нас, Албанците не дозволуваат, а ниту ќе дозволат сомнителни идеолошки и национални фигури да ја ризикуваат нашата иднина...*

Во февруари идентификувани се две објави со штетни наративи на фејсбук-страницата на министерот за правда и генерален секретар на Алијанса на Албанците Кренар Лога на која преовладува партиска наместо институционална комуникација. Се претставува себеси и својата партија како бранители на сопствениот национален идентитет, транспарентни, отчетни и ориентирани кон ЕУ. За таа цел, Лога употребува пропагандни техники во неговите објави и потпалувачки тонови со кои истакнува дека се бори за етничките албански интереси. На пример, на 29 февруари во фејсбук-реакција по неговото интервју за ТВ Шења каде што најавува судир помеѓу Македонците и Албанците на изборите, Лога ретерира од својата изјава со објаснување кое содржи штетен наратив за странски влијанија во земјата: *Идеолошкиот судир Запад - Исток во ниту еден момент не смее да се претставува како судир меѓу Албанците и Македонците,, а најмалку како нешто кажано од моја страна. Тоа што е општо познато во нашата земја е дека во Северна Македонија има прогресивни европски сили и регресивни проруски струи.* Исто така се користат непроверени наоди и се врши пристрасна селекција на информации, како на пример во објава на видеоснимка од негово интервју од 23 февруари *Претседателот Албанец може да се избира само од Собранието. Северна Македонија не ја достигнала зрелоста за ова преку директните избори.*

Во едната идентификувана објава со штетен наратив на фејсбук-страницата на министерот Бектеши од 11 февруари, која е најверојатно реакција на интервјуто на претседателот на Србија Александар Вучиќ, се забележува истиот партиски етноцентристички наратив на ДУИ во кој се велича лидерот на партијата Ахмети и се поставува во битка со Мицкоски, ЕСП и Вучиќ за победа на Албанците на претстојните избори – *Али Ахмети против Мицкоски, Вучиќ, ЕСП... Албанците ќе ПОБЕДАТ под водство на КОМАНДАНТ АЛИ АХМЕТИ.*

Во мониторираните денови во февруари нотирани се вкупно 52 објави на фејсбук-профилот на министерот Николовски и две објави со штетен наратив, во кои се забележуваат непроверени наоди за обвинување на ВМРО-ДПМНЕ, со кои прави пристрасна селекција на информации кои може да ја доведат јавноста до погрешни заклучоци. На пример, во објава од 16 февруари, во која министерот Николовски ја

обвинува опозицијата за блокирањето на измените на Законот за земјоделство, се вели *Од 2021 година досега ДПМНЕ преку собраниската комисија за земјоделство го кочи донесувањето на овие измени и усогласувања во Законот за земјоделство и рурален развој*, а во објавата од 23 февруари, каде министерот прави споредба (со инфографик) кој обезбедил повеќе финансиска поддршка за земјоделците, повторно ја критикува опозицијата и пишува *Читам и слушам празни зборови и општ хаос во ветувањата од опозицијата...* Во фејсбук-објавите на министерот Николовски се забележува хаштагот #РезултатиЗаЗемјоделците.

## 1.3 РЕЗИМЕ

Првите два месеца од 2024 година ги карактеризира предизборна реторика којашто беше надополнета со комбинаториките околу преодната Влада. Најексплоатирани теми беа темата за менување на личните документи и патните исправи со новото уставно име, скандалот со упадот во М-НАВ, изборот на преодната Влада и изборот на Талат Џафери како премиер во преодната Влада. Во помал обем се среќаваат теми поврзани со управувањето на јавните институции на централно и на локално ниво, при што најчести теми кои се користат за продуцирање штетни наративи се поврзани со управувањето со јавните финансии и способностите на функционерите.

И во овие два месеца, исто како и во претходните месеци, најголемите политички партии произведуваа најмногу штетни наративи. Главната владејачка и главната опозициска партија СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ се на врвот, а потоа следат помалите партии. Се забележува тренд кај малите парламентарни партии да не се нотирани штетни наративи. Ова е од причина што мониторингот не се врши секој календарски ден во месецот, а исто така и помалите партии се помалку активни и поретко изнесуваат ставови во однос на општествените случувања. Од помалите партии исклучок е Левица која е значително активна на Фејсбук, и преку профилот на лидерот на партијата Димитар Апасиев и преку партискиот фејсбук-профил кој истовремено се користи како агрегатор на објавите на фејсбук-страниците на партиските ограноци.

Со наближувањето на датумот на избори, се зголемува интензитетот на комуникацијата на политичките актери. Јазикот кој се користи е поостар и со емотивен набој. Покрај тоа што се чести штетните наративи во кои се изнесуваат обвинувања кон политичките опоненти со цел да се поткопа довербата во нив, се забележува и зачестена појава на популистички дискурс, зачестени етноцентристички наративи, како и обвинувања за странско влијание. Ова е забележително особено кај партиите на Албанците, кои посегнуваат по реторика за величање на националната припадност и инсистирање на етничка персонализација на првите функции (премиер и претседател на државата).

### Комуникациски практики на политичките актери во јануари и февруари 2024

Во јануари, со мониторингот на интернет- и на фејсбук-страниците на 10-те политички партии и на нивните лидери се идентификувани 75 објави на интернет-страниците на партиите и 73 фејсбук-објави коишто содржат штетен наратив. Повеќе од половината, односно 61,3 проценти од идентификуваните штетни наративи на интернет-страниците на партиите за месец јануари се од партијата ВМРО-ДПМНЕ, 29,3 проценти од СДСМ и 8 проценти од Левица. На фејсбук-страниците, исто како и изминатите месеци, најмногу штетни наративи се нотирани кај партијата Левица (43,8 %) и нејзиниот лидер Димитар Апасиев (11 %).

Исто како и во претходните месеци, партиите креираат пораки со идентична векторска проекција кон другите политички актери. Кај ВМРО-ДПМНЕ претежно штетните наративи се насочени кон СДСМ и ДУИ, кои опозициската партија ги претставува како криминални структури, неодговорни и не водат сметка за националните интереси. СДСМ пак најчесто ги етикетира ВМРО-ДПМНЕ како „кочничари на европските интеграции“ и ги обвинува за корумпирано владеење во локалните институции низ државата. Левица ги таргетира СДСМ и ДУИ, но не ги поштедува и ВМРО-ДПМНЕ на тој начин претставувајќи се

како мала партија која работи за граѓаните наспроти големите блокови на партии. Европскиот сојуз за промени се фокусира на напади кон Али Ахмети и кон високите претставници на ДУИ, особено на темата за негативно странско влијание од премиерот на Косово, Албин Курти, во домашната политика, но и за обвинувања кон власта за коруптивно и несовесно владеење. Кај ДУИ нема директни напади, но се нотираат етноцентристички наративи и дихотомна реторика „ДА за Европа, НЕ за Русија" која добива на интензитет со кандидатурата за претседател на државата.

Кај скоро сите политички субјекти кои се предмет на мониторинг се забележува дека постои тренд да се претставаат дека тие се на страната на народот, дека ги застапуваат нивните интереси за разлика од политичките противници. Заштитата на националните интереси на Албанците во државава е во фокус на промоцијата на сопствените идеологии во штетните објави на ДУИ, Европскиот сојуз за промени и Алијанса на Албанците.

Најчести наративи кои се користат останува да бидат примери со кои се изнесуваат непоткрепени наоди, најчесто за криминално работење, корупција и непрофесионалност, или обвинување на противникот дека не работи за интересот на државата. Додека кај владејачките партии претежно наративот се фокусира на темата за проевропски и антиевропски блок, кога комуникацијата е насочена кон опозициските актери, кај опозицијата се забележува тренд да се користи скоро секоја тема од поширок јавен интерес за критика на властите. Секоја тема за која се изнесуваат податоци за критичко работење се поврзува од страна на опозициските актери често како обид за нетранспарентно и непрофесионално работење, неспособност, честопати со надградување на она што било претходно објавено и негово ставање во контекст за неспособноста на владејачките партии.

Исто како и во претходните извештаи, и овој месец е утврдено прекршување на начелата за етичка комуникација на членовите на Владата. Почнувајќи од премиерот Димитар Ковачевски на чија официјална фејсбук-страница се објавени содржини за партиски активности (отворање нови партиски простории на општинската организација на СДСМ во Аеродром).

Јануари е месец на повеќе православни верски празници, па премиерот, неговите заменици – Маричиќ и Грковска, и неколку министри, како министерот Спасовски, министерките Петровска и Шукова, споделија честитки, па и во име на институцијата (на пример, „во име на МВР") или информираа за учество во религиозни настани. Нивното одбележување на профилите на избрани функционери во секуларна држава не соодветствува со очекувањето дека владините комуникациски канали се употребуваат исклучиво за комуникација поврзана со работата на функционерот, кој треба да ги застапува интересите на сите граѓани без разлика на верска, политичка или каква било друга лична определба.

Покрај тоа, во јануари се забележуваат и штетни наративи на фејсбук-страниците на заменик-премиерот Груби кој изнесе тврдења за обиди за дестабилизација и дезориентација од нашиот европски пат кои доаѓаат од еден единствен центар – Русија, што за првпат е изнесување обвинување од страна на вицепремиерот на ДУИ за мешање на странски фактори во внатрешно-политичките односи во земјата. Дополнително, на крајот на месецот, вицепремиерот изнесува партиски и етнички инспирирани наративи, во контекст на поставувањето на Талат Џафери како прв мандатар на преодната Влада кој е етнички Албанец.

На фејсбук-страницата на Алијанса на Албанците, објавено е видео од интервју со министерот за правда од редовите на АА, Кренар Лога, во дебатната емисија „OnTime" на Телевизија КОХА, во кое тој обвинува странски ентитети за мешање во внатрешните работи во државата, спротивно на интересите на државата: ...Имаше случувања во Бањска и во БИХ со Додиќ, Македонија не може да биде имуна на српски и руски влијанија затоа што имаат заедничко минато во заедничката југословенска држава, а и затоа што се словенски братски народи. Во интервјуто Лога ја прикажува својата партија како бранител на сопствениот национален идентитет, а зборува негативно за ВМРО-ДПМНЕ и Левица.

Во февруари се нотирани 53 штетни наративи на интернет-страниците и 83 на фејсбук-страниците. Најмногу штетни наративи на интернет-страниците се забележани кај ВМРО-ДПМНЕ (27), СДСМ (15), Левица (7) и најмалку штетни наративи се идентификувани кај ДУИ (4). На фејсбук-страниците најмногу штетни наративи се забележани кај Левица (21) и кај лидерот на партијата Димитар Апасиев (10), а првпат е нотиран и штетен наратив кај лидерот на Алијанса на Албанците, Арбен Таравари.

Главните актери остануваат непроменети. Главната опозициска партија најчесто ги насочува штетните наративи кон владејачките СДСМ и ДУИ, додека СДСМ ги таргетира ВМРО-ДПМНЕ. Левица ги насочува штетните наративи кон СДСМ и ДУИ како владејачки партии, како и кон ВМРО-ДПМНЕ. Европскиот сојуз за промени како главен актер ги имаат ДУИ, кои пак најчесто немаат конкретен актер, туку ја величаат работата на нивната партија.

Политичката комуникација од почетокот на 2024 година е потребно да се гледа во контекстот на изборите кои ја очекуваат земјава во пролетта 2024 година – претседателски и парламентарни избори. Со оглед на тоа дека изборната кампања за претседателските избори почнува на 4 април, за претседателските во втората половина на април, а изборите се распишани во средината на февруари, очекувано е дека во овој период ќе има заострена реторика од страна на политичките субјекти. Во таа насока, во текот на месец февруари се забележува зголемена динамика во објавите од страна на политичките актери. Јазикот кој се користи е поостар, почесто навредлив, почесто има изрази на популистички дискурс кој е типичен за изборните кампањи.

Ако во јануари беше нотирано повеќе фокус на изнесување непроверени наоди за корупција, криминал, омаловажување на политичкиот противник и поткопување на довербата, во февруари покрај овие се нотира и зголемено присуство на популизам и националистичка реторика. Овој тренд е очекуван со оглед на тоа дека се наближува периодот на предизборието, а темата за одбрана на македонските национални интереси е многу актуелна тема во последната година и пол, по усвојувањето на т.н. „француски предлог", односно Преговарачката рамка со ЕУ.

Продолжува трендот владејачките партии претежно да користат наратив кој се фокусира на темата за проевропски и антиевропски блок, кога комуникацијата е насочена кон опозициските актери. Опозицијата пак ја користи секоја тема, претежно од внатрешната политика, која е од поширок јавен интерес за критика на властите. Дополнително, во февруари се забележуваат и одредени трендови кои ги навестуваат изборните платформи и кампањи. СДСМ комуницира дека нивната проевропска агенда е единствената опција за граѓаните наспроти антиевропската опозиција, конкретно партиите ВМРО-ДПМНЕ и Левица, која нема план и визија за државата. ВМРО-ДПМНЕ користи поизразена реторика за заштита на македонските национални интереси, проектирајќи слика дека владејачките партии СДСМ и ДУИ не работат за одржување на државата. ДУИ се задржува на етноцентристички наратив со кој се претставуваат како бранители на сопствениот национален идентитет и проевропски спасители на албанскиот народ во земјата, притоа обвинувајќи ги политичките противници за екстремен национализам и поттикнување негативно странско/проруско влијание во државата, за што потврдува и предизборниот слоган на партијата „ДА за Европа, НЕ за Русија". Овој месец Алијанса за Албанците и Европскиот сојуз за промени се здружуваат во коалиција со Арбен Таравари како заеднички кандидат за претседател, па оттука и нивната комуникација постепено се синхронизира со фокус на обвинувања кон ДУИ за криминал, корупција и овозможување штетно руско и српско влијание во земјата. Левица, пак, има поинтензивна и поостра реторика насочена кон сите политички партии кои се од владејачкото мнозинство, како и кон ВМРО-ДПМНЕ. Скоро сите политички актери користат реторика со која се ставаат на страната на народот, за разлика од политичките противници. Кај малите парламентарни партии во периодот за мониторинг не се евидентирани штетни наративи.

И во февруари се нотирани неколку случаи кога членови на Владата ги злоупотребуваат официјалните канали за комуникација на институцијата со која раководат. Таков е случајот со Бујар Османи, кој присуството во ООН во својство на министер за надворешни работи го користи за сопствена промоција за

претседателската кандидатура. Сличен е случајот со министерот за правда Кренар Лога, кој исто преку официјалниот, владин фејсбук-профил коментира меѓупартиски препирки, но и употребува и националистички реторики. Пречекорувања од овој тип се забележани и кај министрите за политички систем и за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Бројни прекршувања на стандардите и начелата за јавна комуникација од страна на политичките актери

Мониторингот во месеците јануари и февруари 2024 година покажува дека доминантните политичките актери во Македонија, и од владејачките и од опозициските политички партии, ги прекршуваат стандардите и начелата што треба да се следат во политичката комуникација. Тие многу лесно посегнуваат по обвинувања за своите политички противници без поткрепа со аргументи. Се изнесуваат неосновани обвинувања за коруптивно работење со што се поткопува довербата во институциите. Загрижува фактот за зачестените критики на влијателните политички актери (и од поранешниот премиер и од лидерот на опозицијата) кон медиумите, со што се поттикнува клима за недоверба кон медиумските работници и нарушување на слободата на изразување. Се користат непроверени податоци, селективно се презентираат информации, со што се оневозможува јавноста да добие целосна слика за работењето на политичките субјекти и не може да донесе информирана одлука, особено кога станува збор за изборните процеси. Мониторингот утврди дека штетните наративи кои се користат во јавниот дискурс на политичките партии во Македонија го прекршуваат начелото на комуникација базирана на докази. Манипулативниот говор, кој ги вклучува дезинформациите, неточните информации и злонамерните информации, може сериозно да влијае врз демократските процеси и во изборите преку создавање и ширење лаги, напад врз личности, што може да резултира со намалување на довербата во изборниот процес и во институциите. Честото изнесување непроверени наводи за корупција, криминал, користењето навредлив јазик за да се омаловажи политичкиот противник, доведуваат до намалување на степенот на професионалноста и етичноста на политичката култура за комуникација, но и на културата на говорот во социолингвистичка смисла. Оттука, важно е политичарите и јавните службеници да не користат дезинформации и да споделуваат само проверени информации при својата комуникација.

Политичките актери имаат обврска да бидат транспарентни во своето информирање, да го застапуваат јавниот интерес, да не бидат извор и да не шират дезинформации и непроверени информации, како и да не се служат со говор на омраза, дискриминаторски говор и да ги почитуваат правата и обврските од слободата на изразување. Транспарентноста се смета за еден од важните предуслови во борбата против корупцијата. Недостигот од транспарентност во комуницирањето на политичките актери доколку се случува често, може да придонесе кон нормализацијата на нетранспарентноста во информирањето, ограничување на информативниот простор и да влијае во општи рамки на намалување на транспарентноста на институциите. Политичките субјекти се должни во својата работа да практикуваат активна транспарентност и да објавуваат материјали што се од интерес за медиумите и за јавноста.

Во Македонија е добро позната практиката партиите да се служат со националистичка реторика, особено во пресрет на и за време на изборите, особено што тоа е реторика која има емотивен набој и лесно ги поттикнува емоциите на граѓаните. Анализата покажува дека во месец февруари се засилува овој потпалувачки националистички говор, како и популистички дискурс кој се служи со наративи дека одредени политички актери работат на зачувување на македонските национални интереси, за разлика од други кои се коруптивни, не работат за доброто на државата или служат на странски интереси. Пропагирањето екстремен патриотизам и национализам може да придонесе кон поголема поделба во општеството, посебно во сензитивен период како што е изборниот циклус во општество како нашето каде што демократијата е сè уште кревка.

Политичките актери потребно е да се воздржуваат од користење и ширење на говор на омраза и дискриминаторски говор, кој може да предизвика нетрпеливост и да поттикне поделби. Според член 19 од Универзалната декларација за човековите права, секој има право на слобода на мислење и на изразу-

вање, при што ова право ја вклучува и слободата за застапување на одредено мислење, како и слободата за барање, давање и примање информации и идеи преку медиумите: „Секој има право на слобода на мислење и изразување, што го опфаќа и правото да не се биде вознемируван поради своето мислење, како и правото да се бараат, примаат и шират информации и идеи преку медиуми од секаков тип, без разлика на границите" (Универзална декларација за човековите права).

Начелото на етична комуникација значи дека избраните и именуваните функционери, како и партиските функционери, имаат обврска во својата комуникација со јавноста и со медиумите да практикуваат етика во комуникацијата. Политичките партии се охрабруваат да донесат кодекси за однесување, кои, покрај другото, нивните членови, функционери, кандидати и избрани и именувани лица ги обврзуваат да се справат со говорот што поттикнува нетолеранција, дискриминација или омраза. Исто така, тие се повикуваат при своите прес-конференции да ги третираат учесниците со почит, да практикуваат еднаков третман при поставувањето прашања и да се воздржат од етикетирање на медиумските работници и активистите за човекови права (Заедничка декларација за политичарите и јавните службеници и слободата на изразување од 2021 година).

Без разлика дали се од владејачките политички партии или пак опозициски актери кои претендираат да управуваат со државата, сите политички актери имаат правна и етичка обврска да комуницираат со јавноста навремено, транспарентно и професионално. Кога политичките актери практикуваат комуникација во која има ниска култура на етичност и професионалност, пристрасно селектирање, непроверени наоди или наоди кои не можат да се докажат, етикетирање, исмевање, понижување, тогаш во јавниот дискурс се множат штетните наративи.

Политичките актери ја претставуваат волјата на народот, кој им дава доверба да управуваат со државата и со државните ресурси во нивно име, па затоа мора да практикуваат дискурс во кој штетните наративи ќе бидат сведени на минимум. Во спротивно, се нормализира недемократската култура на јавната комуникација и однесување со што се оневозможува демократското унапредување на политичката дебата, а со тоа и подобрата понуда за граѓаните кои е потребно да донесат одлука во изборните процеси врз основа на плуралност на информациите кои им се достапни при презентацијата на работата на политичките субјекти.

# 2. Мониторинг на медиумското известување за политичките актери

Анализата на известувањето на онлајн-медиумите и телевизиските станици за политичките актери е вториот, паралелен процес во истражувањето „Мерење на политички штетни наративи“. Тој е комплементарен со првиот мониторинг, односно следењето на јавната комуникација на политичките актери. Додека анализата на политичките партии и на нивните лидери е фокусирана на утврдување на доминантните штетни наративи во контекст на почитување на стандардите за јавна комуникација, медиумскиот мониторинг треба да даде одговор како овој токсичен и поларизирачки јавен дискурс пенетрира во медиумската арена. При набљудувањето се анализира кои се најчестите „сејачи“ на штетните наративи во информативните содржини, дали и како успеваат да се пробијат во ударните минути и насловници, кои теми се плодна почва за нивно ширење, но и најважно - каква е улогата на новинарите во овој процес: дали медиумите се придржуваат на професионалните и на етичките стандарди за точно, правично и непристрасно информирање или, пак, беспоговорно ја следат агендата што ја диктираат политичките актери.

**Примерокот на медиумите ги опфаќа следните 11 онлајн-медиуми и 9 телевизиски станици:**

**Онлајн-медиуми:** Локално; Независен; Слободен печат; А1он.мк; МКД.мк; Република; Курир; Алмакос; Тетова сот; Нова ТВ; Вечер.мк.

**Телевизии:** јавни и приватни ТВ-станици на национално ниво со најголема гледаност, вкупно девет: МТВ 1 (јавна); МТВ 2 (јавна, на албански јазик); Алфа ТВ (приватна); Канал 5 (приватна); Сител ТВ (приватна); ТВ 24 (приватна); Телма (приватна); Алсат М (приватна, на албански јазик); ТВ 21 (приватна, на албански јазик).

Единица за анализа е една поединечна објава или еден поединечен прилог. Повеќе детали за методологијата и стандардите за етичко и професионално известување, може да се најдат на истражување ШТЕТ-НА.

Мониторинг на медиумското известување за политичките актери во јануари

| S | M | T | W | T | F | S |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 31 | 1 | 2 | **3** | 4 | 5 | 6 |
| **7** | 8 | 9 | 10 | **11** | 12 | 13 |
| 14 | **15** | 16 | 17 | 18 | **19** | 20 |
| 21 | 22 | **23** | 24 | 25 | 26 | **27** |
| 28 | 29 | 30 | **31** | | | |

вкупно 8 денови

Мониторинг на медиумското известување за политичките актери во февруари

| S | M | T | W | T | F | S |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 28 | 29 | 30 | 31 | 1 | 2 | 3 |
| **4** | 5 | 6 | 7 | **8** | 9 | 10 |
| 11 | **12** | 13 | 14 | 15 | **16** | 17 |
| 18 | 19 | **20** | 21 | 22 | 23 | **24** |
| 25 | 26 | 27 | **28** | 29 | | |

вкупно 7 денови

Мониторингот се спроведуваше во вкупно 15 денови во текот на ноември и декември, распоредени во интервал од четири денови („секој четврти ден во месецот“). Денови за медиумски мониторинг беа следните денови **во јануари**: 3, 7, 11, 15, 19, 23, 27, 31 јануари (вкупно осум денови) и **во февруари**: 4, 8, 12, 16, 20, 24, 28 (седум денови).

## 2.1. Извештај за мониторингот на известувањето на онлајн - медиумите за политичките актери

### Извештај за јануари 2024 година

Почетокот на 2024 година ја карактеризира несмален интензитет на штетни наративи во интернет-медиумите, иако јануари е месец со најмногу празници во годината и за очекување беше политичарите и политичките партии да „здивнат" од политиката и од меѓусебните „надмудрувања" за бројни политички прашања. Перманентниот раст на бројот на штетни наративи од досегашниот четиримесечен мониторинг (септември 209, октомври 154, ноември 215, декември 207), овојпат се искачи на 240 прилози со штетни наративи. Доминантно, тие се поврзани со внатрешната политика, а пред сè, со изборот на техничката влада (нејзиниот состав, изборот на претседателот на Владата) во пресрет на претседателските и на парламентарните избори во државата, но и случувањата поврзани со Македонската навигација (М-НАВ) (насилниот упад во контролната кула, преземените мерки, реакциите на ЕУ), судството и обвинителството (избори на судии, обвинители), промената на личните документи (лични карти, пасоши, возачки дозволи) со новото име на државата.

Контекстуално, анализата покажува дека, од сите утврдени прилози со штетни наративи, жанровски доминираат пренесените соопштенија (пред сè, од политичките партии, односно 98) и пренесените говори на политичарите, или 72 прилога, што заедно сочинуваат 70,8 % од анализираните прилози. Ако кон тоа се додадат и 22 објави преземени од фејсбук-статуси, прес-конференции и интервјуа дадени за други медиуми, тие заедно сочинуваат 192 прилога или 80,0 % од сите анализирани прилози со штетни наративи. Како извештаи се нотирани 22 прилози, како вести 16 прилози, а анализи, коментари и интервјуа има многу ретко и спорадично. Притоа, очекувано, токму поради ваквата жанровска структура, најголемиот број, или 209 прилози, имаат прецизни извори на информации, но најчесто тоа е само еден извор (213 прилози) и во нив доминира еднострано информирање, односно во 217 прилози е консултирана само една страна. Поводот за објавување на прилозите најчесто се псевдонастаните (113 прилози или половина од сите анализирани), односно партиските конференции за печат и изјавите на политичките актери, а потоа актуелните настани (70 прилози), а далеку помалку општествените случувања (27 прилози) и актуелните планирани настани (17 прилози). Стандардно, како и во претходните мониторирани месеци, најголемиот број прилози **(213 или 88,8 %) не се потпишани**, наспроти 18 каде стои името/иницијалите на авторот/новинарот на прилогот, додека 9 прилози се преземени од други медиуми (телевизиски станици или информативни агенции).

### Фреквентност на штетните наративи во онлајн-медиумите

Најголем број прилози со штетни наративи и овојпат имаат Република (44) и Курир (33), но кај останатите анализирани портали сменети се местата на „ранг-листата", па следат А1он и Независен, а дури потоа Вечер.мк и Локално, додека Нова ТВ и овојпат е со најмалку прилози со штетни наративи. Впечатлив е примерот на Вечер.мк, во кој постепено, од месец до месец се намалува бројот на прилози со штетни наративи.

Табела 11. Прилози со штетни наративи во јануари 2024




Жанровската структура на анализираните прилози со штетни наративи, непроменето, и овојпат ја сочинуваат партиските соопштенија и пренесените говори на политичарите. Партиските соопштенија доминираат во Курир (во 23 од 37 прилози), пред сѐ, од партијата ВМРО-ДПМНЕ и А1он (во 20 од 31 прилог), исто така од ВМРО-ДПМНЕ, но и од Левица, потоа во Република (во 14 од 44 прилози), Вечер.мк (во 12 од 21 прилог) и Локално (во 10 од 20 прилози), а говорите на политичарите во Тетова Сот (во 5 од 11 прилози), Независен (во 9 од 25 прилози) и МКД.мк (во 8 од 13 прилози). Кумулативно, двете жанровски форми се најзастапени во Курир (во 31 од 37 прилози), Вечер.мк (во 17 од 21 прилог), Локално (во 14 од 20 прилози), МКД.мк (во 12 од 13 прилози) и во сите прилози во А1он. Посебно се издвојува порталот Република во кој покрај партиските соопштенија и говорите на политичарите (вкупно 27 прилози), голема е бројката и на прилози (14) на пренесени делови на интервјуа, прес-конференции, фејсбук-статуси на политичките субјекти, исклучиво на партијата ВМРО-ДПМНЕ и на нејзините членови. Или вкупно 41 прилог од утврдените 44 прилози со штетни наративи, со што порталот освен како пренесувач – „гласноговорник“ на соопштенија, реакции, ставови, говори на одреден политички субјект со негативна конотација ин/директно влегува во стапицата на креирање штетни наративи. Наспроти тоа, од сите анализирани портали, се издвојува Алмакос во кој од вкупно 22 прилога со штетни наративи, 10 жанровски се извештаи.

Табела 12. Прилози со штетни наративи според жанровска структура во јануари 2024




| | Република | Курир | А1он | Независен | Вечер.мк | Локално | Алмакос | МКД.мк | Слободен печат | Тетова сот | Нова ТВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Друго | 14 | 1 | 0 | 3 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Интервју | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Коментар | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| Анализа/коментар | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Аналит. репор. прилог | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Извештај | 0 | 4 | 0 | 3 | 0 | 0 | 10 | 1 | 1 | 2 | 1 |
| Вест/вест со изјава | 2 | 0 | 0 | 1 | 3 | 3 | 0 | 0 | 5 | 0 | 2 |
| Пренесено соопштение | 16 | 23 | 20 | 3 | 12 | 10 | 5 | 4 | 0 | 3 | 2 |
| Пренесен говор на политичар | 11 | 8 | 11 | 9 | 5 | 4 | 2 | 8 | 6 | 5 | 3 |

Внатрешната политика е доминантна тема во сите интернет-медиуми без оглед на бројот на прилози со штетни наративи. Така, во Независен (во 24 од вкупно 25 прилози), Слободен печат (во 11 од вкупно 12 прилози), Тетова Сот (во 10 од вкупно 11 прилози) и Нова ТВ (во 8 од вкупно 9 прилози) таа е речиси единствената тема за која се информира јавноста. Во Вечер.мк доминира со 16 прилози (од вкупно 21), во Алмакос со 13 прилози (од вкупно 17), во Локално со 15 прилози (од вкупно 20) и во МКД.мк со 9 прилози (од вкупно 13). Единствено во порталите Република, Курир и А1он, покрај внатрешната политика, неретко се јавуваат економијата, криминалот и корупцијата. Република, покрај внатрешната политика, најголемо внимание посветува на криминалот и на корупцијата, Курир на економијата и на криминалот, а А1он на надворешната политика, криминалот, корупцијата и локалната самоуправа. Здравството, образованието и социјалната политика имаат спорадично значење.

Притоа, она што е поважно, темата „внатрешна политика" е сведена на кратки партиски соопштенија или ставови, изјави на политичките субјекти (преземени од други медиуми или различни настани) преполни со штетни наративи и стандарден формат за лесно препознавање од јавноста. Неколку карактеристични примери:

- *ВМРО-ДПМНЕ: Ковачевски ја продаде СДС, за ден повеќе да им слугува на ДУИ и дезертерот Талат Џафери да стане премиер,* прилог составен од три кратки пасуси и целосно (и насловот и текстот) преземен од интернет-страницата на ВМРО-ДПМНЕ (извор, **Република, 31.1.2024**). Истиот прилог во идентична форма и содржина и истиот ден е објавен и во Курир.
- *Мицкоски: Жално е да се гледа на какви ниски гранки падна СДСМ,* прилог, односно интервју со претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, целосно преземено од порталот Пресс24 (извор, **Курир, 3.1.2024**), а пренесено и во други портали.
- *ВМРО-ДПМНЕ: Премиер ли е, алвација ли е, ниту кафиња, ниту тајни средби ќе има, работите се пресериозни за државата,* прилог од три кратки пасуси насочени кон премиерот Димитар Ковачевски и неговата неспособност за функцијата, целосно преземен од интернет-страницата на ВМРО-ДПМНЕ (извор, **А1он, 3.1.2024**), а пренесен и на Вечер.мк и бројни други портали, телевизиски станици, информативни агенции.
- Прилог *Сите патишта од упадот во М-НАВ водат кон ДУИ*, составен од неколку кратки реченици и целосно преземен од интернет-страницата на партијата ВМРО-ДПМНЕ (извор: **Вечер.мк, 19.1.2024**) во кој бандите на „европското" ДУИ го загрозиле авиосообраќајот. Истиот прилог, со ист наслов, но со скратена содржина ќе го објави МКД.мк, додека Курир за истото соопштение ќе го смени насловот, *ВМРО-ДПМНЕ: По две недели уште нема разрешница за упадот во М-НАВ, власта ги спасува бандите на ДУИ* (извор, **Курир, 19.1.2024**), а ќе го објават и бројни други портали.
- *Каевски: На ДПМНЕ бизнис-интересот им е пред сè, зборуваат за бугаризација, а прават милиони во Бугарија,* прилог, составен од два многу кратки пасуса, од интервјуто на пратеникот и портпарол на СДСМ Дарко Каевски, за тоа како колеги пратеници од ВМРО-ДПМНЕ заработуваат со фирми во Бугарија, а се против вметнување на Бугарите во Уставот (извор, **Нова ТВ, 19.1.2024**), а објавен е и во други портали.

Поводот за објавување на овие прилози најчесто се псевдо- и актуелни настани. Како псевдо- се утврдени 113 прилози (47,3 %), а тука спаѓаат јавните соопштенија на политичките партии, прес-конференциите, изјавите и реакциите на политичките субјекти (политичарите, портпаролите, пратениците, градоначалниците, членовите на политичките партии) и ако кон нив се додадат оние прилози креирани од гостувања на политичките субјекти во други медиуми, а такви се 8 прилози, тогаш бројката на псевдонастани е 121 прилог (50,65 %). Како актуелни настани се утврдени 70 прилози (29,3 %) и заедно со актуелните планирани настани, а такви се 17 прилози, се 87 или 36,4 %. Псевдонастаните се најбројни во Курир и Република, во Независен речиси подеднакво се застапени псевдонастаните и општествените случувања, А1он, Вечер.мк, Тетова Сот, Слободен печат и Нова ТВ балансираат помеѓу актуелните и псевдонастаните, во Локално предност имаат псевдонастаните, а во Алмакос и МКД.мк актуелните.

## Политичките актери во анализираните прилози

Во сите мониторирани портали бројни се актерите застапени во прилозите со штетни наративи, но доминираат оние со два актера (64 прилози или 26,4%). Потоа следат оние со три (41 или 17,1%), четири (32 или 13,3 %), пет актери (25 или 10,4 %) и шест актери (29 или 12,1 %). Притоа, нивната застапеност е различна кога се работи за колективни или за индивидуални политички актери. Во порталите со најголем број прилози со штетни наративи доминираат колективните актери, односно во Република тоа се партиите ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ и Владата, а во Курир ВМРО-ДПМНЕ и Владата на СДСМ и ДУИ. Наспроти тоа, во А1он покрај ВМРО-ДПМНЕ, власта, СДСМ, ДУИ и Левица, често застапени се и премиерот Димитар Ковчевски, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски и претседателот на Собранието (сега премиер во техничката Влада) Талат Џафери, додека во Вечер.мк, предност имаат СДСМ и ДУИ, а во Алмакос ДУИ, Владата и ВМРО-ДПМНЕ. Наспроти тоа, во Независен, покрај партијата ВМРО-ДПМНЕ, најзастапени се премиерот Димитар Ковачевски и претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски. Слично е и кај Локално, со доминација на ВМРО-ДПМНЕ, но и СДСМ и ДУИ, а зад нив  и премиерот Димитар Ковчевски, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски. Во Нова ТВ најзастапени се ВМРО-ДПМНЕ и премиерот Димитар Ковачевски, во Слободен печат, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски, премиерот Димитар Ковачевски и претседателот на Собранието Талат Џафери, во Тетова Сот ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, а во МКД.мк ВМРО-ДПМНЕ, Владата/власта и претседателот на Собранието Талат Џафери, Во целина, **партијата ВМРО-ДПМНЕ е најзастапен политички субјект на страниците на интернет-медиумите во прилозите со штетни наративи** (со исклучок на Вечер.мк), а далеку зад неа се СДСМ, ДУИ и Владата/власта, а од политичарите се издвојуваат Димитар Ковачевски и Христијан Мицкоски. Притоа, останува востановената практика опозиционата ВМРО-ДПМНЕ политичкиот противник СДСМ да го именува како „СДС“ (најчесто во своите партиски соопштенија) и обратно, владејачката СДСМ политичкиот опонент да гоословува како „ДПМНЕ“.

Претставувањето на политичките актери варира од портал до портал. Така, Република, Нова ТВ, Локално, Слободен печат, Алмакос и и МКД.мк најчесто за актерите зборуваат/пишуваат во контекст на темата, додека Вечер.мк тоа го прави во сите анализирани прилози. Од друга страна, Независен најчесто ги цитира актерите, А1он ги цитира и за нив зборува во контекст на темата, а Тетова Сот ги цитира и парафразира политичките актери. Единствено Курир подеднакво и ги цитира и ги парафразира и за политичките актери зборува во контекст на темата. Но, кога се работи за оцената на политичките актери, најмногу негативни оцени (пред сè, од друг политички субјект) се упатени кон СДСМ, Владата, ДУИ и ВМРО-ДПМНЕ. Во порталите Република и Курир тоа се Владата на СДСМ и ДУИ, во Вечер.мк - ДУИ, СДСМ и премиерот Ковачевски, во Нова ТВ и Тетова Сот – ВМРО-ДПМНЕ, во А1 он – власта/Владата, ДУИ и Ковачевски. Позитивни оцени речиси и нема освен инцидентно по еден до два примери (на пример, во Тетова Сот и Нова ТВ за СДСМ). Новинарот речиси нема никаква улога во оценувањето на политичките актери и тоа го препушта или на други политички субјекти или на самите актери што направиле или што „добро“ ќе направат за граѓаните. На пример, во Курир, Мицкоски со позитивна оцена за себе, во Република ВМРО-ДПМНЕ и Мицкоски, во Нова ТВ Димитар Ковачевски, во Слободен печат Димитар Ковачевски и Талат Џафери, додека во А1 он ВМРО-ДПМНЕ.

## Новинарскиот (не)професионализам

Мониторингот, и овојпат, утврди еднострано информирање на интернет-медиумите. Во речиси сите анализирани прилози со штетни наративи (односно 217 прилози или 91,6 %) порталите консултирале само една страна во „приказната“. Такви се сите прилози на Вечер.мк, Алмакос, Нова ТВ, Слободен печат, додека Курир, Република и А1он, како исклучок, имаат по еден прилог во кој се консултирани две или повеќе страни. Само во Тетова Сот, Локално и Независен, освен доминантната застапеност на една страна на изворите, има и неколку прилози со две или повеќе страни. Особено се издвојува порталот Локално во кој од вкупно 20 прилози со утврдени штетни наративи, во 13 е консултирана една страна, а во 7 две страни.

Во исто време, порталите најчесто се потпираат на еден извор на информации (213 прилози или 88,8 %), што не е изненадување токму поради најголемиот број прилози со пренесени партиски соопштенија и говори на политичари. Притоа, во Вечер.мк и Алмакос сите анализирани прилози се со еден извор, додека во другите портали спорадично, има уште по еден прилог со два или три и повеќе извори (особено Курир, А1он и МКД.мк) или по неколку такви прилози (во Република, Слободен печат, Нова ТВ). Од ваквото непишано правило отстапуваат Локално и Независен со поголем број прилози со повеќе извори на информации.

Табела 13. Број на извори според онлајн-медиум во јануари 2024




| | Република | Курир | А1он | Независен | Вечер.мк | Локално | Алмакос | МКД.мк | Слободен печат | Тетова Сот | Нова ТВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Нема извор | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Три и повеќе | 0 | 1 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| Два | 1 | 0 | 1 | 3 | 0 | 7 | 0 | 0 | 1 | 2 | 1 |
| Еден | 42 | 36 | 30 | 17 | 21 | 13 | 17 | 12 | 10 | 8 | 7 |

Очигледно, императивот во новинарството за секоја информација (актуелно прашање) што медиумски се пласира да се прашаат најмалку две страни, два извора, не функционира во интернет-порталите. Затоа пак, одвреме-навреме, во форма на „реакција" на одредена информација (партиско соопштение), а најчесто од политичките партии, може да се прочита што кажува другата страна, но не во истиот портал. Но, дури и кога се работи за актуелен настан, прашање е дали јавноста ќе биде балансирано информирана, доколку се информира само од еден портал. Следниот пример тоа најпластично го покажува, а станува збор за настан од локален карактер - донесување одлука на Советот на Град Скопје за исплата на субвенции за плати на вработените на Јавното сообраќајно претпријатие (поради што беше блокиран јавниот градски превоз) за кој информираа безмалку сите медиуми (телевизии, весници, новински агенции), порталите го преплавија интернет-просторот со текстови, фотографии, видеоинсерти, кој започна на 22.1.2024 а „финишираше" на 23.1.2024, ден опфатен во мониторингот на истражувањето. Тогаш јавноста во еден од анализираните портали можеше да го прочита партиското соопштение за настанот од ВМРО-ДПМНЕ, а на друг реакцијата на СДСМ. Две видувања на приказната.

> Порталот А1он објавува соопштение на ВМРО-ДПМНЕ: *Кога лицемерието би имало второ име тоа би било Апасиев, вчера неговите советници гласаа перење пари за ЈСП, денес Апасиев глуми против,* прилог од „стандардни" три кратки пасуси целосно преземени од интернет-страницата на ВМРО-ДПМНЕ во кој вината зошто работниците во ЈСП не можат да земат плата ја насочуваат на градоначалничката на Град Скопје Арсовска и партијата Левица (извор, **А1он, 23.1.2024**). Но, во порталот Локално ја читаме реакцијата за истиот настан на СДСМ: *ВМРО-ДПМНЕ создаде хаос во ЈСП, диктати давал Илија Димовски,* за конечно на втората вонредна седница на Советот на Град Скопје да биде донесена одлука за исплата на субвенции за плати на вработените на ЈСП и нормализирање на градскиот јавен превоз (извор, **Локално, 23.1.2024**).

Притоа, кога станува збор за видот на изворот во анализираните прилози, кај сите портали најбројни се прецизните извори на информации (209), а многу помалку има нејасни или непрецизни, како и друг медиум како извор (вкупно 39). Курир, Локално, Слободен печат, А1он и МКД.мк единствено се повикуваат на прецизни извори, додека во Алмакос, Нова ТВ и Тетова Сот, спорадично (најчесто во еден прилог)

може да се појави нејасен, непрецизен извор или извор друг медиум, додека во Република и Независен покрај најголемиот број прецизни извори, нешто повеќе од другите портали има нејасни и нерецизни извори. Исклучок, како и во претходниот мониториран месец, е Вечер.мк каде покрај прецизните извори (во 11 прилози), речиси рамномерно се распределени прилозите со нејасни (6 прилози) и непрецизни извори (7 прилози), а има и неколку од други медиуми.

Табела 14. Вид извори според онлајн-медиуми во јануари 2024




| | Нова ТВ | Тетова Сот | Слободен печат | МКД.мк | Алмакос | Локално | Вечер.мк | Независен | А1он | Курир | Република |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Нејасни | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| Непрецизни | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 7 | 2 | 0 | 0 | 14 |
| Прецизни | 7 | 11 | 12 | 13 | 16 | 20 | 11 | 23 | 31 | 37 | 28 |
| Новинарот како извор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Друг медиум | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 |

Притоа, порталите стандардно прилозите со штетни наративи најчесто визуелно ги поткрепуваат со архивски и актуелни фотографии. Неретко, а особено кога се работи за актуелни политички настани, во одделни прилози можат да се сретнат повеќе фотографии, заедно со видеоизјави, но, тие речиси редовно не се обележани, со исклучок на Слободен печат, каде, како и во претходно мониторираните месеци, сите фотографии се обележани или со името на фоторепортерот или изворот од каде се преземени. Впечатлив пример за медиумската визуелизација е прилогот *ДУИ е криминал и корупција од најниско до највисоко ниво: Џафери се паркира на плоштад, неговото село му организира прослава,* објавен во **Република на 31.1.2024** година. Станува збор за изборот на Талат Џафери за технички премиер и како тоа го прославува, а по тој повод пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ, Драган Ковачки, ќе го искаже својот став (несомнено и на матичната партија). Всушност, се работи за прес-конференција, но за тоа да се дознае (бидејќи никаде во текстот не е нотирано, освен во надасловот каде пишува „Став на Драган Ковачки"), мора да се препрочитуваат бројни други извори кои информираа за настанот. Прилогот има две необележани фотографии, едната со паркирани луксузни автомобили на плоштадот во Скопје, а втората со претседателот Али Ахмети и во заднина Талат Џафери и министри на ДУИ на која е втиснат знакот на социјалната мрежа ТикТок, како и пристап до видеоизјавата на Драган Ковачки. А штетни наративи има и во насловот и во самиот текст директно преточен од видеоизјавата достапна во прилогот. Во исто време, порталот Курир за истиот „настан" пишува: *Талат Џафери и ДУИ на државен трошок примаат партиски гости, парадираат по кафеани и собиранки, тоа немаше да биде можно без Ковачевски, со надаслов Парадирање наместо работа и поднаслов Ковачки оценува дека ДУИ е криминал и корупција од најниско до највисоко ниво.* Во прилогот е само фотографијата на Драган Ковачки од прес-конференција и пристап до неговата видеоизјава, како и текст со идентична содржина. Вечер.мк, пак, со малку видоизменет наслов *Талат и ДУИ на државен трошок примаат партиски гости, ПАРАДИРААТ ПО КАФЕАНИ* (вториот дел од насловот е со големи букви, веројатно да му даде посебно значење), ја пренесува истата содржина и покрај видеоизјавата на пратеникот Драган Ковачки, има една фотографија на Талат Џафери, главниот политички актер, како го слави изборот за технички премиер. Фотографијата е необележана и оставено е јавноста „креативно" да заклучува дека се работи за Форино, родното место на Талат Џафери. Во таа смисла, само како потсетник за новинарите, старата мудрост: една слика/фотографија – илјада зборови.

## Доминантни штетни политички наративи

Перманентно, од месец во месец, расте бројот на прилози со штетни наративи во интернет-медиумите. Во месец јануари тој „скокна“ на 240 прилози, со вкупно 467 објави, односно реченици, пасуси, делови од текстови, наслови на прилозите. Штетната реторика е најзабележителна во порталите Република и Курир со најголем број прилози со штетни наративи, а следи во А1он и Независен, додека во Нова ТВ, Слободен печат и Тетова Сот нивниот број е далеку помал. Овој пат фокусот е врз изнесување непроверени или наоди кои тешко можат да се проверат како основа за обвинување на политичкиот противник (114 случаи) и тврдења за корумпираност, непристрасност/неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие наоди (104 случаи), а следи етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица и употреба на негативни зборови (55 случаи). односно продолжува практиката на поткопување на довербата во институциите, пристрасното селектирање и нападите на одредена личност и нејзино демонизирање.

Притоа, и овојпат, не недостасува манирот на **креирање повеќе прилози од еден настан** (најчесто од интервјуа со одреден политичар) што директно влијае на **мултиплицирање на  штетните наративи**. Тоа, како и досега, најчесто се забележува во Република и Курир. Неколку карактеристични прилози:

Република во три прилози, издвоено пренесува неколку делови од интервјуто со претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски на порталот Пресс 24 под наслов *Христијан Мицкоски: Жално е да се гледа на какви ниски гранки падна СДСМ.* Сите прилози и интервјуто се објавени во ист ден (3.1.2024). Во едниот прилог: *Пендаровски потроши цел мандат, а ништо не сработи,* во фокусот е претседателот Стево Пендаровски, односно целосно (но со неколку реченици) е пренесен одговорот на Мицкоски на новинарското прашање *Како сте задоволни од Стево Пендаровски како претседател?*, кој го опишува како човек кој *ни работа врши ни атер крши*, спореден со семафор (односно п*рвиот семафор*, а тоа е Претседателот), кој *супер работа врши, но не може да ви води држава*. Дадена е и фотографија на која се Пендаровски и Мицковски со маски, значи снимена од периодот на ковид-кризата и „за чудо“ обележана како *Фото: Кабинет на Претседателот на Република Македонија.* Овој прилог ќе се најде на страниците на бројни други портали, со потполно иста содржина (од еден пасус) и наслов во кој доминира наративот за претседателот Пендаровски *ни работа врши ни атер krши. Во вториот прилог Згрозен сум од скандалите во здравството,* од интервјуто од Пресс 24 е издвоено прашањето за случувањата во Клиниката за радиотерапија и онкологија и Гинекологија и тука одговорот на Христијан Мицкоски е целосно преземен. Третиот прилог, пак, *Жално е да се гледа на какви ниски гранки падна СДСМ, а уште пожално е како ги молат ДУИ да коалицираат со нив за да го ублажат поразот,* е одговор на Христијан Мицкоски на новинарското прашање *Ковачевски повика на создавање на европски фронт, дали ДУИ ќе им се придружат на заедничката листа?* и целосно е преточен во прилогот. Тука, за прв пат, на крајот на прилогот, на јавноста - се нуди опцијата каде можат да го проследат целото интервју.

Курир, со два прилога, објавени на 15.1.2024, пренесува делови од интервјуто на пратеничката на ВМРО-ДПМНЕ, Рашела Мизрахи, од гостувањето во емисијата „За или против“ на Алфа телевизија. Во првиот *Власта на ДУИ со помалиот политички партнер СДС редат само скандали, но секој кој го прекршил законот ќе одговара,* акцентот е на скандалот во Македонската навигација, а во вториот *СДС и ДУИ се плашат да не се открие вистината за Онкологија, затоа и материјалите од анкетната комисија не се доставени до Обвинителството,* на случајот Онкологија. Сличен е примерот и од порталот Република, кој „користејќи“ го гостувањето на потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Александар Николоски, во истата емисија на Алфа телевизија (од 27.1.2024), ќе објави два прилога (на 31.1.2024) - едниот *Од Џафери очекувам Македонија да ја прави не двонационална држава, туку еднонационална држава, држава на албанскиот народ*, со  ставови на  Николоски за владеењето на Талат Џафери како технички премиер, и вториот, *Владата на СДСМ направи двојно понижување за Македонците,* за проблемите со издавањето патни исправи со новото име на државата. Логично се наметнува прашањето зошто се избрани овие

конкретни теми/прашања и од нив се креирани прилози (и тоа со штетни наративи) од емисии (со времетраење од 45 до 50 минути) во кои споменатите политички субјекти зборуваат и искажуваат свои ставови и за други, исто така, актуелни политички прашања (случувањата во М-НАВ, владеењето на правото, преговорите за членство на државата во ЕУ...) или, едноставно, не ја потсетат, упатат јавноста како и каде интегрално можат да ги проследат целите емисии.

Во сите интернет-медиуми, и оние со најголем и оние со најмал број штетни наративи, доминираат поткопувањето на довербата во институциите и пристрасното селектирање, наративи кои, во континуитет и без исклучок, се на врвот на скалилото во сите досегашни мониторинзи. Потоа, со далеку помал број, следат нападите врз одредена личност и нејзино демонизирање, како и дезинформациите. Табеларно, сликата е следна:

Табела 15. Застапеност на штетни наративи во прилозите на онлајн-медиумите во јануари 2024




| | Тетова Сот | Нова ТВ | МКД.мк | Алмакос | Слободен Печат | Локално | Вечер.мк | Независен | А1Он | Република | Курир |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дезинформации | 7 | 1 | 9 | | 2 | | 3 | 7 | 2 | 7 | 19 |
| Поттикнување поделби | | | 1 | 3 | 2 | 1 | 1 | 3 | 1 | 1 | 15 |
| Поткопување на довербата | 3 | 1 | 6 | 3 | 4 | 10 | 9 | 7 | 21 | 32 | 34 |
| Популизам | | 2 | 1 | 1 | 4 | 1 | | 1 | 2 | 4 | 3 |
| Пристрасно селектирање | 1 | 8 | 2 | 8 | 10 | 6 | 13 | 19 | 17 | 10 | 19 |
| Напади на личност, демонизација | | 1 | | 5 | 1 | 9 | 2 | 8 | 5 | 20 | 6 |
| Странско влијание | 1 | 2 | 0 | 1 | 2 | 1 | 3 | 6 | 1 | 1 | 0 |
| Ширење паника, страв, несигурност | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 | 1 | 1 | 0 | 3 |
| Екстремен патриотизам, национализам | | | | | 1 | | | 1 | 2 | | |
| Говор на омраза | | | | | | | | | 1 | | 23 |
| Етноцентризам | 2 | | | | | 1 | | | 2 | 1 | |

**Република** е портал со најголем број прилози со штетни наративи (44 прилози) и, најчесто, со 34 објави (зборови, пасуси, делови од текстови) се обидува да ја поткопа довербата во институциите, а следат напади врз определена личност (20 објави) и пристрасното селектирање (10 објави). На пример, во прилогот *Сега во Македонија подземјето е надземје и владее со улиците,* несомнено соопштение на ВМРО-ДПМНЕ, но дефиниран како „ВМРО-ДПМНЕ обвинува", државните институции се оквалификувани како *јатаци на криминалците, а канцелариите на МВР се користат за белосветски мафијаши да добијат македонски пасоши со злоупотреба на идентитети на македонски граѓани* (**Република, 3.1.2024**). Или прилогот *Мицкоски за европскиот фронт кој го најавува СДС-ДУИ: Таму лепакот се криминалот и парите, нема ништо европско,* каде по повод конференцијата на Паневропската унија на Македонија, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, одговарајќи на новинарско прашање за најавата на СДСМ за можна коалиција со ДУИ, ја нарекува *криминална колиција* чиј единствен заеднички интерес е *осиромашување и пљачкање на народот* (**Република, 27.1.2024**). Прилогот со ист наслов и содржина е објавен и во Курир, Вечер, Слободен печат, како и во бројни портали, телевизиски станици и информативни агенции.

**Курир** има 37 прилози со штетни наративи, а од нив најголемиот број се однесуваат на поткопување на довербата во институциите (34 објави), а следат пристрасното селектирање (19 објави) и дезинформациите (19 објави). Во прилогот *Македонија е заробена држава, со која владеат корумпирани политичари* е пренесено соопштението на ВМРО-ДПМНЕ и како текст и како видеоприлог (типичен за изборни кампањи) во кој посебно се апострофира „корумпираноста на партијата ДУИ" и нејзините функционери, со донатори како главни добитници на тендери во институциите на партијата, а „судството нивна на-

ковална“ (**Курир, 11.1.2024**). За власта како *ненародна и хибридна*, а челните луѓе во правосудството, здравството, образованието како *неквалитетни* зборува Иванка Василевска, пратеничка во Собранието на РСМ од ВМРО-ДПМНЕ во прилогот *Ненародната власт на СДС и ДУИ седум години покажува дека ги остварува само личните интереси и други интереси кои не се народни,* а преземено од емисијата „За или против“ на Алфа телевизија (**Курир 3.1.2024**).

**А1он** е на трето место според бројот на прилози со штетни наративи (31 прилог), од кои најбројни се поткопувањето на довербата во институциите (21 објава) и пристрасното селектирање (17 објави). Порталот пренесува два одделни прилога за исто прашање и во ист ден, едниот под наслов *Градоначалници на ВМРО фатени со рацете во медот – машина купена за 40.000 евра повисока цена од реалната од партиско соопштение на СДСМ и вториот Иста таква машина за бележење за која обвинува СДСМ, набавила Струмица за 15.000 евра,* од партиското соопштение на ВМРО-ДПМНЕ, каде двете политички партии меѓусебно си делат квалификативи како лажговци, а градоначалниците (на ВМРО) *фатени со рацете во медот.* Станува збор за набавка на машини за хоризонтална сигнализација во општините Битола, Велес, Струмица, но нејасно е дали по една или две машини и по која цена, една според ВМРО-ДПМНЕ, друга според СДСМ (иако поткрепени со разни документи). Притоа, во меѓупросторот помеѓу овие два прилога (од неколку минути) е објавен прилогот, соопштението на СДСМ, *ОЈО да ја истражи аферата на градоначалниците на ДПМНЕ со купувањето поскапи машини* (**Локално, 15.1.2024**). За ова прашање ќе информираат и бројни други портали, телевизии, новински агенции и тоа несомнено останува отворено, но јавноста е „збунета“ кому да верува и како да дојде до целосна вистинита информација.

**Независен** во 25 прилози со штетни наративни најчесто користи пристрасно селектирање (19 објави), но и напади на друга личност (8 објави), како и поткопување на довербата во институциите (7 објави) и дезинформации (7 објави). *Во прилогот Павловска-Данева помина за уставен судија на Комисијата за избори и именувања со седум гласа 'за',* се упатуваат оцени од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ дека предлогот за  Ана Павловска-Данева за уставен судија е партиски (како поранешен потпретседател на СДСМ) со што се заокружува целосната партизација на Уставниот суд, но и квалификатив кон неа дека е *фејсбук-правен експерт на батерии,* а како контраодговор, квалификатив за правните експерти кои лошо ја оцениле Данева дека тие всушност се *на батерии* (**Независен, 31.1.2024**). Или прилогот *Невидено е во историјата да нудите министри,* а да не ги гласате, составен од неколку кратки пасуси, и ставот на вицепремиерот за европски прашања Бојан Маричиќ за составот на техничката Влада, преземено од емисијата „Студио 10“ на ТВ 24. Тој ВМРО-ДПМНЕ ја оценува, етикетира како *несериозна, дволична и веројатно уникатен случај во историјата на демократијата* да понуди, а да не гласа или да биде воздржана за таа Влада. (**Независен, 15.1.2024**)

**Вечер** има 21 прилог со штетни наративи, а во нив најчесто има поткопување на довербата на институциите (13 објави) и пристрасно селектирање (9 објави). На пример, во прилогот *ИК и ЦК на ВМРО-ДПМНЕ го овластија Мицкоски да ги одбере кадрите за техничка Влада, а Џафери нема да биде поддржан,* (**Вечер, 11.1.2024**) Тимчо Муцунски соопштувајќи ги одлуките на ИК на ВМРО-ДПМНЕ за изборниот процес, ќе посочи дека  Ковачевски и Али Ахмети го контролираат и влијаат на судството и Обвинителството, институциите се алатки за тендери, а МВР *партнер на криминалот,* односно не се независни, непристрасни и професионални (извор, **Вечер.мк, 11.1.2024**). Или прилогот *Талат и ДУИ на државен трошок примаат партиски гости, парадираат по кафеани* во кој иако фокусот е на прославата на Талат Џафери за премиер на техничката Влада, во својата изјава пратеникот Ковачки од ВМРО-ДПМНЕ изнесува и квалификативи за ДУИ како *криминогена и корумпирана партија* со аргументација дека возат странски новинари, партиски гости на државен трошок, со државните возила од министерствата управуваат нивни кадри, просториите на институциите се користат за приватни забави и собиранки, сè до милионски тендери за нивниот партиски донатор Еуровиа (извор, **Вечер. мк, 31.1.2024**).

Кај **другите портали**, на пример, **Алмакос** во прилогот *Техничка влада/СДСМ: ВМРО понуди кадри без потенцијал,* сосем кратко (со еден пасус) поврзано со изборот на техничка Влада, а преземено од

соопштението на СДСМ, се оценува, квалификува претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски дека лаже, дека е без став, без политички капацитет, дека *не знае што да прави ни со себе ни со партијата*, а ВМРО-ДПМНЕ *дека едно зборува, друго мисли, а трето прави* (извор, **Алмакос, 27.1.2024**). Или **Слободен печат** кој во прилогот Г*раѓаните точно можат да направат разлика помеѓу сегашната власт и власта на ВМРО-ДПМНЕ,* со кратка содржина ги пренесува ставовите на Игор Јанушев, пратеник на ВМРО-ДПМНЕ, изнесени во емисијата „Трилинг" на ТВ 24, за тоа што досега направила власта на СДСМ и ДУИ. Изнесува квалификативи за нивното *национално предавство*, предавството со корупцијата, криминалот и неработењето и за сè што имаат направено противзаконски и нелегално треба и мора да одговараат. (извор, **Слободен печат, 19.1.2024**). Или прилогот *Предизвиците со кои се соочи државата се поттикнати од руски влијанија,* во кој Артан Груби во обраќањето на конференцијата „Година на европски можности", изнесува обвинувања за мешање на Русија во внатрешните работи ва државата (без сериозна поткрепа) поставувајќи прашања дали има влијание во верските заедници, во медиумите, во невладиниот сектор, а одговорите треба сами да си ги пронајдат граѓаните. Прилогот е објавен и во Локално, Независен, А1он и бројни други медиуми со ист или со сличен наслов (извор, **Слободен печат, 23.1.2024**) **МКД.мк**, во прилогот *Османи вели дека холандскиот амбасадор всушност барал поддршка од ДУИ* пренесува ставови на повеќе политички субјекти по повод средбата на холандскиот амбасадор со лидерот на ДУИ, Али Ахмети, а поводот (според објавата на амбасадата) е континуираниот двегодишен пад на владеењето на правото. Тој став го изнесува и министерот за надворешни работи Бујар Османи, но треба паралелно да се одвива со процес на преговори со ЕУ. Изет Меџити (од Демократското движење) пак истакнува дека токму ДУИ е главната пречка за функционирањето на правната држава, додека ВМРО-ДПМНЕ е насочен на квалификативи за заробена држава со која владеат *корумпирани политичари,* власт која се богати, а народот осиромашува, посебно ДУИ од која никој не одговарал досега, судството е на наковална, седат на глава на обвинителот за организиран криминал... (извор, **МКД мк, 11.1.2024**)

## Извештај за февруари 2024 година

Интернет-медиумите и овој месец, со несмалено темпо, продолжуваат да презентираат штетни наративи од и за политичките актери во државата. Утврдени се **211** прилози со штетни наративи, тематски фокусирани на внатрешната политика, а пред сè, на „предизборните кампањи" (далеку пред официјалната којашто започнува на 18 април) на политичките актери за претстојните претседателски и парламентарни избори; превирањата, прегрупирањата, поделбите во албанските политички партии, прашањата/проблемите (законските решенија) со промената на личните документи на граѓаните, но и економските политики и реформи на државата, корупцијата и криминалот (штетните/сомнителни тендери, понуди и договори, јавните набавки, градежните дозволи). Овојпат, тема беа и медиумите и новинарите, односно нивното политичко профилирање и осудите и заканите за слободата на медиумите.

Жанровската структура доминантно ја сочинуваат говорите на политичарите (65 прилози или 30,8 %) и партиските/политички соопштенија (64 прилози или 30,3 %), кои заедно со пренесените фејсбук-статуси на политичките субјекти и нивните интервјуа дадени за други медиуми (10 прилози или 4,7 %) покриваат речиси 2/3 (или 65,8 %) од сите анализирани прилози. Следат извештаите (33 прилози или 15,6 %) и вестите/вестите со изјави (23 или 10,9 %). Овојпат, не смее да се занемари и бројот на интервјуа (11 прилози или 5,2 %), претходно речиси занемарени, додека анализите, коментарите остануваат на маргините. Најголемиот број анализирани прилози со штетни наративи имаат прецизни извори на информации, но најчесто, како и досега, станува збор за еден извор (во 186 прилози или 88,6 %). Оттука, доминира и едностраното информирање, односно во **192 прилози** медиумот информирал само за една страна. Притоа, партиските конференции за печат и изјавите на политичарите, односно псевдонастаните се најчестиот повод за објавување на прилозите (91 прилог или 43,1 %), а следат актуелните настани (78 прилози или 37,0 %) и општествените случувања/општествените теми (31 прилог или 14,7 %). Продолжува практиката пренесените информации/вести да не се потпишуваат, а такви се 194 прилози (или 91,1 %), а само зад 8 прилози стои името или иницијалите на авторот/новинарот, додека во 9 прилози е наведено дека се преземени од други медиуми (најчесто од телевизиски станици, но и од други портали).

## Фреквентност на штетните наративи во онлајн-медиумите

Порталот Курир (со 39 прилози) има најголем број прилози со штетни наративи, следат Република (со 30 прилози) и А1он (со 29 прилози), а потоа Алмакос (со 23) и Тетова Сот (со 20). Во Вечер.мк, веќе трет месец по ред се забележува благ пад на бројот на вакви прилози, додека во Тетова Сот обратно, континуиран раст на вакви прилози. Овојпат, Нова ТВ, а особено Слободен печат имаат најмал, дури и занемарлив број прилози со штетни наративи.

Табела 16. Прилози со штетни наративи во февруари 2024




Жанровски, во анализираните прилози со штетни наративи доминираат пренесените говори на политичарите и партиските соопштенија. Најмногу пренесени говори на политичките субјекти имаат А1он (во 17 од 29 прилози) и Курир (во 13 од 39 прилози), додека партиските соопштенија се најчести, како во Курир (13 соопштенија), сите од партијата ВМРО-ДПМНЕ, и А1он (10 соопштенија), но од повеќе политички партии, ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, Левица и Коалицијата „Вреди", така и во Република (11 соопштенија), најчесто од партијата ВМРО-ДПМНЕ и коалицискиот партнер СПМ, а по исклучок и СДСМ (само едно соопштение). Збирно, двете жанровски форми се речиси единствени во А1он (во 27 од вкупно 29 прилози), со што порталот се издвојува како „најактивен" проследувач на ставовите на различни политички субјекти. Наспроти тоа, МКД.мк кој наспроти 4 прилози со пренесени говори на политичари и 2 партиски соопштенија има 7 извештаи. Или Тетова Сот кој има 6 прилози со партиски соопштенија, но исто толку и извештаи. Алмакос е портал со најмногу извештаи (9) од сите анализирани прилози, како и 6 вести, а 7 партиски соопштенија и 1 пренесен говор на политичар.

Табела 17. Прилози со штетни наративи според жанровска структура во февруари 2024




| | Курир | Република | А1он | Алмакос | Тетова сот | Вечер мк | Локално | Независен | МКДмк | Нова ТВ | Слободен печат |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Друго | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 |
| Интервју | 1 | 4 | 0 | 0 | 0 | 4 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Коментар | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Анализа/коментар | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Аналит. репор. прилог | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Извештај | 5 | 0 | 1 | 9 | 6 | 0 | 0 | 4 | 7 | 1 | 0 |
| Вест/вест со изјава | 4 | 2 | 1 | 6 | 2 | 1 | 2 | 0 | 1 | 2 | 2 |
| Пренесено соопштение | 13 | 11 | 10 | 7 | 6 | 6 | 6 | 1 | 2 | 2 | 0 |
| Пренесен говор на политичар | 13 | 10 | 17 | 1 | 3 | 7 | 6 | 4 | 4 | 0 | 0 |

Тематски, внатрешната политика доминира во прилозите со штетни наративи во сите интернет-портали. Тоа особено е видливо во Алмакос (во 19 од вкупно 23 прилози) и МКД.мк (во 11 од вкупно 14 прилози), но и кај Тетова Сот (во 14 од вкупно 20 прилози), Вечер.мк (во 12 од 18 прилози) и Независен (во 9 од 14 прилози). Кај другите портали, пред сè, Курир и Република, но и Локално, покрај внатрешната политика, неретко во фокусот се и економијата, криминалот и корупцијата. Така, во Курир, освен внатрешната политика (со 26 прилози), „високо котира" (најмногу од другите портали) и економијата (со 9 прилози), а спорадично правосудството или здравството. Или Република каде внатрешната политика (со 22 прилози) е надополнета со по неколку прилози од сферата на економијата и на корупцијата, додека во Локално покрај 10-те прилози од внатрешната политика, 4 се однесуваат на криминалот, а по еден на економијата, социјалата, корупцијата. А1 он во 15 прилози ја третира внатрешната политика, а по 2 економијата, надворешната политика, криминалот и корупцијата. Во Слободен печат и Нова ТВ малиот број прилози со штетни наративи остануваат во фокусот на внатрешната политика.

Прашањата поврзани со внатрешната политика, најчесто „скроени" во „центрите за комуникации" на политичките партии во форма на соопштенија или преземени од изјавите или говорите на нивните претседатели, членови, пратеници, портпароли, а пренесени на страниците на интернет-медиумите, на јавноста - се нудат на читање, најчесто со повеќе фотографии отколку текст, со ударен наслов и негово повторување во содржината, без јасен контекст, но со нагласување дека политичкиот субјект не само што „нешто" соопштува туку и „истакнува", „бара", „прашува", „одговара". Неколку карактеристични примери:

- Прилогот „ГОСПОДАР е именка во машки род од ФЕУДАЛИЗМОТ – која ја користат БУЈАР, АРТАН, АЛИ..." со наднаслов „ЗА ВАС СОРАВИЈА Е ЛОТАРИЈА – ЗА НАС ГЕРМАНИЈА", е составен од неколку кратки реченици и фотографија, компилација на неколку слики со детски играчки и две фотографии на кои се Али Ахмети, Артан Груби, Бујар Османи, а на крајот на текстот е даден фејсбук-статусот на Џевдет Хајредини во кој за Али Ахмети се вели дека е господар на криминалот и корупцијата во оваа земја. Од понудената содржина читателите можат само да претпоставуваат дека поводот за прилогот е кандидирањето на Бујар Османи за претседателски кандидат, но се „подучуваат" што значи зборот „господар" и што за тоа велат верските книги. Ова е прилог без автор (новинарот, медиумот, политичка партија), без извор (кои се тие „ние" во наднасловот) или можеби е памфлет, па затоа е непотпишан. (**Вечер мк, 28.2.2024**)

- Прилогот „Ковачевски ГУБИ, па е нервозен, за слабиот рејтинг виновни се сите, само тој не", е составен од три кратки пасуси. Ако се анализира наднасловот (името на партијата ВМРО-ДПМНЕ), се работи за партиско соопштение.. Главниот актер е Ковачевски (без неговата функција) и неговиот слаб рејтинг на анкетите, но, според штурата содржина, повеќе се зборува за релевантните анкети (без наведување кои) во кои „СДС губи", па потоа „СДС и ДУИ кои владеат со криминал и корупција" и „СДС и Ковачевски си заминуваат од власт". На крајот, како востановена практика во сите соопштенија на ВМРО-ДПМНЕ се речениците „Никогаш не било полошо" и „Важно е да ги поразиме", кои во целост и без новинарска дистанца се пренесуваат во медиумот. (**Вечер мк, 8.2.2024**)

- Прилог „Наместо решение ДПМНЕ создава хаос со личните документи", партиско соопштение на СДСМ, составено од три кратки пасуси, од кои првиот е повторување на поднасловот во прилогот. Содржински, текстот е упатен кон политичкиот противник ВМРО-ДПМНЕ кој создава хаос со личните документи и шири паника меѓу граѓаните, без факти и без податоци. За што се информира јавноста, за ВМРО-ДПМНЕ или за проблемите со личните документи? (извор, **Курир, 12.2.2024**) Истиот ден, во исто време, порталот го објавува и соопштението на ВМРО-ДПМНЕ под наслов „Спасовски пред заминување не обезбедил обрасци, Владата на СДС свесно создава хаос со промена на патните исправи", а ќе го објават и бројни други медиуми. Прашањето е што да читаат граѓаните, и двете соопштенија, за хаосот со промената на личните документи што го создадоа и СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ? Во тој „хаос" никој од медиумите не обрнал внимание на дел од насловот

на соопштението на ВМРО-ДПМНЕ дека „Спасовски пред заминување не обезбедил обрасци". Нејасно и двосмислено, дали тогаш пред да замине (ден, два, недела) од функцијата требало да набави обрасци?

- Прилог „Тепање полицајци и попречување акција против дрога, МВР да одговори каква е улогата на Мицкоски", соопштение на СДСМ, составено од три кратки пасуси и фотографија на Христијан Мицкоски, за спречување акција против дрога во кафе-бар во Скопје. Во него се вели дека „јавноста чека одговор", а всушност СДСМ бара одговор од МВР за улогата на Христијан Мицкоски во овој настан, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ и најголем политички опонент на СДСМ. Што соопштува партијата, кому му соопштува, штуро на медиумите кои потоа штуро ќе ја проследат информацијата до јавноста, а што треба таа да разбере од соопштението - дека проблемот е сериозен или дека клучно е што во „скандалот" е вмешан шефот на обезбедувањето на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски. Соопштението ќе го пренесат бројни медиуми, новински агенции и телевизиски станици, а денови подоцна ќе информираат за суспензијата и поведувањето кривична пријава против телохранителот/полицаец. (извор, **Локално, 20.2.2024**)

- Прилог „Хаосот во Скопје е пример што се случува кога ДПМНЕ ќе добие власт", партиско соопштение на СДСМ, составено од два кратки пасуси во кои СДСМ „тврди" дека локалната власт на ВМРО-ДПМНЕ го уништила јавниот превоз во градот и „нагласува" дека го блокирала проектот за нов и еколошки јавен транспорт БРТ, го уништила ЈСП и останатите јавни претпријатија, создала хаотичен и нечист град. Соопштението е изворно пренесено од интернет-страницата на СДСМ, но додавките „тврди" и „нагласува" се од самиот медиум. Во целина, соопштението, ако тоа воопшто е, кажува многу и не соопштува ништо, туку само реди констатации. За јавноста е нејасно „што сакал авторот да соопшти". Притоа, истиот ден порталот ќе го објави и соопштението на ВМРО-ДПМНЕ „Зошто повторно се случува хаос во ЈСП, иако се одобрени субвенции за како што велеше Арсовска 'цела година да не му ја мислиме'"?, во кое коалицијата на Данела Арсовска, СДС, ДУИ и Левица во Град Скопје се посочуваат како директно одговорни за хаосот во ЈСП. Тука на читателот му станува јасно дека поводот е најавата на вработените на ЈСП да нема превоз поради неисплатена јануарска плата. Приказната ќе заврши за неколку часа откако проблемот со трезорот и префрлањето на парите за субвенции ќе се надмине. Но, која е пораката, јавноста детално да ги чита и препрочитува сите дневни информации, колку и да се нејасни или меѓусебно противречни и внимателно да следи од која „кујна" доаѓаат? (извор, **А1он, 16.2.2024**)

Во тој контекст, значајно е и прашањето за поводот за објавување на овие прилози. Мониторингот утврди дека речиси половината анализирани прилози со штетни наративи се псевдонастани (91 прилог или 43,1 %). Тука спаѓаат партиските соопштенија, прес-конференциите, ставовите, изјавите, реакциите на политичките субјекти кои се планирани и креирани за да привлечат медиумско внимание и публицитет на политичките субјекти, партиите, Владата, политичките лидери, министрите... како директни креатори на медиумските содржини со штетни наративи. Потоа следат актуелните настани (78 прилози или 37,0 %), а далеку помалку општествените случувања (31 прилог или 14,7%). Погледнато низ призма на интернет-порталите, најмногу псевдонастани имаат Република (17 од вкупно 30 прилози), Локално (10 прилози од вкупно 17), Тетова Сот (14 од вкупно 20 прилози) и МКД.мк (7 прилози од вкупно 14). Кај останатите портали, како Курир, Вечер.мк и Алмакос, речиси подеднакво се застапени и псевдо- и актуелните настани, додека во А1.он и псевдо- и актуелните настани и општествените случувања. Единствено порталот Независен доминантно информира за актуелни настани (11 прилози од вкупно 14).

## Политичките актери во анализираните прилози

Бројни се актерите застапени во прилозите со штетни наративи. Доминираат оние со два актера (во 51 прилог или 24,2 %), а следат оние со три (во 37 прилози или 17,5 %) и четири (во 37 прилози или 17,5 %), па дури и пет актери (во 31 прилог или 14,7 %), константа во сите досегашни мониторирани месеци.

Од порталите се издвојуваат Курир, Република и А1он со најголем број актери, соодветно на бројот на прилози со штетни наративи. Притоа, и овојпат, доминираат колективните, а **на врвот е власта**, најчесто апострофирана во Курир, Република и А1он. Потоа следат ВМРО-ДПМНЕ најзастапена во Курир, Република, А1он и Локално, и СДСМ, најзастапена во Република и Локално, додека ДУИ најмногу се споменува во Тетова Сот и Алмакос, но и во Вечер.мк. Од индивидуалните актери, медиумски најчесто присутен е претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски (особено во Тетова Сот и Локално), а зад него е претседателот на СДСМ, Димитар Ковачевски, а од другите бројни актери можат да се спомнат и претседателот на ДУИ, Али Ахмети и ексвицепремиерот Артан Груби. Како посебни атрибути за политичките субјекти остануваат преименувањата на СДСМ во „СДС" од политичкиот противник ВМРО-ДПМНЕ, како и на ВМРО-ДПМНЕ во „ДПМНЕ" од политичкиот противник СДСМ, а повремено иословувањето на Димитар Ковачевски како „Таче", пред сè, од ВМРО-ДПМНЕ.

Претставувањето на политичките актери варира од портал до портал, но најчесто за нив се зборува во контекст на темата, а особено Вечер.мк кој исклучиво за сите актери споменати во прилозите зборува токму во контекст на конкретната тема и прашање. Алмакос, Република, Локално и А1он, иако поретко, и ги цитираат политичките актери, додека Курир и Тетова Сот практикуваат и цитирање и парафразирање на политичките актери. Што се однесува за оцените на политичките актери, кумулативно, доминираат негативните оцени за нив, но упатени од некој друг, а позитивни за самите себе, додека новинарот најчесто е во улога на „неутрален набљудувач" со исклучок на Независен каде се среќаваат и неутрални (кон министерот Панче Тошковски) и негативни (кон министерот Кренар Лога) и позитивни оцени (кон Димитар Ковачевски) од новинарот. Но, во Вечер.мк отсуствува каква било оцена од новинарот (негативна, позитивна, амбивалентна, неутрална) и тоа е препуштено на некој друг, а е упатено кон СДСМ, ДУИ, власта, Али Ахмети, Артан Груби, медиумите (сите негативно оценети). Исто е и кај Нова ТВ - негативните оцени се упатени кон ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Во Тетова Сот, покрај неутралноста на новинарот, се провлекуваат и неколку негативни оцени упатени кон Христијан Мицкоски, ВМРО-ДПМНЕ и Билал Касами, претседателот на Беса. Слично е и во Курир, каде покрај доминантно неутралните оцени на новинарот, сепак во неколку случаи изнесува и негативни оцени кон Оливер Спасовски и СДСМ, додека во Република малкуте негативни оцени се упатени кон СДСМ и Димитар Ковачевски.

## Новинарскиот (не)професионализам

Едностраното информирање како заедничка карактеристика на сите анализирани интернет-медиуми е константа која се повторува од месец во месец. Овојпат, во 91,9 % (192 прилози) од анализираните прилози медиумите информирале само за една засегната страна, во јануари месец тоа е 91,6 %, а во декември 90,8 %. Тоа е највидливо во Република и во Вечер.мк, па дури и во Нова ТВ и Слободен печат со најмал број прилози со штетни наративи, каде сите прилози се еднострани. Курир и А1он едностраното информирање само во еден случај го надополнуваат со две/повеќе страни. Алмакос и Тетова Сот имаат по три такви прилози со две/повеќе страни. Локално, покрај доминантните 13 прилози (од вкупно 17) со консултирање на една страна, во два случаи консултирале две, а во други два повеќе страни, а слично е и во МКД.мк. Притоа, константа во информирањето на порталите е и потпирањето на еден извор на информации. Ако во претходно мониторираните месеци 88,8 % (јануари), односно 89,4 % (декември) од прилозите имаа еден извор на информации, и овојпат сликата е речиси идентична - 88,6 %, што директно е поврзано со големиот број прилози дефинирани како партиски соопштенија и пренесени говори на политичките актери. Во Вечер.мк, Република и А1он такви се сите прилози, а во Курир и Независен само еден прилог е со три и повеќе извори. Алмакос, Тетова Сот и Локално имаат по неколку прилози со два/три и повеќе извори. Исклучок е МКД.мк каде покрај 8-те прилози со еден извор има и 6 со два/три и повеќе извори.

И во однос на изворите во анализираните прилози, сликата од претходните мониторирани месеци се повторува - доминација на прецизните извори на информации. Но, овојпат, нивниот број е зголемен на сметка на нејасните, непрецизните или изворите од друг медиум. Утврдени се 202 прецизни извори во вкупно 211 прилози - во јануари тоа се 209 прецизни извори во 240 прилози, а во декември 175 прецизни извори во 207

прилози. Од сите анализирани интернет-медиуми, Алмакос, Република, Локално, Независен и А1он користат исклучиво прецизни извори на информации, додека кај другите ретко и исклучително може да се сретне по некој нејасен или непрецизен извор. Можеби,  како исклучок, кај Вечер.мк, а особено кај Тетова Сот, се среќаваат и повеќе извори од други медиуми. Но, мора да се напомене дека и овој модалитет директно е поврзан со жанровската структура, а, пред сè, најбројните партиски соопштенија и пренесени говори на политичките субјекти.

Табела 18. Вид на извори според интернет медиуми во февруари 2024




| | Слободен печат | Нова ТВ | Независен | МКДмк | Локално | Вечер мк | Алмакос | Тетова сот | А1он | Република | Курир |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Нејасни | | 1 | | 2 | | | | | | | 1 |
| Непрецизни | | | 2 | | | | | | | | 3 |
| Прецизни | 2 | 5 | 11 | 14 | 17 | 17 | 23 | 20 | 29 | 29 | 35 |
| Новинарот како извор | | | | | | | | | | | 1 |
| Друг медиум | | | | | | 3 | | 6 | | | |

Во однос на **визуелизацијата на анализираните прилози**, сите се поткрепени со фотографија/ии, најчесто за актерот/актерите за кои се зборува, а поретко со актуелна видеоизјава. Доминираат архивските (110 на број) и актуелните (98) фотографии, но најголемиот број од нив, како и досега, не се обележани, со исклучок (повторно) на порталот Слободен пачат (и уште неколку други) каде сите прилози со штетни наративи се потпишани и обележани. Архивски фотографии повеќе користат Курир, Република, Локално и Независен, а актуелни Тетова Сот, А1он и МКД.мк.  Притоа, како и претходно, и овојпат се издвојуваат неколку прилози со фотографии кои привлекуваат посебно внимание, особено со својата „содржина" со која се појачува, нагласува негативниот наратив. На пример:

Прилогот „ФОТО/ Руската врска на Билал Касами и Беса" со колаж од повеќе слики на нови членови на Беса и нивната врска со Русија, а во краткиот текст објаснување дека студирале во Русија, учествувале во акции што ги развива „Рускиот центар" во Скопје и добиле ваучери и благодарници од центарот. Текстот нема автор и не се знае кој го напишал и креирал (извор, Тетова Сот, 28.2.2024). Или прилогот „ВМРО ја продолжува кампањата '61 пратеник, Влада без Албанци'", исто така објавен во истиот портал, со три идентични слики, малку видоизменети, на првата под бројот 61 пишува „за влада без", а на другите две „за влада без шиптари", кои се преземени од фејсбук-статус на Лидија Андреевска, според порталот, поддржувач на ВМРО-ДПМНЕ. И овој текст нема автор, а го коментира преземениот статус, односно барањето Македонците да - дадат 61 мандат на ВМРО-ДПМНЕ, да се формира Влада без Албанци, потсетувајќи дека и поранешниот премиер Груевски барал 61 мандат (Тетова Сот, 28.2.2024). Впечатлив е и прилогот под наслов „Командант Форина не дојде да му оддаде почит на Гоце Делчев", по повод одбележувањето на 152-годишнината од раѓањето на Гоце Делчев и оддавањето почит од страна на претсе-

дателот Стево Пендаровски и делегацијата на техничката Влада. Текстот е краток, од неколку реченици, но има четири фотографии - на првата Талат Џафери, на втората претседателот Стево Пендаровски пред гробот на Гоце Делчев, на третата делегацијата на техничката Влада, а на четвртата повторно Талат Џафери во сосем поинакво опкружување. Над сликата со задебелени букви е напишано „Забележително беше отсуството на техничкиот премиер Талат Џафери кој не дојде да му оддаде почит на македонскиот великан", а сликата го покажува насмеан, со дигнати раце и пура меѓу прстите на неодамнешна прослава во родното Форино по повод неговото именување за технички премиер. Се разбира, прилогот нема потпис (кој го изготвил – редакцијата, новинар), но направена е сериозна и „свесна" манипулација со фотографијата, несомнено со цел да се оцрни самиот Џафери (извор, **Република, 4.2.2024**).

## *Доминантни штетни политички наративи*

Овој месец се забележува благ пад на прилози со штетни наративи. Утврдени се 211 такви прилози со вкупно 330 индикатори, односно формулации, реченици, делови од текстови, наслови на прилози кои укажувале на постоењето на штетни наративи. Најзабележително е нивното присуство во Курир (77 објави), а потоа во А1он (47 објави) и Република (39 објави) или половината од целокупната штетна реторика. Притоа, главниот фокус е на непроверени наоди како основа за обвинување на политичките противници, односно пристрасното селектирање (121 случај), а далеку помалку на етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица, односно напади и демонизирање на одредена личност (53 случаи), како и тврдења за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службената должност без поткрепа, односно поткопување на довербата во институциите (50 случаи).

Притоа, практиката на 'осмислување' и составување на повеќе прилози на селектирани делови од еден настан и т.н. „копирај-залепи" (анг. Copy-paste) креирање медиумски содржини, во порталите нескретко се надополнува и со 'прилози-најави' за одреден настан (најчесто интервју) и краток ударен текст, типично за телевизиското новинарство. Неколку карактеристични примери:

Порталите Курир, Република и А1он, кратко, на 4.2.2024, со неколку кратки реченици ја информираат јавноста дека потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Александар Николовски, бил во посета во Тринген, Швајцарија, 'веројатно' на средба со македонската дијаспора. Во сите три портали текстот е идентичен и се повторува од насловот со додавка дека „СДС и ДУИ" за овие 6-7 години уништиле нешто што со генерации е создавано, а во прилогот е и фотографија на Николовски на која во позадина е знаме со 16-кракото сонце (без објаснување каде е снимено). Насловот е ист кај Курир и А1он „Македонецот е национално погазен, економијата тоне, а корупцијата цвета", додека во Република е 'покреативен', „Ако треба во една реченица да се опише што се случува во Македонија, тоа е дека Македонецот е национално погазен". Притоа, не може да се утврди кој е авторот на текстот, но прашањето е дали порталите едни од други го преземаат, го копираат прилогот. Но, на интернет-страницата на ВМРО-ДПМНЕ, на истиот дадум е дадено кратко интервју со Александар Николовски со наслов „Македонците во дијаспората ги мачи криминалот, корупцијата и лошите услови во Македонија, заедно ќе ги поразиме СДС и ДУИ". Но во поставените прашања и одговори, освен што Николовски по Женева и Лозана имал средба со дијаспората и во Тринген, ништо не е кажано од она што е пренесено во прилозите на Република, Курир и А1он.

Порталот Република на 28.2.2024 ќе го објави прилогот „Тошковски за власта: Тие се неписмени и полтрони, повеќе се борат за интересите на Грција, отколку за Македонија", со краток текст во врска со измените на Законот за патни исправи и нивното можно неизгласување од пратениците од власта, со што, според Тошковски, тие повеќе се грижат за интересите на Грција отколку за својата земја. Станува збор за извадок од интервјуто на Република со техничкиот министер на кој е потпишан авторот/новинарот (веројатно истиот кој го реализирал интервјуто), фотографија на Тошковски во редакцијата на порталот каде е снимен разговорот и краток видеозапис од интервјуто со истата содржина од прилогот. Потполно истиот прилог, со истиот наслов, содржина и видеозапис, но фотографија на Тошковски од прес-конференција (со назнака – Министерство за внатрешни работи) ќе го објави и Курир. На крајот на двата при-

лога стои дека „целосното интервју со министерот за Република ќе биде емитувано утре“, што упатува на ‘прилог-најава’, карактеристично за телевизиите каде разговорот, интервјуто со одреден политички субјект се најавува во вестите, а гледачите можат да го проследат подоцна/на крајот на вестите/веднаш по вестите. Порталите јавноста ја повикуваат да биде трпелива до утре, но сепак да ги следат. Наспроти тоа, Вечер.мк исто така ќе го објави прилогот, но со скратена содржина, само со фотографија на Тошковски (несомнено од некој разговор на телевизиска емисија, без да се наведе изворот) и со назнака дека е тоа од интервју за Република и „линк“ кој води на страницата на Република каде е објавен прилогот.

Порталот Алмакос на 4.2.2024, објави два прилога, со наслови „На АА не му треба претседавач со социјалните мрежи, Централното собрание ќе се одржи во сабота“ и „Таравари сам ги одржа последните средби со други политички лидери“, првиот со 5-6 кратки реченици, а вториот со еден пасус од неколку редови. И во двата прилога се изнесуваат ставови на Зијадин Села, во својство на основач и претседател на Собранието на АА, за нејзината поделба на два „табори“, за игрите на претседателот Арбен Таравари кој ја ‘шверцува’ партијата на оние кои сакаат да ја уништат. Во првиот прилог не може да се утврди жанровската форма (можеби нецелосна вест), додека во вториот е назначено дека се работи за прес-конференција. Но, ако се суди според содржината на прилозите, како и од дадените фотографии (на обете фотографии Зијадин Села е на иста прес-конференција, а во заднина членството на партијата) и двата прилога се однесуваат на еден ист настан од кого се скроени две кратки ‘приказни’.

Во целина, штетните наративи во интернет-медиумите доминантно се концентрирани на пристрасното селектирање, а особено во Курир, Република, А1он и Алмакос. Потоа следат нападите врз одредена личност, особено во порталот Локално, а поткопувањето на довербата во институциите во Курир и А1он. Забележителен е и бројот на дезинформации, особено во Тетова Сот и Курир, како и говорот на омраза во Курир и популизам во А1он. Табеларно, сликата е следна:

Табела 19. Застапеност на штетни наративи во прилозите на онлајн-медиумите во февруари 2024




| | Слободен печат | Нова ТВ | Независен | МКД.мк | Вечер МК | Локално | Алмакос | Тетова Сот | Република | А1Он | Курир |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пристрасно селектирање | 1 | 2 | 6 | 6 | 11 | 11 | 15 | 1 | 20 | 19 | 29 |
| Напади на личност, демонизација | 1 | 2 | 3 | 4 | 7 | 13 | 6 | 2 | 8 | | 7 |
| Поткопување доверба | | 1 | 5 | 3 | 3 | 2 | 3 | 4 | 3 | 11 | 15 |
| Дезинформации | | 3 | | 1 | 4 | | 2 | 10 | 1 | | 9 |
| Популизам | | 3 | 3 | 2 | | | 1 | 1 | 2 | 9 | 2 |
| Поттикнување поделби | 1 | 2 | | 2 | | 1 | 1 | 1 | 3 | 2 | 3 |
| Говор на омраза | | | | | | | | 2 | | | 10 |
| Странско влијание | | | 1 | | | | 1 | 5 | 1 | | |
| Екстремен патриотизам | | | 1 | | | | | 1 | | 5 | |
| Етноцентризам | | | | 1 | | | | 4 | | 1 | |
| Ширење паника, страв и несигурниост | | | | 1 | | | | | 1 | | 2 |
| #REF! | | | | | | | | | | | 1 |
| #REF! | | | | | | | | | | | 1 |
| #REF! | | | | | | | | | | | 1 |

**Курир** е портал со најголем број прилози со штетни наративи (39) и дури 77 објави (реченици, формулации, пасуси, наслови на прилози) во кои доминира пристрасното селектирање и поткопување на довербата во институциите во државата. На пример, во прилогот „Ништо од пропагандата на СДСМ и ДУИ не успеа, ВМРО-ДПМНЕ на избори ќе излезе со една обединета листа“, порталот презема делови од гостувањето на потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Александар Николовски, во емисијата „Еспресо

со Златев и Боцевски“ на Радио Лидер. Акцентот е на двојното понижување на македонскиот народ (Преспанскиот договор и вадењето документи со новото име на државата), надополнето со криминалот и тендерите во РЕК Битола, со оцени на Николовски дека државата ја водат „безрбетници, кримоси и анационални типови“, што ‘креативно’ протолкувано упатува на оние (власта) кои немаат сопствено убедување, свој став, некарактерни луѓе, криминални групи и луѓе без националност (20.2.2024). Или прилогот „Власта на заминување прави епска пљачка од 46 милиони евра за ископ на јаглен“, со преземени делови од истото гостување на Александар Николовски на Радио Лидер, каде тој зборува за тендерот за ископ на јаглен за РЕК Битола, кој оди на компанија омилена на власта, и прашува дали тоа е дел од ‘дилот’ помеѓу СДСМ и ДУИ во кој во „братска пљачка СДСМ ќе краде од РЕК Битола, а ДУИ ќе краде од увозот на јаглен“. Во игра е „братска пљачка“ и „епско крадење“, а порталот во насловот уште го засилува дефинирајќи го како „епска пљачка“ (20.2.2024).

**Република**, со вкупно 30 прилози со штетни наративи (и 39 индикатори), во прилозите најмногу се служи со пристрасно селектирање. Во прилогот „Еве како Таче им се заканува на новинарите дека ќе ‘квицкаат по подруми’“ со една реченица на почетокот се објаснува дека поранешниот премиер Димитар Ковачевски, незадоволен од прилогот на ТВ Телма за студентскиот оброк, им се заканил и ги обвинил новинарите и медиумите дека фатиле страна за ВМРО-ДПМНЕ, а во продолжение се два видеоинсерта од настапот (без наведување каде, по кој повод, дали е тоа прес-конференција) на Ковачевски каде тој вели дека „едноставен е изборот на граѓаните, или држава со европски стандарди или држава во изолација со контролирани медиуми на коишто ќе гледате само тоа што ви сервираат од штабот на ДПМНЕ“, дека медиумите се продале и сега се продаваат. Но и реакцијата на пратеникот и член на ИК на ВМРО-ДПМНЕ, Миле Лефков, а според фотографијата и видеозаписот на прес-конференција, за мизерните настани кои ги прави СДС пред избори, со цитирање на тоа што го рекол Ковачевски, за неговите директни закани кон медиумите и новинарите со цел „да се заплашат новинарите и да влијае на нивното известување, но и повикувајќи ја Делегацијата на ЕУ, сите меѓународни организации да реагираат на ваквиот чин затоа што „ВМРО-ДПМНЕ вистински се грижи за слободата на изразување, слободата на говорот и слободата на медиумите“ оценувајќи го Димитар Ковачевски како „неумесен политичар во заминување кој решил да го руши реномето на Македонија“ (извор, Република, 20.2.2024). Потоа, на истиот портал ќе следи и соопштение/реакцијата на МАН (Македонската асоцијација на новинари) со наслов „За Ковачевски и Заев – новинарите се: продадени, суетни, пропагандисти... Што очекуваат од нив по ова?“ со фотографија на Димитар Ковачевски и Зоран Заев од пред неколку години, во времето на ковид-кризата (Зоран Заев е со маска). Во текстот што следи,  односот на Ковачевски (именуван како премиер) кон сите новинари и медиуми (а ТВ Телма дека се продала) МАН го оценува како незаконски (со клевета, навреда и понижување) и спротивен на сите професионални стандарди, морал и етика, додавајќи дека тој е познат по постојани закани, навреди и омаловажувања и притисоци врз медиумите и новинарите (исто како неговиот претходник Зоран Заев). Односно, освен Телма, - се заканувал и на МРТ, Алфа, Канал 5, а од собраниска говорница повикал на правосуден линч против новинарот Драган Павловиќ Латас. На крајот соопштуваат дека ќе биде известена Светската федерација на новинари и ‘потенцираат’ дека оваа власт ќе остане запаметена како најрепресивната против слободата на медиумите и слободата на говорот. Соопштение/реакција испрати и ЗНМ (Здружението на новинарите на Македонија), но порталот не го објави, а извести за реакцијата на Агенцијата за аудио- и аудиовизуелни медиумски услуги од каде што ја критикуваа изјавата на премиерот.

И во порталот **А1он**, од сите прилози со штетни наративи најбројни се оние со пристрасно селектирање (19 од вкупно 29). На пример, во прилогот „Дали Филев, директорот на СДС од Радовиш е трговец со дрога во полициски билтен“ е дадена кратка изјава (од два пасуса) на портпаролот на ВМРО-ДПМНЕ, Наум Стоилковски, за врските на „СДС со наркомафијата“ повикувајќи се на полициски билтен од Штип и иницијали на лице приведено за дрога, и прашувајќи дали тоа е директорот на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи на Радовиш, за потоа да констатира дека СДС со Оливер Спасовски ја претвориле Македонија во мафијашка територија. Веројатно се работи за партиско соопштение на ВМРО-ДПМНЕ, а на фотографијата е Стоилковски пред говорница, додека зад него, со графичка визуелизација, од едната

страна се гледа текст во рамка – „Дали директор на СДС од Радовиш е трговец со дрога во полициски билтен?“, а од другата нејасна фотографија со лица во црвени елеци – препознатливи како СДСМ (извор, А1он, 28.2.2024). Или прилогот „ДПМНЕ не може ништо да реши, само лаже и создава хаос со личните документи“, изјава (каде, кога) на пратеникот на СДСМ, Миле Талевски, за ВМРО-ДПМНЕ кои прават и создаваат проблеми, ги лажат граѓаните дека ќе ги решат проблемите со документите, ќе го сменат името кога ќе дојдат на власт, само лажат и секогаш некој друг им е крив, додека СДСМ ги решава проблемите и ќе излезе со конкретен закон за личните документи. Реторика од СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ која последниве месеци редовно се повторува. Единствено што е јасно од изјавата е дека СДСМ ќе поднесе закон за личните документи (извор, А1он, 12.2.2024). Затоа пак, како разјаснување на сите недоречености и дилеми, Слободен печат, истиот ден ќе објави исцрпен извештај кој закон за личните документи е донесен, а кој не и зошто, вклучително и исказот на министерот Тошковски пред Собранието и ставот на претседателот Пендаровски за личните документи, како и најава на ВМРО-ДПМНЕ за кривична одговорност на ексминистерот Спасовски за злоупотреба на службената должност.

Во другите портали, на пример, во **Вечер.мк**, впечатлив е прилогот „Алиу со анализа на политичкиот профил на Груби: Тоа е хибриден профил помеѓу нарцизмот и макијавелизмот“, во кој порталот презема делови од гостувањето на министерот за информатичко општество и администрација, Азир Алиу, од емисијата „10 минути“ на ТВ 21, односно неговиот опис на политичкиот профил на Артан Груби. Во неколку пасуси се редат квалификативи за Груби (со негова фотографија) како моќен, човек кој бара внимание, но со минимална емпатија кон другите, манипулативен, човек кој прави поделби и сè за да ги постигне своите цели, и токму поради него дошло до поделби во ДУИ. Али Ахмети, пак, од искусен политичар станал „фолк пејач“ правејќи видеа и споделувајќи ги на социјалните медиуми (8.2.2024). **Локално**, во прилогот „Минатата недела се потсетивме што значи ВМРО-ДПМНЕ на власт и што значи режим“, ја пренесува изјавата на претседателот на СДСМ, Димитар Ковачевски, при отворање на изборен штаб во Кисела Вода, со напад кон ВМРО со Мицковски кое го покажало вистинското лице и не се разликува од она на Груевски (режимот) користејќи исти техники, исти структури, исти луѓе (потсетувајќи на инцидентот во кафе-барот во Скопје и тепањето полицајци), притоа ‘фалејќи’ ја сопствената партија дека е прогресивна, партија на трудот, левица на државата, партија на синдикатите, работниците, дека СДСМ се граѓаните, пензионерите, студентите и единствено со неа граѓаните можат да имаат просперитетна држава (20.2.2024).

## 2.2. *Извештај за мониторинг на известувањето на ТВ-станиците за политичките актери*




Во јануари се анализирани централните вести на 9 ТВ-станици на национално ниво во следните денови **во јануари**: 3, 7, 11, 15, 19, 23, 27, 31 јануари (вкупно осум денови) и **во февруари**: 4, 8, 12, 16, 20, 24, 28 (седум денови).

## Извештај за јануари 2024

Во јануари 2024 година, анализирани се централните вести на 9 телевизиски станици, а во анализата се опфатени вкупно 8 денови (3, 7, 11, 15, 19, 23, 27 и 31 јануари).

Регистрирани се вкупно 96 прилози со штетни наративи, што е најмногу досега, од почетокот на мониторингот во септември 2023 година. Во споредба со октомври (66 прилози), ноември (69), декември (87), се забележува константен раст на овој тренд, што се должи на евидентното заострување на политичката реторика како се наближуваат изборите.

### Фреквентност на штетните наративи кај ТВ-станиците

Анализата на централните вести на 9 ТВ-станици во јануари утврди вкупно 96 прилози кои содржеле еден или повеќе различни штетни наративи. Од ТВ-станиците отскокнува ТВ Алфа со 31 прилог (или 32,3 % од вкупниот број), додека кај останатите ТВ-станици не бележиме големи промени од просекот. Кај МТВ 2 се регистрирани 11 прилози со штетни наративи, кај Канал 5 и Сител по 10, кај ТВ 24 и Алсат М по 8, кај МТВ 1 и ТВ 21 по 7, додека кај ТВ Телма 4.

Табела 20. Приказ на прилози кои имаат штетен наратив според ТВ во јануари




Најмногу прилози со штетни наративи се забележани на 11 јануари (19 или 19,8 % од вкупниот број), кои се должат на партиските реакции по критиката на холандскиот амбасадор во земјава Дирк Јан Коп упатена кон лидерот на ДУИ, Али Ахмети, за падот на владеењето на правото. Во другите денови бројот се движи помеѓу 9 и 14 прилози.

За разлика од онлајн-медиумите, во кои најзастапен жанр се партиските соопштенија и пренесените говори на политичарите, во вестите на ТВ-станиците доминираат аналитичко-репортажните прилози (31 или 32,3 %) и извештаите (28 или 29,2 %). Иако не со таква фреквентност како кај интернет-медиумите, и тука се среќаваат прилози кои содржат само пренесен говор на политичар (9 или 9,4 %) или партиско соопштение (5 или 5,2 %).

Табела 21. Приказ на објавени прилози кои имаат штетен наратив според жанр во јануари 2024




Исто како и во претходните извештаи, и овој месец е нотирана појавата во која медиумот се нуди само како место за објава на политички говори и соопштенија, при што е занемарена улогата на професионалното новинарство. Задача на новинарот е критички да ги анализира случувањата, а не само да го препушти медиумскиот простор на политичките актери кои тука ќе најдат платформа за ширење на сопствената идеологија. Медиумот мора да биде „куче чувар на демократијата“ и критичар на актуелните општествени и политички случувања, јавните институции и политичките активности.

Штетните наративи најчесто се нотираат кога се информира за внатрешната политика (64 прилози или 66,7 %). По внатрешната политика, следат прилози од правосудството (8), економијата (7), криминалот (6), корупцијата 5 итн. Од темите кои ги забележавме, најприсутни во јануари се меѓупартиските обвинувања поврзани со инцидентот во компанијата одговорна за управување и контрола на цивилниот воздушен сообраќај М-Нав АД Скопје, потоа реакциите на изјавата на холандскиот амбасадор Коп, измените на Законот за игри на среќа, промената на личните документи, претстојните избори и формирањето на техничката Влада. Многу често, политичките актери ги злоупотребуваат овие важни општествени теми за сопствени пресметки и политички поени, додека медиумите, наместо да им ја понудат главната улога на експертите во областа, повторно дозволуваат во јавниот дискурс да доминираат политичките изјави.

Еден ваков пример е темата поврзана со проблемите на Јавното сообраќајно претпријатие (ЈСП), во чие име повторно зборуваат политичките гласови на СДСМ, ВМРО, Левица и останатите, но не може да се види главниот актер, ниту пак експерти од областа кои нудат вистинско гледиште и можни решенија, наместо навреди и обвинувања:

*Додека Скопје немаше автобуси, додека надвор на улиците мрзнеа вработените во ЈСП кои си ги бараа своите плати, советниците на ДПМНЕ по групи и пораки договараа како да ги изиграат вработените. За ДПМНЕ апелот, крикот и борбата за плата, за која вработените во ЈСП чесно работеле, е средство за поигрување со работниците и можност за политички пазар, вели Гордан Шутаров, советник од СДСМ во Град Скопје.* (**ТВ Канал 5, 23 јануари**).

Најчесто повод за прилогот биле актуелните настани (34 или 35,4 %), а веднаш потоа следат општествените случувања (29 или 30,2 %) и псевдонастани (28 или 29,2 %). Ваквиот соодност е сличен со претходните месеци, со таа разлика што бројот на прилози чиј повод бил некој псевдонастан постојано расте (во декември имало 19 прилози или 21,8 % каде повод за прилозите бил некој псевдонастан). Тоа е сиг-

нал дека политичките партии, во потрага по поголем простор за промоција на своите идеи и заложби, сè почесто ги користат овие техники на организирање настан без никаков повод освен да генерираат медиумско внимание и публицитет. Најмногу МТВ 1 (5 прилози или 71,4 %), потоа МТВ 2 (4 прилози или 36,4 %) и ТВ Алфа (10 прилози или 32,3 %) се оние кои им овозможиле на политичките актери, преку различни псевдонастани, да дојдат до медиумски простор за непречено да ги промовираат своите ставови на најразлични теми, но и да ги напаѓаат своите политички ривали користејќи разни штетни наративи.

Табела 22. Повод за прилогот (јануари 2024)




Улогата на медиумите во демократските општества е да ги застапуваат интересите на сите групи и да бараат одговори за отворените прашања кои се важни за граѓаните. Во тој процес, без разлика на сеприсутноста на политичарите и нивната подготвеност да понудат мислење на секоја тема, одговорите треба да се бараат кај експертската јавност, која нема да ги искористи овие прашања за политички поени, туку ќе понуди аналитички пристап и сериозни решенија.

## Политичките актери и изворите во анализираните прилози

Без никаков исклучок, актерите кои доминираат во прилозите со штетни наративи, но и кои генерално добиваат најголем простор во мејнстрим-медиумите се трите најголеми политички партии во државата: СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. Нивното медиумско присуство многу често се претставува како колектив, без индивидуализација, па така обично сè што припаѓа на спротивниот табор е лошо, криминално, неподобно, назадно, мора да се промени. Како пример ја издвојуваме изјавата на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски емитувана на ТВ Алфа: *ДУИ никако не ме плаши, ДУИ мора да оди во опозиција. Замислете оваа партија е над дваесет години дел од власта. Таа е дел од сите подеми и падови. Нереформирана збирштина од луѓе кои се прикажуваат за заштитници на кауза, а впрочем се крадци кои се занимаваат со тендери и провизии.* (**ТВ Алфа, 3 јануари, 2024**).

Индивидуалните актери кои доминираат во прилозите со штетни наративи повторно се дел од оваа политичка тројка (СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ), најчесто во улога на лидери на партиите, гласноговорници, министри или пратеници.

Ваквата сеприсутност на актерите од овие три политички партии во информативните програми на телевизиите може да значи две работи. Прво, тоа дека телевизиите во своите информативни програми отстапуваат најмногу простор за најголемите политички субјекти и мошне ретко слушаме други гласови во етерот, па дури и кога се работи за специфични и стручни теми во кои би очекувале мислење од експерти (измена на закони, избор на судии и обвинители и сл.).

Второ, креирањето штетни наративи е специфика на политичкиот дискурс на политичките субјекти, а нивните претставници воопшто не се воздржуваат да употребат навреди, етикетирања, дезинформации или обвинувања без основа и без аргументи во политичкиот дијалог.

**Табела 23. Вкупен приказ на прв, втор и трет актер според ТВ-канал во јануари 2024**

| ТВ канал | Актер | Фреквенција | Начин на претставување | | | Кој и како го претставува актерот | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Новинарот | | | | Некој друг | | | | Самиот/та | | | |
| | | | Цитиран | Парафразиран | Се зборува за него/неа | - | + | -/+ | 0 | - | + | -/+ | 0 | - | + | -/+ | 0 |
| МТВ 1 | Христијан Мицкоски | 4 | 3 | 3 | 2 | | | | 3 | 1 | | | | | | | |
| | Д. Ковачевски | 2 | 1 | 1 | 1 | | | | 2 | 1 | | | | | | | |
| | СДСМ | 2 | 1 | | 2 | | | | | 2 | | | | | | | |
| МТВ 2 | Власта | 2 | | | 2 | | | | | 2 | | | | | | | |
| | Д. Ковачевски | 4 | 4 | 4 | | | | 2 | 2 | | | | | | | | |
| | СДСМ | 2 | 2 | 2 | | | | | 2 | | | | | | | | |
| | Али Ахмети | 3 | 1 | 1 | 2 | | | | 3 | | | | | | | | |
| | ВМРО-ДПМНЕ | 5 | 4 | 3 | 2 | | | 2 | 2 | 1 | | | | | | | |
| | Х.Мицковски | 2 | 2 | 2 | | | | 2 | 2 | | | | | | | | |
| | Артан Груби | 2 | 1 | 1 | 1 | | | | 1 | 1 | | | | | | | |
| Канал 5 | Бујар Османи | 2 | 2 | 2 | | | | | 2 | | | | | | | | |
| | Д. Ковачевски | 6 | 6 | 6 | | | | | 6 | | | | | | | | |
| | ВМРО-ДПМНЕ | 3 | 3 | 3 | 2 | | | | 1 | 2 | | | | | | | |
| | Х.Мицковски | 3 | 3 | 2 | | | | | 3 | | | | | | | | |
| Сител | ВМРО-ДПМНЕ | 4 | 4 | 2 | | | 2 | | | | | | | | 2 | | |
| | Д. Ковачевски | 4 | 4 | 2 | 3 | | | | | 4 | | | | | 1 | | |
| | Х.Мицковски | 3 | 3 | 3 | | | 1 | | | | | | | | 2 | | |
| | власта /ДУИ и СДСМ | 3 | | 1 | 3 | | | | | 3 | | | | | | | |
| Телма | ВМРО-ДПМНЕ | 2 | 2 | | | | | | | 2 | | | | | | | |
| | Д. Ковачевски | 2 | 2 | | | | | | 1 | | | | | | | | 1 |
| | Х.Мицковски | 2 | 2 | | | | | | 1 | | | | | | | | 1 |
| | Талат Џафери | 3 | | | 3 | | | | | 3 | | | | | | | |
| Алсат М | Х.Мицковски | 3 | 3 | 3 | | | | | 3 | | | 1 | | | 1 | | |
| | Владата | 3 | | | 3 | | | | | 3 | | | | | | | |
| | ДУИ | 4 | | | 4 | | | | | 4 | | | | | | | |
| Алфа | Владата/СДСМ, ДУИ/ Власта | 11 | | | 11 | 7 | | 1 | | 4 | | 2 | | | | | |
| | Х.Мицковски | 6 | 3 | 4 | 2 | | 3 | | 6 | | | | 2 | | | | |
| | Д.Ковачевски | 6 | 2 | 2 | 5 | 6 | | | 2 | 4 | | 1 | | | | | |
| | ВМРО ДПМНЕ | 6 | | | 6 | | | | 6 | | | | | | | | |
| | ДУИ | 5 | | | 6 | 4 | | | | 5 | | | | | | | |
| | СДСМ | 3 | | | 3 | 3 | | | | 3 | | | | | | | |
| | Талат Џафери | 3 | 1 | 1 | 3 | 2 | | | | 2 | | | | | | | |
| | Зоран Заев | 2 | | | 3 | 1 | | | 1 | | | | 1 | | | | |
| | А.Милошевски | 2 | | 1 | 3 | | 1 | | 1 | 1 | 1 | | | | | | |
| | Ковачки | 2 | 1 | | 3 | | | | 2 | 1 | | | | | | | |
| ТВ21 | Д. Ковачевски | 5 | 5 | 5 | | | | 4 | 1 | | | | | | | | |
| | Власт | 2 | | | 2 | | | 1 | | 1 | | | | | | | |
| ТВ 24 | СДСМ | 3 | | | 3 | | | | | 3 | | | | | | | |
| | Х.Мицковски | 2 | | | 2 | | | | | 2 | | | | | | | |
| | ДУИ | 2 | | | 2 | | | | | 2 | | | | | | | |

Пристапот на новинарот кон актерите најчесто бил неутрален, што е случај речиси за сите телевизии со исклучок на ТВ Алфа. Во вкупно 11-те прилози на ТВ Алфа во кои како актер се појавува СДСМ, власта или Владата, новинарот во 7 случаи ги претставил негативно, односно зазел негативен став, а само во еден случај се претставени на неутрален начин. Сличен е и односот кон претседателот на СДСМ, Димитар Ковачевски, кој во сите 6 прилози во кој се појавува како актер е претставен од новинарот на негативен начин.

Од друга страна, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, во 9-те прилози на ТВ Алфа во кои се јавува како актер, 3 пати е претставен од новинарот на позитивен начин, а 6 пати неутрално. Во најавата на прилогот во вестите емитувани на 15 јануари, новинарот вели:

*Заев ја праќаше ДУИ во опозиција, едно време дури не сакаше да слушне за премиер Албанец, а денеска нивниот наследник Ковачевски во нив гледа каков таков спас за својата политичка иднина преку предизборна коалиција со ДУИ. За аналитичарите нема некоја голема филозофија во вака обратно поставените улоги на СДСМ и ДУИ, затоа што одамна е јасно кој е кој во македонската Влада и кој ги влече конците.* (**ТВ Алфа, 31 јануари**)

Ваквиот однос на фаворизирање и необјективност е во спротивност со професионалните стандарди и начела, како што е членот 14 од Етичкиот кодекс на новинарите во кој јасно се наведува дека *известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.*[11]

Во тој контекст влегува и непристрасноста и балансираноста во известувањето, односно начинот на кој медиумите и новинарите ги користат изворите во своите прилози и колку им обезбедуваат шанса на сите страни да ги презентираат своите ставови и гледишта. За жал, ситуацијата е слична како и во претходните месеци во којашто доминираат прилозите со само една страна (47 или 49 %), на сметка на прилозите со две страни (19 или 19,8 %) или повеќе страни (27 или 28,1 %). Слична е и ситуацијата со бројот на извори кои се консултирани и најчесто тоа е еден извор (41 прилог или 42,7%), а потоа два извора (21 или 21,9 %) или повеќе извори (31 или 32,3 %).

Табела 24. Приказ на застапеност на страната на изворите во прилозите кои имаат штетни наративи во јануари 2024




| | Телма | ТВ 21 | МТВ 1 | ТВ 24 | Алсат М | Сител | Канал 5 | МТВ 2 | Алфа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Само една страна | 1 | 3 | 3 | 4 | 7 | 3 | 4 | 2 | 20 |
| Две страни | 3 | 1 | 2 | 2 | 1 | 3 | 1 | 3 | 3 |
| Повеќе страни | 0 | 3 | 2 | 2 | 0 | 4 | 5 | 6 | 5 |

11 Кодекс на новинарите на Македонија: https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/

Како што може да се забележи од табелата бр. 5, прилозите со само една страна се најчести кај Алсат М (7 или 87,5 %) и ТВ Алфа (20 или 71,4 % од вкупниот број прилози со штетни наративи).

Изворите кои се користат се најчесто прецизни и јасни (91 или 94,8 %), а исклучок е повторно само ТВ Алфа, каде се среќаваат и случаи на друг медиум како извор (3), непрецизни извори (5) и нејасни извори (1).

Табела 25. Вид на извори според онлајн-медиуми во јануари 2024




| | Телма | ТВ 21 | МТВ 1 | ТВ 24 | Алсат М | Сител | Канал 5 | МТВ 2 | Алфа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прецизни | 4 | 7 | 6 | 8 | 8 | 10 | 10 | 11 | 27 |
| Нејасни | | | 1 | | | | | | 2 |
| Непрецизни | | | 1 | | | | | | 5 |
| Новинар | | | | | | | | | 1 |
| Друг медиум | | | | | | | | | 3 |

Еднострано и небалансирано известување е сериозен проблем и не може да биде дел од професионалното новинарство. Во случаи кога новинарот веќе отстапил простор за неаргументираните напади, етикетирањата, дезинформациите или навредите на некој политички актер, најмалку што треба да направи е да ја консултира и другата страна, да ја соочи со обвинувањата и да - понуди шанса да ја претстави својата страна од приказната.

## Најчести штетни наративи

Мониторингот на централните вести на 9 ТВ-станици во Македонија во јануари регистрираше 96 прилози кои содржеле штетни наративи. Во овие прилози се појавуваат вкупно 160 штетни наративи што покажува дека во голем дел од прилозите има повеќе од еден штетен наратив.

Табела 26. Фреквенција на штетни наративи во јануари 2024



Слично како и во претходните месеци од мониторингот, најчести се прилозите кои ги содржат штетните наративи - пристрасно селектирање (72) и поткопување на довербата (49).

За креирањето на овие наративи, најчесто се одговорни тврдењата за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност, обвинувања за злоупотреба на службената положба **без поткрепа на тие тврдења**, како и пристрасно селектираните информации што не ја отсликуваат реалноста на тврдењето. Како пример ќе ја издвоиме изјавата на пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ, Драган Ковачки, во која се искажани неколку различни обвинувања, но без да се понудат докази:

*Претставниците на власта со злоупотреби на службени позиции, со трговија со влијание за добивање на странски грантови од областа на безбедноста на земјоделци чии сопрузи се државни функционери, докажуваат дека институциите максимално се злоупотребуваат и искористуваат за лични лукративни цели. Со молчењето ЈО, Пендаровски и Ковачевски, истите потврдуваат дека знаат и го одобруваат ова дејание.* (**ТВ  МТВ 1, 23 јануари, 2024**)

Се разбира, новинарите не можат секогаш да знаат дали тврдењата се вистинити или не, но недостигот на факти и аргументи за поткрепа треба секогаш да биде поттик за дополнителни прашања, новинарски истражувања или подлабоки анализи од едноставното пренесување политички изјави. Се разбира, доколку информацијата не може да се потврди или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се наведе во прилогот.

Во спротивно, новинарите и медиумите, иако можеби директно не се производувачи на шпекулативните, погрешни или злонамерни информации, стануваат нивни пренесувачи и засилувачи, а со тоа придонесуваат за сè поголемата поларизација во општеството и недовербата во институциите.

Следни по бројност во јануари биле штетните наративи - напади на личноста и демонизација (21), како и дезинформациите (9).

Во изјавата дадена на 31 јануари, пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ ја нарекува политичката партија ДУИ *разуздана*, а претседателот на СДСМ *сервилен* и *предавник на сопствената партија, која ја продал.*

*Ковачевски го продаде СДС, си ги продаде и сопствените пратеници за ден повеќе власт со криминалците од ДУИ. Ваква разуздана ДУИ немаше да биде можна без сервилниот Ковачевски, кој се водеше според менторствата на ДУИ.* (**ТВ Алфа, 31 јануари, 2023**)

Од друга страна, владејачката политичка партија СДСМ продолжува да го оцрнува и да го претставува својот политички опонент ВМРО-ДПМНЕ како партија која е против европските интеграции и е со „јасна источна ориентација", што во овој контекст значи проруски ориентирана. Таква е изјавата на претседателот на СДСМ, Димитар Ковачевски, кој директно ја обвинува опозицијата за блискост до „истокот":

*Овие избори нема да бидат избори помеѓу левица и десница, овие избори ќе бидат помеѓу запад и исток. 2024 година такви ќе бидат изборите, бидејќи обично во светот се работи за избори каде што имате политички партии центар и лево од центар или политички партии центар и десно од центар, кај нас сега ќе бидат избори на коишто ќе се соочат политички партии коишто се за западна ориентација на државата и политички партии коишто се за јасна источна ориентација на државата.* (**ТВ Канал 5, 23 јануари, 2024**)

Улогата на новинарот и во овој случај била само пренесувачка, го транспортирал наративот до публиката и до гласачкото тело, без да интервенира на кој и да е начин. Сепак, слично како и во обвинувањата за корумпираност и неотчетност без да се понудат докази и аргументи,  ваквите изјави треба да имаат посериозен третман од страна на медиумите. Новинарот, за да им понуди на граѓаните објективна и јасна слика за општествените процеси, е должен да обезбеди дополнителни одговори на што се должат

таквите тврдења и кои се аргументите на кои се потпираат. Исто така, обвинета за блискост до „истокот" партијата ВМРО-ДПМНЕ треба да добие простор да го каже сопствениот став за ваквите тези.

За разлика од претходните месеци, во јануари се забележуваат и наративи со кои **директно се обвинува странски ентитет за мешање во внатрешните работи** во државата (3), но без никакви докази и поткрепа на ваквите сериозни тврдења. Ваквите наративи го наметнуваат тврдењето за големата вмешаност на Русија како општа вистина, како веќе одамна апсолвиран факт, без потреба да се докаже или да се аргументира. Како пример ја посочуваме изјавата на претставникот на ДУИ и вицепремиер во Владата, Артан Груби, во која тврди дека сите знаат за мешањето на Русија во внатрешните работи на државата.

*И сите знаете дека е така, дека има руски експоненти, дека има руски елементи коишто прават сè што е можно во нивната моќ да го нарушат јасното парламентарно мнозинство и коалиција којашто сака да ја види оваа држава како членка на НАТО и на ЕУ и во вековно пријателство со Америка.* (**ТВ 21, 23 јануари**)

Не навлегувајќи во анализа на ваквите тврдења, важно е да се напомене дека сериозните обвинувања од овој тип мора да понудат аргументи, а задача на новинарот е да побара одговор од политичките актери на што се должат таквите заклучоци. Во спротивно, тие само остануваат во доменот на шпекулации и не нудат основа за сериозна дискусија која вакво сериозно прашање ја наметнува.

Табела 27. Однос на медиумите кон штетните наративи

| Индикатор | Број на индикатори | Број на прилози | Бр. На прилози во кои само новинарот го произведува ШН | Бр. На прилози во кои само политичкиот актер произведува ШН | 1. Новинарот го пренесува без каква било интервенција | 2. Новинарот јасно го истакнува, но притоа не зазема страна | 3. Новинарот го пренесува со осуда/критика | 4. Новинарот го пренесува со одобрување | Бр. на прилози во кои и двајцата го поддржуваат | Новинарот го поддржува индикаторот од политич | Новинарот се спротивставува на индикаторот од политич |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МТВ 1 | 12 | 7 | | 12 | 12 | | | | | | |
| МТВ 2 | 11 | 11 | | 11 | 11 | | | | | | |
| Канал 5 | 16 | 10 | | 15 | 16 | | | | 1 | 1 | |
| Сител | 13 | 10 | 1 | 9 | 2 | 7 | 1 | 2 | 3 | 2 | 1 |
| Телма | 5 | 4 | | 5 | 2 | 3 | | | | | |
| Алсат М | 9 | 8 | | 9 | 9 | | | | | | |
| Алфа | 46 | 31 | 11 | 19 | 3 | 16 | 2 | 14 | 16 | 14 | 2 |
| ТВ 21 | 8 | 7 | | 8 | 7 | 1 | | | | | |
| ТВ 24 | 9 | 8 | 1 | 8 | | 6 | | 2 | | | |
| **Вкупно** | **129** | **96** | **13** | **96** | | | | | **20** | | |

Слично како и претходните месеци, најчесто штетните наративи ги создавале политичките актери, додека новинарите, во своите прилози само ги пренесувале без да заземат некаков став. Од ваквиот урнек излегува ТВ Алфа, во чии информативни програми или новинарот бил тој кој сам го создавал штетниот наратив (11 случаи) или тоа го правел заедно со политичкиот актер (16 случаи). Други вакви случаи во кои новинарот заборавил на својата професионална задача и бил директно одговорен за креирање штетен наратив, гледаме само уште во по еден пример кај ТВ Сител и ТВ 24.

Улогата на професионалниот новинар е да ги постави важните прашања и внимателно да ги анализира зборовите на политичките актери, притоа да ги испита фактите и тврдењата кои се нудат. Притоа важно е да се напомене дека **не е работа на новинарите да градат контрапозиции,** туку да ги преиспитуваат тврдењата и фактите на сите кои се дел од јавниот дијалог. Критичкиот пристап кон сите појави и политички актери во општеството е специфика на непристрасното и балансирано новинарство.

## МТВ 1

Кај првиот канал на Јавниот сервис, при мониторингот на месец јануари, забележани се 7 прилози кои содржеле штетни наративи[12] . Најчесто тоа биле: пристрасно селектирање (8), поткопување на довербата во институциите (4) и напади на личноста (3).

Го издвојуваме прилогот од 27 јануари, како пример за тврдења за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност и злоупотреба на службена должност без обид за поткрепа на тие тврдења.

*Не може да се очекува нова политика од човекот кој како претседавач со македонското Собрание направи серија противуставни потези, вели лидерот на опозицијата Мицкоски по одлуката Талат Џафери да биде технички премиер во 100-те дена пред изборите.* (**МТВ 1, 27 јануари 2024**)

Прилозите со штетни наративи кај МТВ 1 најчесто третирале теми поврзани со внатрешната политика (5), правосудството (1) и корупцијата (1). Во сите прилози кои се регистрирани, автор на штетниот наратив бил политичкиот актер, а новинарот само го пренел без каква било интервенција. Во три од седумте прилози со штетни наративи, пренесена е само едната страна, додека во останатите имаме или две страни (2) или повеќе страни (2 прилога). Карактеристично за МТВ 1 е што најголемиот број прилози се од т.н псевдонастани (5 или 71,4 %), односно штетниот наратив потекнува од настан кој политичките партии го организирале не по повод некое оштествено случување или актуелен настан, туку со единствена намера да добијат простор за своите ставови и наратив.

## МТВ 2

Во јануари се регистрирани 11 прилози со штетни наративи кај МТВ 2, што е забележителен пад во однос на претходниот месец (17 прилози во декември). Најчести штетни наративи кои се забележуваат се пристрасното селектирање (9), а потоа поткопување на довербата (2) и на нападите на личноста (1). Штетните наративи без исклучок биле производ на политичките изјави (11), додека новинарот само ги пренесувал без да интервенира. Таков пример е и изјавата на СДСМ во која опозицијата се обвинува за проруски ставови:

*ВМРО останува сама во проруската агенда, против ЕУ и без коалициски партнери.* (**МТВ 2, 19 јануари 2024**).

Најголемиот број од овие прилози се од актуелни настани (6 или 54,5 %) на теми од внатрешната политика (8 или 72,7 %).

12 Централните информативни изданија на МТВ 1 во јануари траеја пократко од вообичаено поради преносот на Европското ракометно првенство.

## ТВ Алфа

Бројот на прилози со штетни наративи кај ТВ Алфа и во јануари е највисок од сите други ТВ-станици (31 или 32,3 % од вкупниот број регистрирани прилози). Најчести штетни наративи кои се јавуваат се пристрасно селектирање (22), поткопување на довербата (19) и напад на личноста/демонизација (11).

Специфика со која ТВ Алфа се одвојува од останатите ТВ-станици е фактот дека во креирањето на штетните наративи не учествуваат само политичките актери, туку мошне често и новинарите. Па така, во 11 случаи одговорен за штетниот наратив е само новинарот, додека во 16 новинарот и политичкиот актер заедно го креирале штетниот наратив.

Исто така, тоа што ја одвојува ТВ Алфа е и тенденциозниот дискурс, пристрасноста и небалансираниот пристап. Така, на пример, во прилогот емитуван на 15 јануари, новинарот лицитира со можните резултати од изборите:

*Според последните анкети, рејтингот на социјалдемократите драстично опаѓа, додека пак на интегративиците е горе-долу статус кво, исто како и на Алијанса на Албанците. Според последните анкети, доколку би се правеле предизборни коалиции, дури и СДСМ, Алијанса и ДУИ да одат заедно на избори со дузина помали партии, сепак нема да можат да ја формираат новата Влада, оти бројката на гласови на ВМРО-ДПМНЕ и опозицијата од политичкиот блок на албанската заедница е поголема.* (**ТВ Алфа, 15 јануари**)

Без да наведе извори или да ги посочи анкетите од кои точно се гледаат ваквите рејтинзи или можните изборни резултати, новинарот шпекулира и нуди формули според кои ќе се формира новото владино мнозинство.

Најчести актери кои се појавуваат во овие прилози кај ТВ Алфа се СДСМ, Владата, власта (11) и Димитар Ковачевски (6). Овие актери најчесто се претставени негативно и тоа мошне често од новинарот. Па така, кон СДСМ, Владата или власта новинарот имал забележително негативен однос во 7 случаи, додека кон Димитар Ковачевски, во сите од 6-те случаи во кои се спомнува.

## ТВ Канал 5

Во јануари се регистрирани вкупно 10 прилози со штетни наративи во централните вести на ТВ Канал 5. Мнозинството од нив се поврзани со поткопување на довербата (7) и пристрасно селектирање (6).

Улогата на новинарот во овие прилози обично била нем пренесувач (16 случаи) на штетните наративи креирани од политичките актери. Областите во кои се појавуваат штетните наративи се малку поразновидни отколку кај другите телевизии, па така покрај внатрешната политика (3 прилога), имаме и надворешна политика (2), криминал (2), правосудство (1) итн. Во 4 прилози претставена е само едната страна, додека во останатите или 2 страни (1) или повеќе страни од настанот (5).

Во прилогот објавен на 11 јануари, се пренесува обвинувањето на пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ, Антонијо Милошоски, за нерегуларни и наместени тестови при изборот на судии и обвинители:

*На писмениот тест, фаворитите на власта дел од прашањата ќе остават неодговорени, ќе им ги одговори некој друг и ќе добијат максимален број поени. Договорот е помеѓу ДУИ, СДСМ, Алијанса за Албанците, секој од нив да добие одредена бројка на идни судии и обвинители.* (**ТВ Канал 5, 11 јануари 2024**)

Ова е мошне сериозно обвинување, но без понудени докази, останува само во доменот на шпекулации и тврдења за корумпираност и злоупотреба на службената должност без обид за поткрепа на тие тврдења, што доведува до поткопување на довербата во институциите. Сепак треба да се спомене дека во овој конкретен случај новинарот ги поставува прашањата и ги соочува со овие обвинувања и претседателката на Академијата за судии и обвинители, но и премиерот Ковачевски.

## ТВ 21

При мониторингот на ТВ 21 во јануари регистриравме вкупно 7 прилози кои содржат еден или повеќе штетни наративи. Најчесто овие штетни наративи опфаќале пристрасно селектирање (4) и напади на личноста/демонизација (2 случаи).

Според другите параметри, ТВ 21 не се издвојува од останатите ТВ-станици. Темите од внатрешната политика доминираат меѓу прилозите со штетни наративи (6 или 85,7 %), а меѓу нив доминираат едностраните прилози (3 или 42,9 %). Повод за прилозите најчесто бил актуелен настан (5 или 71,4 %) или некој псевдонастан (2 или 28,6 %).

## ТВ Сител

Кај ТВ Сител се регистрирани 10 прилози во кои се забележуваат штетни наративи. Најголемиот број од нив се поврзани со поткопување на довербата во институциите (9) и пристрасно селектирање (9).

Мониторингот на прилозите забележа значителен број изјави (4) во кои политичкиот актер намерно не ја пренесува целосната слика за „настанот“ и намерно изостава информации што ја побиваат позицијата на тој што ги изнесува. Таква е изјавата на тогашниот премиер Димитар Ковачевски, кој тврди дека не постои пример во светот каде една политичка партија не гласала за министрите кои доаѓаат од нивната партија, не наведувајќи дека многу сличен случај е гласањето на техничката Влада во 2016 година, во која СДСМ не гласаше.

*Не може некој да се однесува како 13-годишно дете: Јас ќе предложам и нема да гласам, нема да гласам ова, нема да гласам она... значи, секој мора да биде сериозен. Никаде во свет нема да предлагате министри, а друг да ви ги гласа. Еве, најдете ми еден пример кај што некој предложил министри и барал да му ги гласа некој друг.* (**ТВ Сител, 11 јануари 2024**)

И кај ТВ Сител во јануари преовладувале прилозите од внатрешната политика (7 или 70 %), но за разлика од поголемиот број ТВ-станици кои ги анализиравме, присутна е повеќестраноста во прилозите, односно 7 (или 70 %) се или со две или со повеќе страни.

## Алсат М

Кај ТВ Алсат М, во јануари се регистрирани вкупно 8 прилози со штетни наративи. Најголем дел од нив се поврзани со пристрасно селектирање (6) и поткопување на довербата (3).

Овие прилози биле најчесто еднострани, односно на гледачот му ја понудиле само едната страна приказната (7 или 87,5 %).

Карактеристични се примерите во кои се обвинува за корупција, непрофесионалност и криминал, но не со аргументи и конкретни примери, туку само како изборна парола. Таква е изјавата на Беса, објавена во вестите на 31 јануари:

*Корупцијата е лицето на СДСМ и ДУИ, ова е власта на ДУИ и СДСМ која нема да се памти по инвестиции, туку ќе остане во историјата како власт на криминал и корупција.* (**ТВ Алсат М, 31 јануари 2024**)

### ТВ Телма

Во јануари, во централните вести на ТВ Телма се регистрирани вкупно 4 прилози кои содржеле еден или повеќе штетни наративи, најчесто поврзани со поттикнување поткопување на довербата (3), пристрасно селектирање (2) и дезинформации (1).

Штетните наративи во кои следиме непроверени наоди, но и сериозни обвинувања без никакви аргументи наоѓаат место и во информативните програми на Телма, како што се обвинувањата на тогашниот премиер Ковачевски дека опозицијата не работела, туку доаѓала во Собранието само поради опструкции:

*Тие беа дел од Собранието во последните 4 години, во кое единствено што правеа беше да блокираат. Доаѓаа за да блокираат, не доаѓаа за да работат.* (**ТВ Телма, 19 јануари**)

### ТВ 24

За разлика од претходните месеци, кај ТВ 24 во јануари се забележани повеќе прилози кои содржеле штетни наративи (8). Тоа најчесто биле пристрасно селектирање и напади на личноста. Освен во еден случај, кога новинарот бил одговорен за креирање на штетниот наратив, во останатите штетниот наратив го оздавале политичките актери.

Го издвојуваме прилогот од Собранието во кој новинарот наместо критички да ги анализира партиските обвинувања, тој применува практика „тој-рече-таа-рече, истакна, велат", со што добива улога на нем пренесувач на политичките штетни наративи. Со тоа тој свесно или несвесно станува катализатор за дезинформации, погрешни или злонамерни информации.

*Во текот на расправата, пратеничката Марија Петрушевска од ВМРО-ДПМНЕ, Данева ја нарече фејсбук-правен експерт на батерии. Според Петрушевска, номинацијата треба да се повлече: Простете, но од Шарена револуција и фејсбук-политичари ја доведовте државата на дно, го урнисавте правниот поредок, го урнисавте државниот поредок, ја урнисавте самобитноста, независноста на оваа држава, суверенитетот...* (**ТВ 24, 31 јануари, 2024**).

## Извештај за февруари 2024 година

Во вториот и најкраткиот месец од 2024 година, анализирани се централните информативни емисии на 9 ТВ станици во следниве 7 денови: 4, 8, 12, 16, 20, 24 и 28 февруари.

При анализата, регистрирани се вкупно 90 прилози кои содржеле барем еден од штетните наративи кои ги следиме. Најчест е штетниот наратив *пристрасно селектирање* (58 примери), а ТВ Алфа е телевизијата која доминира по бројот на прилози со штетни наративи (40 или 44 % од вкупниот број).

Анализата на централните вести на телевизиските станици во февруари утврди вкупно 90 прилози кои содржеле еден или повеќе различни штетни наративи. Тоа што загрижува е константниот раст на ваквите прилози, што е индикатор за заострената реторика меѓу политичките актери, но и проблем со професионалните новинарски стандарди.

Во споредба со декември кога регистриравме просечно нешто помалку од 11 (10,9 дневно)[13] прилози и јануари со 12[14], во февруари бројот е веќе искачен на речиси 13 прилози дневно (12,9) кои содржеле штетни наративи.

Табела 28. Приказ на прилози со штетни наративи според датум (февруари 2024)




Ден со најголем број прилози кои содржеле штетни наративи е 8 февруари, со вкупно 20 прилози. Интересно е дека дури 8 од овие 20 прилози се поврзани со превирањата во политичката партија Алијанса на Албанците и изјавите на нејзините претставници. По број на прилози потоа следат 20 февруари (17 прилози), 16 февруари (14 прилози), 28 февруари (12 прилози) итн.

ТВ Алфа со вкупно 40 прилози (или 44 % од вкупниот број) е медиумот кој убедливо најмногу креирал или пренесувал штетни наративи од сите телевизии. Потоа следат МТВ 2 и ТВ 21 со по 10 (или по 11,1 %), ТВ Сител со 9 (10 %), ТВ Алсат М со 8 (8,9 %), ТВ Канал 5 и ТВ Телма со по 4 (по 4,4 %) и на крајот ТВ 24 со 3 (3,3 %) и МТВ 1 со 2 (или 2,2 %) прилога.

Табела 29. Приказ на прилози кои имаат штетен наратив според ТВ во февруари 2024




13 Во декември се регистрирани вкупно 87 прилози со штетни наративи во мониторираните 8 денови или 10,9 прилози дневно.

14 Во јануари се мониторирани 8 денови и забележани се вкупно 96 прилози со штетни наративи или 12 прилози дневно.

Од жанровите, слично како и во претходните месеци, најзастапени се аналитичко-репортажните прилози и извештаите (двете по 30 или по 33,3 %), кои вкупно опфаќаат две третини од сите прилози. Потоа следат пренесените говори на политичарите (11 или 12,2 %), вестите (5 или 5,6 %), пренесените соопштенија (4 или 4,4 %), интервјуата (4 или 4,4 %) итн. Се појавуваат и прилози кои тешко можат да се сместат во некој од постоечките жанрови, како извадени изјави и дискусии од социјалните мрежи и слично.

Внатрешната политика е областа во која се најприсутни темите поврзани со штетни наративи (60 прилози или 66,7 %). Но, слично како и во јануари, и во февруари се гледа пораст на штетните наративи и во другите области, како економијата и криминалот (по 7 прилози или по 7,8 %), правосудството (5 или 5,6 %), здравството (4 или 4,4 %) и така натаму.

Темите се најразлични, но најчесто се поврзани со изборите, па таков е и наративот, предизборен, со многу напаѓања, меѓусебни обвинувања и навреди. Дури и темите кои навидум не се директно врзани за кампањите и мајските избори, се врамуваат на таков начин и имаат кампањски призвук. Такви се, на пример, внатрепартиските превирања во партијата Алијанса за Албанците (12 прилози), каде раководството во борбата за превласт во партијата неретко употребува јазик полн со навреди и меѓусебни обвинувања без аргументи и докази. Проблемот со издавањето на личните документи и патните исправи (12 прилози) и во февруари е актуелна тема, исто како и Законот за игри на среќа (4 прилози) и двете теми биле искористени во дневно-политички контекст и партиите ги искористиле да заработат некој предизборен поен плус во своите настапи и обраќања.

Но, темата за која многу се зборуваше и може да се анализира како посебна студија на случај е поврзана со изјавата на претседателот на СДСМ и поранешен премиер, Димитар Ковачевски, кој, недозволиво за една јавна личност (а особено не за претседател на една од најголемите политички партии и бивш премиер), ги нападна новинарите и медиумите навредувајќи ги и обвинувајќи ги дека служат на нечии партиски интереси, дека лесно се продале и ставиле во нечија служба:

> *Оттука сакам да им порачам, џабе фатиле страна. Пак ќе квицкаат по некои подруми кога ќе ги стегнат, како кога Андреј Петров ги вадеше од А1 Телевизија тие кои сега пак се ставија во служба на тие кои ги напикаа во подруми во 2010, 2011 година. Тоа ви е кога медиумите ќе се стават во функција на една политичка партија, и после ќе се освестат и касно е. И кај ќе трчаат? Во СДСМ. Зошто? За да им ја врати демократијата, а они самите се продале, они уште сега се продаваат, пошто вика - биткоин се купува кога е најевтин и затоа сега таму се тргнати и ова мора да го кажам, па утре нека се лутат, ќе пушти ЗНМ ќе се јават да се извиниме, ќе се извиниме. (**ТВ Канал 5, 20 февруари 2024**)*

Ваквата изјава, која ја пренесоа и останатите ТВ-станици, која доаѓа од претседателот на една од најголемите политички партии и човек кој до неодамна беше на чело на Владата, претставува сериозен напад кон новинарската слобода и кон професионалните медиуми, што никако не смее да се случува во демократска земја. Оваа изјава предизвика реакција кај медиумските организации[15] и

15 Реакција на Здружението на новинарите на Македонија. Партиските тензии кон новинарите се непотребни и контрапродуктивни – Ковачевски да не бара вина кај новинарите. https://znm.org.mk/%d0%bf%d0%b0%d1%80%d1%82%d0%b8%d1%81%d0%ba%d0%b8%d1%82%d0%b5-%d1%82%d0%b5%d0%bd%d0%b7%d0%b8%d0%b8-%d0%ba%d0%be%d0%bd-%d0%bd%d0%be%d0%b2%d0%b8%d0%bd%d0%b0%d1%80%d0%b8%d1%82%d0%b5-%d1%81%d0%b5-%d0%bd/. Посетено на 21 март, 2024.

кај Агенцијата за аудио- и аудиовизуелни медиумски услуги[16], а следниот ден поранешниот премиер се извини за кажаното.[17]

Одредени општествени случувања или општествени теми биле најчест повод за прилозите опфатени во мониторингот (36 или 40 %), а потоа следуваат актуелните настани (28 или 31,1 %). Ниту во февруари не недостасуваат прилозите кои се направени од псевдонастани (22 или 24,4 %), односно прес-конференции, соопштенија и изјави чиј повод бил само да генерираат медиумско внимание и публицитет, а не некоја актуелна тема. Најмногу МТВ 2 (6 прилога или 60 %), потоа Алсат М (4 прилога или 50 %) и ТВ 21 (4 прилога или 40 %) им дале шанса на политичките партии, преку ваквите псевдонастани, да добијат медиумски простор во централните вести.

## Политичките актери и изворите во анализираните прилози

Веќе во неколку претходни извештаи беше потенцирано дека оценувањето на актерите најчесто не го прават новинарите, туку политичките актери од спротивниот табор, кои преку свои изјави, соопштенија, прес-конференции наоѓаат начин како да му се обратат на својот политички опонент и тоа, очекувано, го прават преку негативни оцени. На пример, партијата ВМРО-ДПМНЕ на ТВ Алсат М е спомната трипати и сите трипати оценета негативно од некој друг политички актер.

Ја издвојуваме изјавата на претставникот на СДСМ и заменик-претседателот на Владата, Фатмир Битиќи, кој оптимизмот на неговата партија на изборите го гледа, како што вели, во фактот дека ВМРО-ДПМНЕ и Левица се против ЕУ-интеграциите:

Затоа што во блокот против европската интеграција се ВМРО и Левица кои отворено велат дека ВМРО нема јасен план за ЕУ-интеграција, додека Левица со нејзините ставови е поблиску до азиските интеграции отколку европските. Сите други се про-ЕУ интеграцијата и тоа нè прави оптимисти. (ТВ Алсат М, 8 февруари, 2024)

Веќе станува очигледно дека нападите на владејачката партија СДСМ се сконцентрирани главно кон наводната анти-ЕУ политика на опозицијата и за тоа повеќе примери има во јануарскиот извештај. Во таа насока е и оваа изјава, во која вицепремиерот во Владата тврди дека опозициските партии ВМРО-ДПМНЕ и Левица се во извесен блок кој е против ЕУ-интеграцијата на земјата, но и дека ВМРО-ДПМНЕ отворено кажала (значи постои јавна изјава) дека нема јасен план за ЕУ-интеграција.

Ова е сериозно обвинување и, иако доаѓа од политички актер во предизборен период, треба да се анализира и дополнително да се истражи од новинарот, чија задача не е само точно и балансирано да ги пренесе сите изјави на политичките актери туку и професионално да ги анализира и дополнително да ги истражи. Во овој конкретен случај, за да се исклучат можностите за дезинформации и манипулации, треба да следи прашање кон вицепремиерот да посочи кога и во која изјава претставник на ВМРО-ДПМНЕ кажал дека нема план за ЕУ-интеграциите.

16 Реакција на Агенцијата за аудио- и аудиовизуелни медиумски услуги. ОСУДА ЗА ИЗЈАВАТА ЗА ЛИДЕРОТ НА СДСМ. https://avmu.mk/2024/02/21/%d0%be%d1%81%d1%83%d0%b4%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-%d0%b8%d0%b7%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-%d0%bb%d0%b8%d0%b4%d0%b5%d1%80%d0%be%d1%82-%d0%bd%d0%b0-%d1%81%d0%b4%d1%81%d0%bc/. Посетено на 21 март, 2024.

17 Ковачевски се извини: Ги прифаќам сите реакции, не сакам да дојде време да се случува она што се случуваше до 2016. Макфакс. https://makfax.com.mk/makedonija/%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D0%B0%D1%87%D0%B5%D0%B2%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D1%81%D0%B5-%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B8%D0%BD%D0%B8-%D0%B3%D0%B8-%D0%BF%D1%80%D0%B8%D1%84%D0%B0%D1%9C%D0%B0%D0%BC-%D1%81%D0%B8%D1%82%D0%B5/. Посетено на 21 март, 2024.

Табела. 30 Вкупен приказ на прв, втор и трет актер според ТВ-канал

| ТВ-канал | Актер | Фреквенција | Начин на претставување | | | Кој и како го претставува актерот | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Новинарот | | | | Некој друг | | | | Самиот/та | | | |
| | | | Цитиран | Парафразиран | Се зборува за него/неа | - | + | -/+ | 0 | - | + | -/+ | 0 | - | + | -/+ | 0 |
| МТВ2 | СДСМ | 2 | 2 | | | | | | 1 | | | | | | | | |
| | ВМРО-ДПМНЕ | 2 | | 1 | 1 | | | | 2 | 1 | | | | | | | |
| | Зијадин Села | 3 | 1 | | 2 | | | | | 1 | 1 | | | | | | |
| | Т. Џафери | 2 | 2 | | | | | | 2 | | | | | | | | |
| Канал 5 | Д. Ковачевски | 2 | 2 | 2 | 1 | | | | | | | | | | | | |
| Сител | ВМРО-ДПМНЕ | 4 | 4 | 1 | 1 | | 1 | | | | 1 | | | 1 | | | |
| | Власта | 4 | 2 | 1 | 4 | 2 | | | | 1 | | | | | | | |
| | ДУИ | 2 | | | 2 | | | | | 1 | | | | | | | |
| | Х. Мицкоски | 2 | 2 | 2 | 1 | | | | | | | | | | | | |
| Алсат М | ДУИ | 4 | | | 4 | 1 | | | | 1 | | | | | | | |
| | ВМРО-ДПМНЕ | 3 | | | 3 | | | | 1 | 3 | | | | | | | |
| | Власт/Влада | 2 | | | 2 | | | | | 1 | | | | | | | |
| | Албанска опозиција | 2 | 1 | 1 | | | | | 1 | | | | | | | | |
| Алфа | Влада/СДС, ДУИ/ Власт | 19 | | | 19 | 11 | | | | 13 | | | 2 | | | | 1 |
| | Х. Мицкоски | 3 | 3 | | | | | | | | | | | | | | 3 |
| | Д. Ковачевски | 8 | 5 | | 7 | 6 | | | | 1 | | | | | | | 5 |
| | ДУИ | 4 | | | 4 | 3 | | | | 2 | | | | | | | |
| | СДСМ | 2 | | | 2 | 2 | | | | 1 | | | | | | | |
| | Т. Џафери | 2 | | | 2 | 2 | | | | | | | | | | | |
| | А. Николовски | 3 | 3 | | | | | | | | | | | | | | 3 |
| | Б. Османи | 2 | | | 2 | 2 | | | | 1 | | | | | | | |
| | О. Спасовски | 2 | 1 | | 2 | 2 | | | | | | | | | | | |
| | ОЈО | 2 | | | 2 | 2 | | | | | | | | | | | 1 |
| | Ф. Битиќи | 2 | 2 | | | 2 | | | | | | | 1 | | | | 2 |
| | Ф. Меџити | 2 | 2 | | 1 | | | 1 | | | | | | | | | 2 |
| | МРТВ | 2 | | | 2 | | 1 | | | 2 | | | | | | | |
| ТВ 21 | Т. Џафери | 3 | 1 | | 2 | | | | 2 | 1 | | | 1 | | | | |
| | А. Адеми | 2 | 2 | | | | | | 2 | | | | | | | | |
| | А. Таравари | 2 | 1 | | 1 | | | | 2 | | | | | | | | |
| | Фракција на З. Села | 2 | 1 | | 1 | | | | 1 | 1 | | | | | | | |
| | Ф. Меџити | 2 | 2 | | | | | | 2 | | | | | | | | |
| | А. Груби | 2 | | | 2 | | | | 1 | 2 | | | | | | | |

Во ретки случаи оценувањето на актерите го прават новинарите и медиумите. Такви примери, како и досега, се среќаваат најмногу кај ТВ Алфа, каде за власта/Владата се зборува во 19 прилози, а новинарот негативно го претставил овој колективен актер 11 пати, додека позитивно ниту еднаш. Карактеристично е дека во ниту еден од овие 19 случаи немаме цитат, дури ни парафразирана изјава од претставник на власта или на Владата. Ако на ова се додаде и претставувањето на претседателот на СДСМ и неодамнешен премиер, Димитар Ковачевски, кој од 8 пати, 6 пати негативно е претставен од новинарот, партијата СДСМ која од 2 пати како актер, во сите е претставена негативно, повторно се изведува истиот заклучок за известувањето на ТВ Алфа, а тоа е дека се одликува со пристрасност и фаворизирање на одредена политичка опција, што е во спротивност со професионалните стандарди и начела. Издвојуваме пример од најавата на водителот во централните вести:

*[...] За што се шегува, а за што е сериозен вицепремиерот Фатмир Битиќи? Додека си туркаат скандалозни закони на брза лента во Собрание, наместо суштинска дебата, власта ја замајува јавноста со шеги кои може да предизвикаат сериозни последици или со инвестиции кои наводно некогаш ќе се случат. [...] Ваквите шегички веројатно се само обид за дефокус зашто додека јавноста се труди да ја открие смислата за хумор на вицепремиерот, во Собранието власта „си ја брка работата“.* (**ТВ Алфа, 8 февруари, 2024**)

Само уште во два медиума гледаме пример кога новинарот го претставувал политичкиот актер (и тоа негативно во сите случаи), во два прилога емитувани на **ТВ Сител** и во еден прилог на **ТВ Алсат М**. Во сите останати случаи, улогата на новинарот била само да ги пренесе изјавите на политичките актери, кои меѓусебно се оценувале, а тој, новинарот, не интервенирал на ниеден начин.

Од табелата број 3 се гледа дека, исто како и досега, медиумите најголем простор им даваат на најголемите политички партии во државата, кои добиваат простор да зборуваат на секоја можна тема, и тоа да го врамат на начин на кој најдобро одговара на нивните предизборни активности.

Сериозните теми, како новиот Закон за игри на среќа и предлогот обложувалниците и казината да се оддалечат од образовните институции, повторно, наместо низ вистинска дебата, се водат преку навреди и политички обвинувања. Па така, претставникот на ДУИ, Арбр Адеми, ја обвинува опозицијата дека го штити интересот на „подземјето“, додека опозицијата смета дека ДУИ е подземјето и ја нарекува „сицилијанска мафија“.

Така политичките актери продолжуваат да собираат предизборни поени и да се сеприсутни во дебатите на сите можни теми, на сметка на вистинските експерти и луѓето кои треба да ја понудат објективната слика за проблемот и да понудат реални, а не политички решенија.

*Чии интереси се штитат преку недонесување на овој закон? Интересот на граѓаните или интересот на подземјето кое се занимава со игри на среќа? Јасно ќе ви биде сè. Некој упорно сака да го штити тој монопол, вели Адеми.* (**ТВ Телма, 28 февруари, 2024**)

Поради превирањата во една помала политичка партија, Алијанса на Албанците, нивните претставници исто така беа доста често присутни во прилозите на ТВ-станиците во февруари, што се гледа и од табелата бр. 3. За жал нивното претставување е во една негативна атмосфера на меѓусебни обвинувања и навреди.

Кога зборуваме за непристрасноста и балансирањето во известувањето, тука работите многу малку се менуваат и во споредба со јануарскиот извештај се бележи речиси идентична ситуација. И во февруари, меѓу анализираните прилози со штетни наративи, доминирале оние со еден извор 37 (41,1 %), а потоа оние со 2 (17 или 18,9 %) и оние со 3 или повеќе извори (31 или 34,4 %). Сè почесто забележуваме прилози во кои нема извори, односно **новинарот е единствен извор**. Сите пет случаи на вакви прилози се забележани кај ТВ Алфа, каде е честа праксата водителот и новинарот да ги анализираат и да ги ко-

ментираат настаните, наместо да ги претстават преку новинарски прилог. Како пример ја издвојуваме шпекулацијата на водителот на вестите на 8 февруари за случувања во здравството:

*Имено, раководители на болници коишто се под партиска директива, односно назначени од СДСМ и од ДУИ, во страв и паника случајно да не бидат разрешени од позициите почнале да си отвораат боледување, со што еве, политиката се одразува, можеме да заклучиме и на здравството.* (**ТВ Алфа, 8 февруари, 2024**)

Табела 31. Дистрибуција на извори за сите ТВ (февруари 2024)




Слична е ситуацијата и кога прилозите се анализираат според бројот на **застапеност на различни страни** кои биле претставени. Па така, повторно се забележува едностраноста во прилозите, односно претставувањето на само една страна (41 прилог или 45,6 %), потоа следат прилозите со две страни (22 или 24,4 %) и прилозите со повеќе страни (22 или 24,4 %). Ова е особено забележливо кај прилозите на **ТВ Алфа**, каде во дури 29 (или 82,9 %) од прилозите гледаме само една страна, односно воопшто не ѝ е овозможена шанса на другата страна да го сподели својот став за одредено прашање. Слично како ТВ Алфа, и прилозите со штетни наративи регистрирани кај ТВ Алсат М исто така најчесто понудиле само една страна (6 или 75 % од прилозите), а само 2 (25 %) имале две страни.

Табела 32. Приказ на застапеност на страната на изворите во прилозите кои имаат штетни наративи во јануари 2024




| | МТВ 1 | ТВ 24 | Телма | Канал 5 | Алсат М | Сител | ТВ 21 | МТВ 2 | Алфа |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Само една страна | 0 | 0 | 0 | 1 | 6 | 1 | 1 | 3 | 29 |
| Две страни | 0 | 1 | 4 | 0 | 2 | 5 | 2 | 2 | 6 |
| Повеќе страни | 2 | 2 | 0 | 3 | 0 | 3 | 7 | 5 | 0 |

## Најчести штетни наративи

Мониторингот на 9-те ТВ-станици во февруари анализираше вкупно 90 прилози кои содржеле штетни наративи. Имајќи предвид дека некои од прилозите содржат по два и повеќе штетни наративи, регистриравме вкупно 143 штетни наративи.

Табела 33. Фреквенција на штетни наративи во јануари 2024




Најбројни меѓу нив се пристрасното селектирање (58 прилози), потоа поткопување на довербата (36 прилози) и нападите на личноста или демонизација (23 прилози). Останатите штетни наративи се присутни во помал број.

Зад овие штетни наративи најчесто стојат искази кои содржат непроверени наоди или наоди што тешко можат да се проверат (38 или 42,2 %), потоа тврдењата за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност, без поткрепа на тие тврдења (32 или 35,6 %) и етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица (22 или 24,2 %).

На 12 февруари, пратеникот на СДСМ од пратеничката говорница ги обвинува ВМРО-ДПМНЕ дека се директно виновни за случувањата во партијата Алијанса за Албанците, без за тоа да понуди никаков доказ или аргумент:

*ВМРО-ДПМНЕ има ставено потпис и печат зад ова што се случува во Алијанса за Албанците.* (**ТВ 21, 12 февруари, 2024**)

Изјавите на ВМРО-ДПМНЕ на оваа тема не се разликуваат многу - тие овојпат се напад кон ДУИ, коалицискиот партнер на СДСМ, но во суштина ги користат истите средства, непроверени наоди и не содржат аргументи кои ќе ги потврдат тврдењата:

*Очигледно ДУИ се однесува како матичар во бракоразводна постапка од кој зависи дали некој ќе биде министер или не. Притоа записничар е СДС кој само за да задржи власт исполнува желби на ДУИ. Во тој контекст ВМРО-ДПМНЕ е воздржано од оваа трагикомедија која единствено говори дека власта се одржува на стаклени нозе и им следува изборен дебакл.* (**ТВ Сител, 8 февруари, 2024**)

Ваквиот начин на напади без никаков обид да се аргументира, метафори кои имаат цел да внесат поголема драматичност и да го засилат ефектот кај гледачот и постојаното пренесување на вината во еден временски контекст - кој прв почна и од кого сѐ започна, е една од спецификите на домашната политичка дебата, која се засилува како што се приближуваат изборите. На тоа се должи и толкавиот број штетни наративи кои зависат токму од непроверени наоди кои не можат да се докажат или тврдењата за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност, без поткрепа на тие тврдења.

Кога се разгорува дебатата, меѓусебните обвинувања почнуваат да стануваат посериозни, а политичките актери немаат никаков проблем да го навредат не само својот политички опонент туку и секого кој е на патот на нивната политичка агенда.

„Неумесен политичар", „премиер кабадаја", „министер за грев", „партија привезок", „слуги", „сицилијански клан" е само мал дел од вокабуларот кој политичките партии го користеле во февруари со цел да ги навредат своите политички опоненти.

*Денеска пратениците на ДУИ и нивните слуги од СДСМ уште повеќе ја отежнаа ситуацијата со пасошите, - изјава на пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ, Драган Ковачки.* (**МТВ 2, 28 февруари, 2024**)

*Кабадаја во Парламентот, кабадаја во Владата, кабадаја во полицијата. Вака се прикажува овој човек каде и да се појави, - изјава на Блерим Сејдиу од БЕСА.* (**ТВ 21, 24 февруари, 2024**)

Табела бр. 34 Однос на медиумите кон штетните наративи

| Индикатор | Број на индикатори | Број на прилози | Бр. На прилози во кои само новинарот го произведува ШН | Бр. На прилози во кои само политичкиот актер произведува ШН | 1. Новинарот го пренесува без каква било интервенција | 2. Новинарот јасно го истакнува, но притоа не зазема страна | 3. Новинарот го пренесува со осуда/критика | 4. Новинарот го пренесува со одобрување | Бр. на прилози во кои и двајцата го поддржуваат | Новинарот го поддржува индикаторот од политич | Новинарот се спротивставува на индикаторот од политич |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МТВ 1 | 2 | 2 | | 2 | 2 | | | | | | |
| МТВ 2 | 12 | 10 | | 12 | 12 | | | | | | |
| Канал 5 | 7 | 4 | | 4 | 4 | | | 3 | 3 | 3 | |
| Сител | 10 | 9 | 2 | 6 | | 7 | | 1 | 2 | 2 | |
| Телма | 7 | 4 | | 7 | 5 | | 2 | | | | |
| Алсат М | 14 | 8 | 1 | 13 | 11 | | | 2 | | | |
| Алфа | 57 | 40 | 28 | 20 | 2 | 1 | 2 | 24 | 9 | 9 | |
| ТВ 21 | 11 | 10 | | 11 | 11 | | | | | | |
| ТВ 24 | 5 | 3 | 0 | 5 | | 3 | | 2 | | | |
| **Вкупно** | **125** | **90** | **31** | **80** | | | | | **14** | **14** | |

На 20 февруари, неколку медиуми ја пренесоа изјавата на пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ, Антонио Милошоски, во која тој чита список на луѓе кои го полагале испитот на Академијата за судии и обвинители, а се на некаков начин поврзани со функционери од СДСМ и ДУИ.

Членовите на поширокиte и на потесните семејства на државни и на партиски функционери не се јавни личности и имаат право да конкурираат на секоја позиција, освен на оние кои во законот се наведени како конфликт на интерес или на непотизам, поради семејните врски. Тоа значи дека откривањето на ваквите информации се смета за злоупотреба на информации од приватен карактер и е конкретно поврзана со штетниот наратив на злонамерни информации. Иако новинарот само ја пренел изјавата на Милошоски, без да интервенира на ниеден начин, а не е директно одговорен за креирање на ваквиот наратив, во вакви специфични случаи, тој е должен да ја заштити приватноста на лицата и да не дозволи нивните имиња да бидат објавени. Наместо да ја пушти интегралната изјава на Милошоски, новинарот требало да ја парафразира и да го извади делот каде се спомнуваат лицата кои го полагаат испитот.

Ваквите осуди без аргументи, кои се потпираат само на слушнати гласови или на претходни искуства, дополнително ја поткопуваат и онака фрагилната доверба во институциите.

Овој извештај посочува уште еден случај каде преку намерно непренесување на целосната слика за „настанот“ или намерно изоставање информации се креира наратив поврзан со пристрасно селектирање или поткопување на довербата. Таков е примерот емитуван на ТВ Сител на 16 февруари:

> *Граѓаните кои останаа заглавени во земјава добија уште една шлаканица од властите. Фотографирани во Скопје и низ државава со месеци чекаат да го добијат пасошот. Но, затоа нашинците во Минхен, кои се фотографирале пред две недели, денеска на рака ги добија готовите документи од министерот Бујар Османи.*
> *(**ТВ Сител, 16 февруари, 2024**)*

Водителот на дневникот во најавата оди предалеку во врамување на изјавата на Османи како „шлаканица“ од властите за граѓаните кои „останаа заглавени во земјава без пасош“. Со ваквиот начин на врамување, водителот сака да наметне теза дека министерот Османи подобро ги третира македонските државјани кои живеат во странство, отколку граѓаните кои живеат во државата, кои се дискриминирани. Но, преку грубата формулација со „шлаканица“, тој и самиот ја поттикнува поделбата, неоправдано имплицирајќи дека македонските државјани кои живеат во земјата имаат право на предност кога државата издава лични документи.

Во најавата се вели и дека „нашинците од Минхен“ се фотографирале „пред две недели“, иако Османи во видеото ги спомнува само 25 и 23 јануари како датуми на кои се фотографирале граѓаните чиишто пасоши се изработени (на денот кога се емитуваат овие вести, од тие датуми се поминати 22, односно 24 дена, што е повеќе од три седмици). Претерувањето со „две недели“ е конзистентно со тонот на целата вест, односно на најавата што му претходи на тонското парче од Османи. Од кусата најава се добива впечаток дека ТВ Сител, со критиката кон Османи, учествува во создавањето поголема конфузија околу темата со пасошите, отворајќи нова конфронтација („домашните“ наспроти „странските“ македонски државјани).

Новинарот овде критиката ја изведува на несоодветен начин, претставувајќи го својот коментар како факт и рамка преку која гледачот треба да ја прими и да ја толкува информацијата. Ваквото врамување е честа пракса во комуникациските стратегии на политичките партии, но кога ќе се појави во информативните програми како производ на уредувачката политика на еден медиум, вредно е да се предочи и да се потсети на професионалните стандарди за објективност и незаземање страна.

Во февруари, слично како и во претходните месеци, штетните наративи најчесто ги произведувале политичките актери, додека новинарите преку своите прилози само ги пренесувале и им овозможиле медиумски простор. Од таквиот концепт се издвојува само ТВ Алфа, каде за креирање на штетниот наратив најчесто бил виновен новинарот (во прилогот или најавата на прилогот). Па така, 28 штетни наративи во централните вести на ТВ Алфа биле произведени само од новинарот, 20 само од политичкиот актер, додека 9 ги произвеле истовремено двајцата, и новинарот и политичкиот актер.

Во една од најавите, водителот на вестите на ТВ Алфа, повикувајќи се на вајбер-порака, која „кружи на интернет", без официјална поткрепа на обвинувањата, без никаков друг доказ, освен вајбер-порака од неименуван извор, обвинува институција за непрофесионално дејствување.

*Во вибер-порака која кружи на интернет, вработен во една институција, задолжен за нови вработувања, известува регуларно избрани луѓе на конкурс – во колку часот треба да се појават таму само за да потпишат договор. А ако не одговорат на порака, тие се пречкртани без објаснување, а на нивно место влегуваат други – за кои не се знае ниту дали ги поминале тестирањата.* (**ТВ Алфа, 20 февруари**)

Покрај ТВ Алфа, во февруари гледаме два случаја и во ТВ Сител каде новинарот бил директно одговорен за креирање на штетните наративи, а во два други случаја тоа го направил заедно со политичкиот актер. Кај Алсат М регистриравме еден случај каде новинарот е директно одговорен за креирање на штетниот наратив, додека кај Канал 5 (3 случаи) и кај ТВ 21 (1 случај) новинарот и политичкиот актер заедно го креирале штетниот наратив.

## МТВ 1

Кај МТВ 1 во февруари забележуваме рекордно низок број прилози кои содржат штетни наративи (2 или само 2,2 % од вкупниот број регистрирани прилози). Во двата случаја, политичкиот актер е оној кој го креирал наративот, додека новинарот само го пренел без интервенција. По декември кога беа регистрирани 10 прилози со штетни наративи и јануари 7, можеме да заклучиме дека забележуваме позитивен тренд и свесност кај новинарскиот тим  на првиот канал на Јавниот сервис, не само да не учествува во креирањето на штетните наративи туку и да ги забележи кога се креираат од политичките актери и да не ги пренесе.

## МТВ 2

Во февруари кај МТВ 2 се регистрирани вкупно 10 прилози кои содржеле штетни наративи. Иако не толку драстично изразен, сепак и во случајот на МТВ 2 бележиме благ пад во однос на декември (17) и јануари (11) прилози.

Најчесто се појавувале прилози кои содржеле пристрасно селектирање (7) и напад на личноста (2), а таквите наративи најчесто биле креирани од политичките актери, додека МТВ 2 им дала простор и ги објавила. Тоа што е карактеристично е дека дури 6 прилози (60 % од вкупниот број) произлегле од псевдонастани.

Го издвојуваме примерот од 8 февруари,  во кој се цитира Наим Бајрами од една од двете фракции во партијата Алијанса на Албанците:

*Им честитам на кумановци за бојкотирањето и дистанцирањето од оваа политички девијантна група.* (**МТВ 2, 8 февруари, 2024**)

Преку таа изјава во јавноста се пренесува порака дека наводно никој не дошол на настанот што го свикал Таравари, иако, според прилозите на другите медиуми, ваквото тврдење не е точно. Во исто време новинарот не ја доведува во прашање ваквата констатација на Бајрами и ја пренесува атмосферата од полупразната сала, за време на неговото јавување во живо. Во меѓувреме, по завршување на јавувањето во живо, делегатите ја полнат салата и настанот се одвива во полна сала.

Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и не смее да прикрива суштински податоци[18]. Доколку информацијата не може да се потврди или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

## ТВ Алфа

Како и во сите претходни месеци, ТВ Алфа емитувала убедливо најмногу прилози со штетни наративи (40 или 44,4 % од вкупниот број прилози).  Ако кај МТВ 2, а особено кај МТВ 1 се забележува намалување на трендот, кај ТВ Алфа нотиран е нагорен тренд (26 прилози во декември и 31 во јануари). Многу голем број од овие штетни наративи ги креирале новинарите/уредниците, кои во најавите на централните вести на пристрасен и необјективен начин ја напаѓаат владејачката коалиција на СДСМ и ДУИ, често употребувајќи и навреди, демонизација, напади за непрофесионалност и корумпираност без аргументи и слично. Дури 28 од штетните наративи во централните вести биле произведени од новинарот/уредникот, а 9 од новинарот и политичкиот актер.

Во најавата од 12 февруари, водителот вели:

*Главни виновници за хаосот со личните документи не е никој друг туку екпремиерот Ковачевски и неговиот министер за внатрешни работи Спасовски.* (**ТВ Алфа, 12 февруари, 2024**)

На ваков начин, водителот во многу од најавите одлучува да му ја спакува на гледачот реалноста во една реченица и ја презема улогата тој да одлучува кој е во право, а кој не, кој ја зборува вистината, а кој лаже. Ваквиот начин на симплифицирање на реалноста не е во склад со професионалните стандарди, а гледачот заслужува да ги слушне информациите од изворите и да ги види сите страни за да донесе информирана одлука. Исто така, професионалното новинарство не е и не смее да биде субјективен коментар на случувањата околу нас, туку објективно и непристрасно истражување на фактите.

Најчести штетни наративи во прилозите на ТВ Алфа се пристрасно селектирање (32 прилози), поткопување на довербата (19), напади на личноста (6) и популизам (6). Карактеристичен случај на пристрасно селектирање е информирањето за редовните активности на членовите на Владата, врз основа на нивната партиската припадност. На пример, во прилогот на 8 февруари се критикува Фатмир Бетиќи дека во улога на заменик-претседател на Владата, во работно време, присуствува на партиски настан заедно со претседателот на СДСМ, Димитар Ковачевски. Новинарот оди и чекор понатаму, односно во потрагата за поголема отчетност на јавните функционери ги пренесува одговорите на новинарските прашања, како на Ковачевски така и на Битиќи. Сепак, во истиот контекст и во истиот месец, медиумот со сосема различен тон информира за дополнителната заменичка за финансии Елена Петрова (назначена од опозициската ВМРО-ДПМНЕ), која на 16 февруари во работно време остварува средба со компании од светиниколскиот крај и упатува партиски пораки:

*Во разговорите со компаниите се усогласивме во однос на новиот концепт на ВМРО-ДПМНЕ за поттикнување на економскиот раст, за мерките за поттикнување на странските инвестиции, но со фер и рамноправни услови за функционирање со домашните компании.* (**ТВ Алфа, 16 февруари, 2024**)

Во овој случај кај медиумот отсуствува поривот за барање отчетност од јавните функционери, како во претходниот случај.

18 Кодекс на новинарите на Македонија: https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/

## ТВ Канал 5

Во февруари се регистрирани само 4 прилози со штетни наративи кај оваа ТВ-станица, што исто така е помалку од јануари кога беа забележани вкупно 10 прилози. Во нотираните содржини забележани се повеќе извори кои се наведени прецизно и само еден прилог е со само една страна, додека сите други имаат три или повеќе страни.

Во мониторираните прилози, најчесто политичките актери се тие кои го креирале штетниот наратив, иако во одредени случаи, како примерот кој го наведуваме и изјавата на политичкиот аналитичар, Ристо Никовски, новинарот требал да реагира и да го осуди ваквиот наратив кој се базира на предрасуди на етничка основа.

*Тој како Албанец мисли дека такво нешто не е во неговиот домен на обврски, а претпоставувам да беше некоја прослава на УЧК ќе беше веројатно таму прв.* (**ТВ Канал 5, 4 февруари, 2024**)

## ТВ 21

При мониторингот во февруари забележани се вкупно 10 прилози со штетни наративи. Најголем број од нив биле поврзани со напади на личноста и демонизација (5), како и со пристрасно селектирање. Во сите случаи политичките актери биле тие кои ги креирале штетните наративи, додека новинарот само ги пренел без каква било интервенција. Се забележува мошне високиот број прилози кои содржат навреди кон политичките опоненти, кај кои иако новинарот не бил тој кој ги создал, требало да биде тој кој нема да ги емитува на начин на кој се искажани. Пример е изјавата на претставникот на политичката коалиција ВРЕДИ, Изет Меџити, кој политичкиот опонент од ДУИ го нарекува „сицилијанска мафија/клан“:

*Итно бараме од сицилијанскиот клан да се откаже од 'масакрирање' на нашиот народ.* (**ТВ 21, 28 февруари, 2024**)

## ТВ Сител

Кај ТВ Сител во февруари се забележани вкупно 9 прилози во кои имало 15 штетни наративи. Најголемиот дел од нив биле поврзани со пристрасно селектирање (8) и поткопување на довербата (5). Речиси сите, освен еден прилог, имале две или повеќе страни, а изворите во сите биле прецизни.

Иако во најголемиот број од овие прилози штетниот наратив го произведуваат политичките актери, се забележуваат и два случаја во кои штетниот наратив го создава новинарот и два каде тој е производ и на новинарот и на политичкиот актер.

Во делот на штетни наративи е посочен примерот во кој новинарот преку врамување на пораката го одредува правецот во кој гледачот треба да размислува или начинот на кој треба да ги разбере случувањата.

Во овој дел е издвоено интервјуто во централните вести емитувани на 12 февруари со техничкиот министер Тошковски околу проблемите со промената на личните документи. Водителката на почетокот на разговорот му се обраќа на Тошковски: *Успеавте со вчерашното алармирање дека ќе има сериозен проблем со возачките дозволи, односно дека нема да важат од утре, односно успеавте да издејствувате денеска да се направат законски измени.* Со ваквиот вовед во интервјуто, Тошковски е претставен како „спасител“ и се креира фаворизирачки тон. За време на разговорот, на екраните во заднина на студиото се прикажани фотографии во форма на колаж од документи, а еден од централните елементи, кој постојано се гледа додека во кадарот е техничкиот министер, е корица од пасош со старото име на државата. Натписот на кој се гледаат големи букви „Република Македонија“ стои покрај главата на Тошковски секојпат кога тој е во кадарот.

Начинот на кој се врамува целата тема и на кој техничкиот министер е претставен како спасител во тешката ситуација не е во склад со стандардите за балансираност и објективност. Но, тука има уште еден интересен момент кој досега не е обработуван, а тоа е визуелизацијата на прилогот или како оптичките елементи се користат во врамувањето на темата. Со поставувањето на делот од фотографијата на која пишува „Република Македонија" веднаш над главата на техничкиот министер, се креира претстава дека тој е Република Македонија, дека насловот е поврзан со него и ставовите на неговата партија. Таа илузија која ја креира сликата (намерно или ненамерно претставена) кај гледачот креира или зацврстува одредени емоции и ставови, иако е тоа направено на имплицитен, не толку забележлив начин.

## ТВ Алсат М

Во февруари кај оваа телевизија се регистрирани 8 прилози, со вкупно 14 различни штетни наративи. Најчесто се јавува штетниот наратив поврзан со поткопување на довербата (6) и тврдењата за странско влијание (2). Половина од овие прилози (4) се креирани од псевдонастани, а најголемиот дел (6 или 75 %) имаат претставено само една страна. Во најголемиот дел од анализираните прилози штетниот наратив го креира политичкиот актер, додека во еден случај тоа е новинарот.

На темата околу Законот за игри на среќа ја издвојуваме изјавата на претставникот на политичката коалиција ВРЕДИ, Изет Меџити, кој во ситуацијата гледа законски измени во корист на Србија и на Русија. На тој начин Меџити не само што го воведува српското и руското влијание во оваа дебата туку ја обвинува ДУИ како партија која работи за нивните интереси.

*Власта дава организирање на игри на среќа на подземјето. Со законот само ќе се затворат некои казина, за да се отвори пат за други казина на српското подземје, што значи да за Русија, преку Србија.*
(**ТВ Алсат М, 28 февруари, 2024**)

## ТВ Телма

Во февруари забележани се 4 прилози со штетни наративи во централните вести на ТВ Телма. Најчесто тоа биле прилози во кои се појавуваат штетни наративи поврзани со пристрасно селектирање (2) и напади на личноста или демонизација (2). Штетниот наратив во сите случаи бил креиран од политичкиот актер, а новинарот само го пренел без интервенција, освен во 2 случаи кога го пренесува со осуда или критика.

Во прилог емитуван на 28 февруари, вицепремиерот во Владата, Фатмир Битиќи, зборува за Законот за стратешки инвестиции и тврди дека мислењата за законот биле објавени на официјалните сајтови навреме и сите рокови се испочитувани:

*Во системот се сите мислења, со датуми многу поодамна. Од Државно правобранителство од 23 јануари. Некои 20-тина дена пред да бидат испратени законите во Собрание. Но некој не сакал да ги види.*

Но новинарот ги проверил информациите и заклучил дека не сите детали се пренесени точно, па тој заклучува: *На сајтот на Собрание стои дека предлог-законите за стратешките проекти се примени на 24 јануари, еден ден по добиеното мислење на Државното правобранителство, но без мислењето на Комисијата за заштита на конкуренцијата. Битиќи располага со други датуми, тврди дека во Собрание биле пратени на 12-ти месецов (февруари).* Ова е еден од примерите за новинарска верификација на изнесените тврдења на политичките актери (**ТВ Телма, 28 февруари, 2024**).

ТВ Телма го пренесе и говорот на пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ, Антонио Милошоски од собраниската говорница, во кој тој ги чита имињата на кандидатите кои ќе полагаат испит во Академијата за судии

и обвинители. Без разлика што дел од нив се во семејни релации со дел од партиски функционери на СДСМ и ДУИ, како и сите други граѓани, имаат право да се пријават за секое работно место, па и за судија или обвинител. Во овој случај, новинарот не требал да ја нарушува приватноста на кандидатите и делот во кој Милошоски ги споменува имињата на овие кандидати требало да го испушти.

## ТВ 24

При мониторингот во февруари, кај ТВ 24 се забележани 3 прилози кои содржеле штетни наративи. Најголемиот дел од нив биле поврзани со напади на личноста и демонизација. Во сите случаи, штетниот наратив е креиран од политичките актери, а новинарите го пренеле јасно истакнувајќи го (3) или со одобрување (2). Ја издвојуваме изјавата на Блерим Сајдиу од БЕСА, кој се исмева со техничкиот премиер и политички опонент Талат Џафери:

*Вие како самопрогласен Ајнштајн, вчера сте направиле законски прекршок, бидејќи сте се појавиле во државните институции без најава.* (**ТВ 24, 24 февруари, 2024**)

## 2.3 РЕЗИМЕ

### Клучни карактеристики за известувањето на онлајн-медиумите во јануари и февруари 2024

Новата 2024 година интернет-медиумите ја започнаа со „бомбардирање“ на јавноста со досега најголем број прилози со штетни наративи креирани, пред сè, од политичките субјекти од сите нивоа на власта. Во осумте денови анализа во **јануари** се утврдени дури **240, а во февруари, во седум дена мониторинг - 211** информативни содржини со штетни наративи. Споредено со претходните извештаи, јануари е „месецот рекордер“: декември – 207, ноември – 215, октомври – 154, септември – 209 прилози.

Во јануари во овие 240 прилози се нотирани дури 330 индикатори (зборови, реченици, пасуси, наслови на прилози, делови од интервјуа). Во јануари фокусот беше на тврдења за корумпираност, нетранспарентност/неотчетност, непрофесионалност, злоупотреба на службена должност без обид за поткрепа на тие тврдења, како и на непроверени наоди (или наоди што тешко можат да се проверат) како основа за обвинување на политички противници, а многу помалку на етикетирање, исмевање и грубо непочитување на други лица (медиумски работници, политички противници, носители на јавни функции...), односно на поткопување на довербата во институциите (114 објави) и пристрасно селектирање (104 објави), а дури потоа на напади на личноста, нејзино демонизирање (55 објави). **Овие наративи најчесто ги пласираа порталите Република и Курир, а зад нив следат А1он и Вечер.**

Контекстуално, а веќе констатирано и во претходните анализи, тоа се прилози со жанровска структура најчесто составена од две „хибридни“ форми, соопштенија (на политичките партии) и говори на политичари (вкупно 192 прилози), со еден извор на информацијата (213 прилози), најчесто прецизен (209 прилози), но прилози во кои доминира еднострано информирање (217 прилози), а покриваат псевдо- и/или актуелен настан (200 прилози), речиси без автор (име и презиме или иницијали на новинарот или 213 прилози) и визуелно поткрепени со архивски и актуелни снимки. Всушност, не станува збор за професионални новинарски стандарди. Во прилозите тематски доминира внатрешната политика (160 прилози) со фокус на формирањето на техничката Влада и претстојните парламентарни и претседателски избори, но и судството и обвинителството, како и промената на личните документи на граѓаните со новото име на државата согласно со Преспанскиот договор.

Останува констатацијата дека **главните креатори на штетните наративи се политичките актери, овојпат, најчесто колективните, а пред сè ВМРО-ДПМНЕ, а потоа, СДСМ, ДУИ и Владата/власта, а од**

**индивидуалните Христијан Мицкоски и Димитар Ковачевски** како најзастапени субјекти во порталите преку партиски соопштенија, изјави, ставови, интервјуа. Интернет-медиумите се отворени за влез на нивните приказни на информативните страници без оглед на понудената реторика и без какви било интервенци (особено кога станува збор за партиски соопштенија), по принципот на „copy-paste" новинарство, ако тоа воопшто е новинарство. Но, неретко, преку методот на преземање делови на текстови или настапи на политичките актери во други медиуми и нивно прекројување во два-три нови прилози, се впуштаат во мултиплицирање токму на штетните наративи. Притоа, парадоксално, темата е внатрешната политика, а информациите што се нудат се два-три кратки пасуси и една фотографија од партиски соопштенија, ставови, изјави, на одредени политички субјекти и ништо повеќе. Како поле за меѓусебен „рамноправен" натпревар на политичките субјекти со штетни наративи, но не е ни тоа.

**Во февруари**, интернет-медиумите продолжија со несмалено темпо да објавуваат прилози со штетни наративи. Мониторингот утврди 211 прилози со вкупно 330 показатели за присуство на штетни наративи (зборови, формулации, реченици) фокусирани на пристрасното селектирање, нападите и демонизирањето на одредена (политичка) личност и поткопувањето на довербата во институциите на државата. Темата доминантно е внатрешната политика, со посебен акцент на преткампањата за претседателските (закажани за 24 април) и парламентарните избори (закажани за 8 мај), предизборните прегрупирања и поделби во албанските политички партии, промената на личните документи на граѓаните со новото име на државата, на економијата, криминалот и корупцијата. Во фокусот беа и медиумите и новинарите, изложени на силни напади, критики од политичарите, а токму тие имаат мошне значајна улога во предизборието.

Овојпат, како генератори на ширење и умножување на најголем број штетни наративи се издвојуваат **Курир, Република и А1он**, наративи кои доминантно ги креираат политичките актери преку соопштенијата на политичките партии и говорите, изјавите на политичарите. Оттука извира, се надополнува и гради не/професионализмот на медиумите со еднострано, некритично информирање, најчестото користење на прецизен, но еден извор на информации, но и 'врамувањето' на прилозите како псевдонастани (од прес-конференции, изјави, ставови на политичките субјекти и партии) планирани за да го привлечат медиумското внимание, во кои речиси задолжително отсуствува авторот на прилозите.

Во градењето на штетните наративи подеднакво учествуваат како индивидуалните така и колективните политички актери. Овојпат на врвот на скалилото се Владата, **ВМРО-ДПМНЕ и нејзиниот претседател Христијан Мицкоски, како и СДСМ и неговиот претседател Димитар Ковачевски,** а далеку зад нив ДУИ и помалите политички партии како Левица, како и партиите од опозицискиот блок на Албанците. Порталите најчесто директно го преземаат и го објавуваат она што им се „нуди", а особено кога се работи за соопштенијата на политичките партии, додека исказите, ставовите, изјавите на политичарите преземени од нивните јавни настапи (на прес-конфереции, интервјуа, дебатни емисии, дебати во Собранието) ги кројат и прекројуваат, односно од нив издвојуваат едно/повеќе прашања/проблеми и ги пласираат на читање на јавноста, вообичаено користејќи цитирање или парафразирање на нивните зборови. На тој начин, правејќи избор што од кого, од кој политички субјект ќе преземат, директно/индиректно и самите учествуваат во создавањето штетни наративи.

Во целина, сликата е иста, исти се актерите, исти се темите, исти се насловите и текстовите, но со забележителна манипулативна визуелизација, иста и речиси со месеци е непроменета реториката со веќе апсолвирани негативни зборови, споредби, метафори, етикети, упатени кон политичките противници, институциите, власта. Единствено како да се 'искристализирани' два/три најчесто експлоатирани штетни наративи, обвинувањата на политичките противници без проверени наоди, етикетирањето, исмевањето, нападите и грубото непочитување на други лица и поткопувањето на довербата во институциите на државата. Но, во тој и таков 'непомирлив' натпревар на политичките субјекти кој е подобар, а кој полош, 'заложник' се не само медиумите туку, пред сè, граѓаните.

## Клучни карактеристики за известувањето на ТВ-станиците во јануари и февруари 2024

Во известувањето на ТВ-станиците во првите два месеца од 2024 година се забележува раст кај прилозите со штетни наративи. Во споредба со претходинте месеци (септември – 76, октомври – 66, ноември - 69, декември - 87), во јануари и февруари нотиравме 96, односно 90 прилози со штетни наративи или во просек 12 прилози дневно во јануари и речиси 13 прилози во февруари. Слично како и во претходните месеци, во прилозите со штетни наративи главни актери биле најчесто најголемите политички партии во државата или нивните официјални претставници, додека областите и темите кои најчесто се појавуваат, слично како и во претходните анализи, се поврзани со внатрешната политика и меѓусебните партиски обвинувања на теми кои се актуелни во моментот.

Анализата во јануари и февруари забележа и позитивни работи кои треба да бидат издвоени и потенцирани. Една од нив е дека во сите анализирани прилози ниту еднаш не е забележан говор со којшто се навредува одредена група или, пак, се оправдува говор на омраза кон одредена група, врз основа на национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група итн.

Во земјите во кои постојат најразлични поделби, вклучително и поделби на етничка и религиозна основа, штетните наративи како говор на омраза или навреди врз основа на другоста можат дополнително да ја зголемат поларизираноста, да влијаат на довербата, па дури и да предизвикаат различни конфликти. Фактот дека политичките актери и медиумите не користат ваков тип штетни наративи и тоа не е дел од нивните наративи, особено во предизборен период, е мошне позитивен и охрабрувачки знак.

**Според мониторингот во јануари**, пристрасното селектирање (со 72 забележани случаи) и поткопувањето на довербата во институциите (49) се најчестите штетни наративи кои ги среќаваме во информативните емисии во јануари. За тоа најчесто биле одговорни политичките актери, а понекогаш и новинарите. Мониторираните актери тоа го прават без обид да ги поткрепат сопствените тврдења, обвинувале за корумпираност, неотчетност, непрофесионалност или злоупотреба на службената должност. Исто така, доста е висок бројот на прилози кои содржеле навреди и напади на личноста или демонизација (21), при што политичките противници се нарекуваат со погрдни имиња или се навредуваат. Давањето простор на вакви наративи негативно влијае на политичката дебата во земјава која сè повеќе, наместо на аргументи, се сведува на навреди.

Анализата покажа дека штетните наративи најчесто се создаваат во кујните на политичките партии, додека медиумите само им овозможуваат простор во своите информативни емисии, пасивно пренесувајќи ги и на тој начин овозможувајќи да стигнат до што повеќе граѓани.

Како што повеќепати беше констатирано во претходните извештаи, улогата на новинарот не е само да ги пренесува изјавите на политичките актери, туку треба да внимава да понуди балансиран пристап. Главната должност на новинарот, како што посочува и првата точка од Глобалната повелба за етика на новинарите на Меѓународната федерација на новинари, е да ги „почитува фактите и правото на јавноста да ја дознае вистината“[19].Во тој процес, како што наведува и воведот на оваа Повелба, одговорноста која ја има новинарот кон јавноста е многу поголема од одговорноста кон властите или работодавците.

19 Global Charter of Ethics for Journalists, IFJ, посетено на 18 февруари 2024, https://www.ifj.org/fileadmin/user_upload/Global_Charter_of_Ethics_EN.pdf

Од друга страна, кај една телевизија (ТВ Алфа), од почетокот на мониторингот, гледаме чести случаи каде новинарот во самиот прилог или во најавата е директно одговорен за креирањето на штетниот наратив. Притоа новинарот вешто манипулира со перцепциите на гледачите, пласирајќи ставови кои се блиски до публиката и ги зацврстува нивните веќе изградени гледишта или верувања. Со изразите „сите знаеме", „сите сме сведоци на" итн. се креира слика дека ваквите ставови се потврдени и општо прифатени. Во таквите случаи, кога ставовите на новинарот се поклопуваат со оние на гледачот, вториот добива поткрепа за своите гледишта и не бара дополнителни аргументи, нема критички пристап и не бара објективно и балансирано новинарство. Таков пример е и најавата во вестите на ТВ Алфа, кога новинарот објаснува која партија работи добро, а која не, без разлика што на тоа имаат тие да кажат.

*Власта се обидува да ги компромитира локалните власти од ВМРО-ДПМНЕ и да ги обвинува за недомаќинско работење, а всушност состојбата на терен и фактите кај дел од нив го покажуваат спротивното.* (**ТВ Алфа, 15 јануари, 2024**)

Во прилозите со штетен наратив, најчесто гледаме еднострaност или во речиси половина од нив (41 или 48,8 %) е претставена само едната страна која напаѓа, обвинува без аргументи или навредува, а другата страна воопшто не добила шанса да одговори на ваквиот наратив. Ваквите прилози се дополнително проблематични и придонесуваат за зацврстување на штетниот наратив, на кој нема кој да му се спротивстави.

Наративите кои ги анализираме во овие месеци, креирани од политичките актери, но и од новинарите, сè повеќе наликуваат на фиктивни приказни кои се вообичаени за романите или за филмовите. Во заплетот на нашите локални социополитички приказни исто така гледаме бинарни наративи на „добри момци" и „лоши момци", а како што вели Меклафлин, граѓаните одеднаш се наоаѓаат себеси во средиштето на оваа политичка драма, во која сепак улогата на главен спасител ја има политичкиот актер.[20]

Ваквата драма, полна со конфликти и неизвесност, со борба на „доброто" против „злото", особено во период на избори, многу повеќе ја привлекува и возбудува јавноста, отколку суштинската дискусија за политички прашања и политики[21]. Медиумите не смеат да дозволат нивните информативни и дебатни емисии да наликуваат на реални шоуа од типот на „Големиот брат", во кој политичките актери без пардон ќе се навредуваат и ќе се обвинуваат без никакви аргументи, колку и да е тоа привлечно за одреден дел од публиката.

Слободата на говор е сечие право, вклучително и на политичарите и на јавните личности, а новинарот треба да обезбеди нивен пристап до медиумскиот простор. Но, ваквото право во ниеден случај не смее да значи слободна дозвола за лажење, за непоткрепени обвинувања и злонамерни озборувања, навреда и етикетирање, поттикнување на поделби или насилство врз која било група.

Ако веќе политичките актери заборавиле на принципите на коректна и пристојна политичка комуникација, доброто новинарство треба да интервенира.

**Во февруари**, повторно најголемиот број прилози се забележани кај ТВ Алфа (40 или 44,4 % од вкупниот број прилози), што е речиси половината од прилозите кои сме ги регистрирале во февруари.

20 McLaughlin, Bryan, and John A. Velez. "Imagined Politics: How Different Media Platforms Transport Citizens Into Political Narratives." Social Science Computer Review, vol. 37, no. 1, 2019, pp. 22-37. DOI: 10.1177/0894439317746327.

21 McLaughlin, Bryan, and John A. Velez. "Imagined Politics: How Different Media Platforms Transport Citizens Into Political Narratives." Social Science Computer Review, vol. 37, no. 1, 2019, pp. 22-37. DOI: 10.1177/0894439317746327.

Освен големиот број прилози со штетни наративи, ТВ Алфа е специфична и поради фактот дека најголемиот број од штетните наративи (28) се креирани од новинарите/уредниците или истовремено и од новинарите и од политичките актери (9).

Слично како и во претходните извештаи, и во месец февруари констатиравме дека главните политички партии добиваат непропорцианално голем простор, на сметка на сите останати. Тоа што е впечатливо е дека политичките актери од СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ зборуваат на секоја општествена тема, врамувајќи ја во предизборна амбалажа и обидувајќи се да добијат некој поен повеќе кај гласачкото тело. Тоа, неретко, го прават преку најразлични штетни наративи кои вклучуваат поткопување на довербата во институциите, пристрасно селектирање на информациите, дезинформации, навреди и демонизација.

Ова не е нов феномен и е нотиран речиси во сите претходни извештаи на ОБСЕ/ОДИХР кои ги следеле изборите и предизборните кампањи. Во Извештајот од последните парламентарни избори одржани во 2020 година стои: *Приватните медиуми во најголем дел се фокусираа на главните политички партии и, во помала мера, на помалите парламентарни партии, додека видливоста на вонпарламентарните партии беше многу мала.*[22]

Во неколку прилози кои ги посочивме во овој извештај, беше очигледно дека политичкиот актер, но често и новинарот, намерно не ја пренеле целосната слика за „настанот" и намерно изоставиле информации што ја побиваат нивната позиција. Исто така, во неколку примери се покажа дека и визуелизацијата, односно вклопувањето на визуелните елементи во дискурсот може да влијаат врз креирање на извесна перцепција, но и на штетни наративи. Тука ќе го додадеме и елементот на врамување на извесни теми (како на пример темата за патните исправи) на начин на кој таа станува тема за политичка пресметка и стекнување предизборни поени.

Сепак, месец февруари го одбележа изјавата на претседателот на СДСМ и поранешен премиер Димитар Ковачевски, кој говорејќи на прес-конференција ги навреди и обвини медиумите за ставање во функција на една политичка партија, за потоа, како што вели, повторно да се вратат кон СДСМ за да им ја врати слободата која самите си ја продале. Иако доаѓа во предизборен период, ваквата изјава не е очекувана, особено ако се земат предвид меѓународните извештаи кои ја оценуваат слободата на медиумите и кои во последните години ситуацијата во медиумската сфера во државава ја оценуваат позитивно и во нагорна линија.

Во извештајот на Мисијата за проценка на состојбата со слободата на медиумите што го издаде Меѓународниот прес-институт и Здружението на новинарите на Македонија[23], меѓу другото се забележува дека *во последниве години е забележан развој на култура на осуда на нападите врз новинарите од страна на владините функционери, што општо се смета за фактор што помага да се обесхрабрат можните идни напади.* Исто така, во Извештајот се наведува дека на средбите со претседателот Стево Пендаровски и премиерот Димитар Ковачевски било потенцирано дека тие се подготвени да разговараат за сите предизвици поврзани со слободата на медиумите и независното новинарство, а претседателот јасно ја нагласил неговата подготвеност да биде *сојузник и бранител на новинарите во нивната мисија да ја донесат вистината до граѓаните и да ја промовираат слободата на говорот.*[24]

22 Предвремените парламентарни избори, 15 јули 2020 - Специјална мисија на ОДИХР за оценка на избори, Конечен извештај. https://www.osce.org/files/f/documents/0/a/471672.pdf. Посетено на 18 март, 2024.

23 Извештај: Слободата на медиумите во Северна Македонија: напредок на стаклени нозе. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/11/%D0%9C%D0%9A-Fact-Finding-PFM-Report-251023-web-final.pdf . Посетено на 18 март, 2024.

24 Извештај: Слободата на медиумите во Северна Македонија: напредок на стаклени нозе. https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/11/%D0%9C%D0%9A-Fact-Finding-PFM-Report-251023-web-final.pdf. Посетено на 18 март, 2024.

Случајот со нападот врз независноста на медиумите и новинарите кој доаѓа од претседателот на партијата на власт потсетува на некои поинакви времиња кога вaквите случаи беа чести.

Вербалните напади и навреди на јавните функционери врз новинарите, за жал, се сè почести и стануваат сè позагрижувачка тема, не само во Македонија и регионот туку во целиот свет. Последниот извештај на Репортери без граници за слободата на медиумите во светот за 2023 година ја нагласува зголемената агресивност на властите во многу земји врз новинарите и на социјалните мрежи, но и во реалноста[25].

Експертите наброjуваат неколку различни причини, кои се клучни политичарите и функционерите да се осмелат да ја злоупотребат својата моќ и јавно да ги напаѓаат и да ги омаловажуваат медиумските професионалци. Една од тие причини е појавата и популарноста на популистичките светски лидери кои со голема леснотија во последните години ја погазуваат слободата на медиумите и на јавна сцена се пресметуваат со новинарите, употребувајќи зборови кои во минатото многу ретко можеа да се слушнат во јавниот дискурс. Успехот на овој политички модел кој поминува неказнет, а во исто време носи и поени кај дел од јавноста која ваквиот наратив го одобрува, е причината зошто многу политичари и функционери почнаа да го користат и во регионот на Западен Балкан.

*Границата е помината кога шефови на држави ќе изречат низа вербални навреди на сметка на медиумските професионалци само затоа што си ја работат својата работа,* вели генералниот секретар на Репортери без граници, Кристоф Делор. *Како новинарите може нормално да функционираат, ако на чело на државата која треба да им гарантира безбедност, е личност која ги омаловажува, малтретира и им се закaнува, отворајќи пат за напади врз медиумите кои поминуваат неказнето,* вели Делор.[26]

Потпретседателката на Фондацијата за слобода на медиумите, Кирстин Меккаден, една од причините за појавата на ваквите вербални напади врз новинарите од страна на политичарите ја поврзува и со културата на „сè е дозволено" на социјалните мрежи, во која без никаква одговорност и казнивост се употребува говор на омраза, навреди, клевети и сл.[27] Според неа, ваквата комуникација со гласачите и употреба на крајно популистички дискурс без огради на социјалните мрежи сега го гледаме и во јавните обраќања. Тоа го покажува и нашиот мониторинг на веб-страниците и социјалните профили на политичките партии, каде констатираме големо количество штетни наративи, навреди, обвинувања, демонизација на политичките противници, но и на сите кои не се дел од таборот и имаат поинакви ставови и гледишта.

За жал, нападите врз новинарите се јавуваат и во период кога довербата во медиумите опаѓа, па така дел од политичарите сметаат дека кај јавноста ќе добијат политички поени, доколку директно ги нападнат медиумските професионалци.

И наместо да бидат дел од процес во кој заеднички ќе придонесуваат за зголемување на довербата на граѓаните во институциите, вклучувајќи ја тука и довербата во новинарството и медиумите, политичарите во Македонија константно ја поткопуваат довербата во овие институции преку својата работа и јавно искажан збор. Во прилог на оваа теза е и фактот дека во февруари, 40 % или вкупно 36 од реги-

25 2023 World Press Freedom Index – journalism threatened by fake content industry, https://rsf.org/en/2023-world-press-freedom-index-journalism-threatened-fake-content-industry?year=2023&data_type=general Посетено на 18 март, 2024.

26 Извештај на Репортери без граници, Leaders who publicly threaten journalists, официјална страница на УНХЦР, https://webarchive.archive.unhcr.org/20230518210402/https://www.refworld.org/docid/55af45a640a.html посетено на 18 март, 2024.

27 Izadi, E. And Farhi, P. (2022). How it became normal for public officials to attack journalists. Washington Post. https://www.washingtonpost.com/media/2022/04/28/villanueva-los-angeles-sheriff-politicians-attack-journalists/. Посетено на 18 март, 2024.

стрираните штетни наративи во централните вести на телевизиите биле наративите со кои се поткопува довербата во институциите.

Конечно, во изградбата на довербата (во медиумите и во институциите) клучна улога имаат и самите медиуми, кои не смеат да бидат само платформа на која политичарите во секое време слободно ќе ги протнуваат своите штетни наративи, напади без аргументи, дезинформации и навреди, туку ќе се спротивстават на ваквите наративи, ќе ги забележат и ќе ги осудат.

Институт за комуникациски студии

НЕ ВЕРУВАЈ ПРОВЕРУВАЈ! #користифакти

www.iks.edu.mk
info@iks.edu.mk

British Embassy Skopje

UKaid from the British people

Ова истражување е спроведено во рамки на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

**Двомесечен извештај**
**(јануари - февруари 2024)**

Институт за комуникациски студии

ШТЕТ-НА

НЕ ВЕРУВАЈ
ПРОВЕРУВАЈ!
#користифакти